Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со член 16 став (4) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 276/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 јануари 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година**

Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година е согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024 - 2028 година, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/08, 58/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 223/19), Упатството за начинот за постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/19) и Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 256/23 и 177/24).
Програмата за 2025 година е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2024 - 2028 година на Владата на Република Северна Македонија содржани во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024 - 2028 година:

- Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото
- Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого
- Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност
- Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

- Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици
- Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем
- Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени
- Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

Програмата за работа на Владата за 2025 година содржи конкретни политики во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели, како и мерки и активности за кои Владата ќе расправа / одлучува или ќе се информира.
При подготовката на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година особено беше земен во предвид стратешкиот приоритет на Владата „Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности“, со што се изразува посветеноста на Владата за реално имплементирање на придобивките од Охридскиот рамковен договор, во духот на меѓусебното разбирање и соживот.
Ова во пракса значи правична и адекватна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната управа и нивен реален придонес кон поефикасна реализација на Програмата за работа на Владата за 2025 година.

Содржината на Програмата е поделена по тематски подрачја и по месечна динамика за секој приоритет и ниво поодделно:

1) Акти и материјали по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија

2) Акти и материјали по кои одлучува Владата на Република Северна Македонија

А) Подзаконски акти

Б) Материјали

# I ДЕЛ
## Акти и материјали по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија

### Јануари

**Иницијатива со висок приоритет**

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

**Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси**

Образложение: Основните решенија кои се предлагаат се насочени кон надминување на утврдените слабости во текстот на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: недостатокот од доволно јасни одредби со кои се утврдуваат постапки од надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата и актите кои ги донесува; ограничениот опфат на лица чија имотна состојба може да биде предмет на испитување; недоволна разновидност на мерките кои можат да се изречат за прекршување на одредбите од Законот; нејасност на одредени одредби, вклучително и недоволно утврдено значење на поимите. Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија Хоризонтално поврзана Под-област: 5/5/3 борба против корупција.

НПАА-поглавје: 3.23 Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 3.23.2 Борба против корупција
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0100.8168

Очекувани влијанија: Зголемена ефикасност во поставувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата и унапредување на механизмите за одговорност и заострени мерки и санкции, со цел одвраќање од прекршување на одредбите од Законот за спрелување на корупцијата и судирот на интереси.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за правда

Предлог - закон за изменување и дополнување на Закон за јавна чистота

Образложение: Во постојното законско решение постојат нејаснотии во делот на прекршочната постапка. Не постојат доволно одредби кои се однесуваат на вршењето на општокорисна работа како замена за глоба која согласно Законот за прекршоците ја изрекува надлежниот суд по поднесеното барање за поведување на прекршочна постапка. Не постои одредба за распределување на средствата од глоби изречени во прекршочна постапка посебно како приход на општините и посебно како приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Подобро законско решение со кое ќе се разрешат на најприфатлив начин слабостите и недостатоците во постојните одредби во законот со дополнување и појаснување на прекршочната постапка, а воедно во целост ќе се изврши и усогласување со Законот за прекршоците од оваа област.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - закон за енергетика (*)

Образложение: Преку усогласувањето со законодавниот Пакет на ЕУ за чиста енергија со транспонирањето на одредбите од регулативите и директивите на ЕУ, во Законот за енергетика ќе се даде правен основ за поблиско уредување на прашањата поврзани со функционирањето на внатрешниот пазар на електрична енергија, управување со загушувањата и распределбата на преносните капацитети, балансирањето на електроенергетските системи, подготовката за справување со ризици во снабдувањето со електрична енергија и гас и други прашања коишто се однесуваат

на внатрешниот пазар на електрична енергија и гас на Европската Унија. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Чекор (22), Реформа 2.1.1.1.

НПАА-поглавје: 3.15: Енергетика
НПАА-подрачје: 3.15.1 Пазар на електрична енергија
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0400.7894

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Непречено и активно вклучување на енергетските системи и пазари на електрична енергија и гас да станат составен дел на регионалните пазари и со тоа и на внатрешните пазари на Европската Унија за електрична енергија и гас. Во оваа смисла се востановуваат нови права, обврски и одговорности за надлежните државни органи, операторите на системите за пренос, како и за операторите на пазарите на електрична енергија и гас не само во однос на примената, туку во во однос на активната вклученост во донесувањето на заеднички правила со коишто се уредуваат сите аспекти на функционирањето на регионалните пазари на енергија и создавање на пан-европски пазар. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

Предлог - закон за обновливи извори на енергија (*)

Образложение: Во Предлог - законот за обновливи извори на енергија се транспонираат поголем дел од барањата од Директива 2018/2001 за обновливите извори на енергија како и други прашања од национално значење и тоа: - надлежностите на органите и операторот на пазарот на електрична енергија и политиките во областа на обновливите извори на енергија; - националните задолжителни цели на учеството на обновливите извори на енергија во бруто финалната потрошувачка на енергија на Република Северна Македонија; - правата и обврските на производителите на енергија од обновливи извори; - мерките за поддршка на инвестициите и производството на енергија од обновливи извори; - гаранциите за потекло на енергија од обновливи извори; - условите за стекнување статус потрошувач-производител при производство на електрична енергија од обновливи извори и неговите права; - прекуграничните механизми

| | |
|---|---|
| | за производство и користење електрична енергија од обновливи извори. ВРСКА Реформска агенда, обновливи извори. |

НПАА-поглавје: 3.15 Енергетика
НПАА-подрачје: 3.15.3 Обновливи извори на енергија
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0400.8359

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Намалување на употребата на фосилни горива и емисиите на стакленички гасови и зголемување на искористеноста на обновливите извори на енергија заради заштита на животната средина и ублажување на климатските промени; - развој на претприемништвото и создавање нови работни места поврзани со добивање на енергија од обновливи извори; - долгорочно намалување на зависноста од увоз на енергија; - ефикасно користење на мерките на поддршка за инвестиции за добивање на енергија од обновливи извори на транспарентен, недискриминаторен, конкурентен и економичен начин со согласност со стратешко-планските документи во областа; - поттикнување на развојот и користењето на нови и иновативни технологии и - поттикнување на потрошувачите за поголемо користење на енергија од обновливи извори, како и за производство на енергија од обновливи извори за сопствени потреби. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

## Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за општа безбедност на производите

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во однос на надлежностите на Министерството за економија и труд утврдени во член 10 со кој се менува членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), потребно е усогласување на овие одредби со одредбите на постојните закони со кои се уредува оваа област. Од овие причини и заради доследност и усогласување на посебните закони со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за економија и труд го предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за општа безбедност на производите. |

НПАА-поглавје: НПАА 3.28 – Поглавје Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: Заштита на потрошувачите
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Владата на Република Северна Македонија да го донесе Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за општа безбедност на производите. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за економија и труд |

| Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите | |
|---|---|
| Образложение: | Во однос на надлежностите на Министерството за економија и труд утврдени во член 10 со кој се менува членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), потребно е усогласување на овие одредби со одредбите на постојните закони со кои се уредува оваа област. Од овие причини и заради доследност и усогласување на посебните закони со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за економија и труд го предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите. |

НПАА-поглавје: НПАА 3.28 – Поглавје Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: Заштита на потрошувачите
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Владата на Република Северна Македонија да го донесе Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за економија и труд |

## Предлог - закон за стручно усовршување и обука на административни службеници

Образложение: Со овој Закон се уредува работењето стручното усовршување и обука на административните службеници. Едновремено, со овој Закон ќе се формира орган за обука на административни службеници, неговиот статус, дејност, органите на управувањето, финансирањето, стручното усовршување и обуките на административните службеници како и други прашања. Целта на Законот е обезбедување на квалитетно, професионално, непристрасно, ефективно и ефикасно работење на државните службеници вработени во органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон преку нивно постојано стручно усовршување и обучување.Реформската агенда 2024 -2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија, Реформа 1.2.2 , чекор 17.

НПАА-поглавје: 1.2 Реформа на јавната администрација
НПАА-подрачје: 1.2.1 Реорганизација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2023.0007.8351

Очекувани влијанија: Воспоставување на орган за јакнење, надградба и развој на професионалните знаења и вештини во државната служба. Зголемена ефикасност и ефективност во државната служба и зголемен квалитет на услугите.

Фискални импликации: Има: 239,039,400 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за јавна администрација

## Предлог - закон за административни службеници (ЗАС)

Образложение: Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација и недостатоци од практичната примена на одредбите од законот за административни службеници, Министерството за јавна администрација ќе пристапи кон измена на постојната регулатива со преземање на мерки насочени кон намалување на ризиците од партизација на администрацијата, преку унапредување на

постапките за селекција, јасно дефинирани услови за вработување и унапредување, зајакнување на капацитетите на комисиите за селекција, подобрување на системот за оценување, стручното усовршување на административните службеници, единствено и квалитетно управување со човечките ресурси. Со оглед на обемноста на измената на овој закон, министерството ќе пристапи кон донесување на нов Закон за административни службеници. Реформската агенда 2024 -2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија, во чекор 17 , Реформа 1.2.2.

НПАА-поглавје: Политички критериуми
НПАА-подрачје: Реформа на јавна администрација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0007.7741

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Намалување на ризиците од политизација преку воведување на јасни критериуми во постапките за селекција и вработување и унапредување на процесот на оценување. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за јавна администрација |

Предлог - закон за вработените во јавниот сектор (ЗВЈС)

| | |
|---|---|
| Образложение: | Законот за вработените во јавниот сектор од неговото донесување до денес претрпе неколку измени. Како резултат/последица на сите проблеми со кои се соочуваа институции кои го спроведуваа законот, а се со цел на подобрување на имплементацијата на самиот закон, се носеа законски измени и дополнувања. И покрај тоа многу од одредбите кои ги регулира овој закон останаа неприменливи. Потребата од целосна ревизија на овој закон е неминовна токму поради големиот број на измени и сеуште неприменливи одредби кои сами по себе ја направија неговата примена сложена и не ефективна. Реформската агенда 2024 -2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија,Чекор (17), Реформа 1.2.2. |

НПАА-поглавје: I Политички критериуми
НПАА-подрачје: 1.2 Реформа на јавна администрација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: 2019.0007.7743

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на ефикасноста и ефективноста во управувањето со човечките ресурси, дорегулирање на постапката за вработување, ревидиран опфатот на законот, поедноставување на постапката за донесување на актите за внатрешна организација и актите за систематизација на работни места, воведување на унапреден концепт за донесување на годишниот план за вработување, дорегулирање на постапките на мобилност и разграничување на надзорот над примената на одредбите од овој закон. Усогласен со европските принципи, стандарди и препораки. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за јавна администрација

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог - закон за изменување и дополнување на Закон за комуналните дејности

Образложение: Не се дефинирани и регулирани сите комунални дејности. Не е извршено во целост законско усогласување каде наместо мандатна постапка, треба да стои прекршочна постапка.

НПАА-поглавје: 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобро законско решение со кое ќе се разрешат на најприфатлив начин слабостите и недостатоците во постојните одредби во законот со дополнување на нови комунални дејности, а воедно ќе се изврши и усогласување на законската терминологија со Законот за прекршоците од оваа област. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

Предлог - закон за градење

Образложение: Усогласување на Законот за градење со Законот за урбанистичко планирање. Реформска Агенда, чекор (32), Реформа 2.1.3.1.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.15 Енергетика; 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: Подрачје 3.15.4 Енергетска ефикасност
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Усогласување на Законот за градење со Законот за урбанистичко планирање.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

Февруари

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви

Образложение: Изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви со цел да се овозможи поефикасен и поекономичен начин на управување со стоковните резерви, односно ќе се утврди начинот на набавка на стоки за стоковните резерви за да може да се купуваат домашни производи и ќе се смени начинот на продажба со што ќе се ограничат загубите при продажба на стоки од стоковните резерви.

НПАА-поглавје: 3.01: Слободно движење на стоки
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Поефикасно и поекономично управување со стоковните резерви.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Март

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог-закон за платите на судиите

Образложение: Оваа активност е предвидена во Планот за раст. Реформска Агенда, чекор (113) Реформа 5.2.1.

НПАА-поглавје: 3.23: Правосудство и фундаментални права
Подобласт 5.2. Независност, квалитет и интегритет на судството
НПАА-подрачје: 3.23.1 Правосудство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0100.7904

Очекувани влијанија: Зајакнување на независноста на судиите.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за правда

Предлог-закон за управување со движењето на предметите во судовите

Образложение: Со законот се предвидува редовно објавување на правосилните одлуки на веб-страницата на судовите. Оваа активност е предвидена во Развојната секторска стратегија за правосудство со Акциски план 2024-2028 година. Реформска агенда Реформа 5.4.1 чекор (121, 122).

НПАА-поглавје: 3.23 Правосудство и фундаментални права
Подобласт 5.4. Ефикасност на судството
НПАА-подрачје: 3.23.1 Правосудство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8393

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зајакнување на законските гаранции за независно и самостојно располагање со судскиот буџет, утврден во согласност со бруто домашниот производ. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

| | |
|---|---|
| Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја | |
| Образложение: | При примена на одредбата за конфискација во постојниот Закон за меѓународна соработка во кривичната материја, како и при евалуација од Конференцијата на државите-членки на Варшавската конвенција произлезе дека одредбата не само што не е усогласена со погоренаведените меѓународни инструменти, туку и во пракса прави проблем при реална работа на конкретни предмети. Затоа, како приоритет се зема уредување на Законот во делот на конфискација. Овие измени се во соработка со следните институции: Јавно обвинителство на Република Северна Македонија - Канцеларија за поврат на имот, Кабинет на заменик-претседател на Влада задолжен за политики на добро владеење, Секретаријат за законодавство, ДКСК, Државно правобранителство, Агенција за управување со одземен имот, Врховен суд на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, Министерство за финасии. |

НПАА-поглавје: 3.23 Првосудство и темелни права
НПАА-подрачје: 3.23.1. Функционирање на правосудството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: Усогласување со Рамковната одлука 783/2006/ЈНА на Советот од 06.10.2006 година за примена на принципот за взаемно признавање на наредбите за конфискација
ЕПП: 2024.0100.8379

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Надминување на детектираните проблеми во однос на конфискацијата со меѓународен елемент. |

Фискални импликации: Има: 1,240,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

**Предлог-закон за Судски буџет**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Обезбедување на износ од најмалку 0.8% од бруто домашниот производ, со цел да се распредели во делот судска власт во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, без можност во случај на ребаланс на Буџетот да се намалуваат средствата наменети за финансирање на судската власт и обезбедување на посебен висок коефициент за информатичарите во правосудството, со цел да се овозможи фунционалност на судовите, дигитализација и функционалност на АКМИС системот. Оваа активност е предвидена во Развојната секторска стратегија за правосудство со Акциски план 2024 -2028 година. Реформа 5.2.1 чекор 115. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.23: Правосудство и темелни права
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Подобласт 5.2. Независност, квалитет и интегритет на судството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0100.8177

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зајакнување на законските гаранции за независно и самостојно располагање со судскиот буџет, утврден во согласност со бруто домашниот производ. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

**Предлог - закон за јавнообвинителска служба**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со законот ќе се изврши подобрување на статусот на јавнообвинителската служба. Воедно, оваа активност е предвидена во Развојната секторска стратегија за правосудство со Акциски план 2024 -2028 година.Реформска Агенда Реформа 5.2.1 чекор 113. |

НПАА-поглавје: Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 23.1 Правосудство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0100.7755

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Намалување на недостатокот на стручен кадар во јавното обвинителство. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

| Предлог-закон за платите на јавните обвинители | |
|---|---|
| Образложение: | Оваа активност е предвидена со Планот за раст. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година. Реформа 5.2.1 чекор (113). |

НПАА-поглавје: Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 3.23.1 Правосудство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0100.7903

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зајакнување на самостојноста на јавните обвинители. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

| Предлог-закон за судска служба | |
|---|---|
| Образложение: | Со законот ќе се изврши подобрување на статусот на судската служба. Воедно, оваа активност е предвидена во Развојната секторска стратегија за правосудство со Акциски план 2024 -2028 година. Реформа 5.2.1 чекор 113. |

НПАА-поглавје: 3.23 Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 5.2. Независност, квалитет и интегритет на судството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0100.7754

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Намалување на недостатокот на стручен кадар во судовите. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

Предлог - закон за управување со трговски друштва во целосна или во доминантна државна сопственост

Образложение: Изготвувањето на наведениот Закон, има за цел напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во ЕУ. Со донесувањето посебен Закон за трговски друштва во државна сопственост, ќе се уреди начинот на спроведување на политиката на државна сопственост, управување со друштва во сопственост на РСМ и други прашања поврзани со правната положба на капиталните друштва. Основните начела на кои ќе се заснова овој Закон треба да бидат: начело на одговорност, јавност, ефикасност, економичност, почитување на правилата на конкуренциј и централизирано сопственичко управување. Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија /мерка 4.1.5 „Реформа во управувањето со трговските друштва во државна сопственост“.

НПАА-поглавје: 3.06: право на трговски друштва
НПАА-подрачје: 3.06.3 Корпоративно право
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0400.8160

Очекувани влијанија: Постигнување оддржливо и ефикасно управување со трговските друштва во државна сопственост, развој на единствена рамка за сопственост и управување за сите овие субјекти и воспоставување, развој и унапредување на корпоративното управување во овие трговски субјекти.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за економија и труд

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа

Образложение: Целта на Предлог на Законот е да се подобрат одредбите поврзани со: примената на начелото на супсидијарност и споделувањето надлежности со централната власт, надминување на правните

празнини во Законот за локалната самоуправа, недоречености и воочени потреби од усогласувања, доуредување на материјата во Законот за локалната самоуправа поврзана со доброто локално владеење.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: Политички критериуми
1.1 Демократија
НПАА-подрачје: Децентрализација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на примената на Законот за локалната самоуправа. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за локална самоуправа |

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

**Предлог - закон за безбедност на храната за животни**

Образложение: Целосно усогласување на националното законодавство со ЕУ законодавство од оваа област, при што како законски решенија ќе се инкорпорираат најновите научни достигнувања за производство на храна за животни, со цел обезбедување на безбедност и хигиена на храната за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе, а посредно и храната за луѓе, како и овозможување на фер практики при ставање на храната за животни во промет.

НПАА-поглавје: 12 Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика
НПАА-подрачје: 3.12.5-Посебни правила за храна на животни
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0800.7760

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | -Увоз, производство и ставање во промет на безбедна храна за животни. -Воспоставување на интегриран национален систем за контрола на произведената и увесената храна за животни. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенција за храна и ветеринарство

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Образложение: Усогласување на текстот на Законот со Конвенцијата за пристап до официјални документи на Советот на Европа - Тромсо.

НПАА-поглавје: 3.23 Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 3.23.4 Антикорупциска политика
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8394

Очекувани влијанија: Унапредување на ефикасноста на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и зајакнување на одговорноста на имателите на информации од јавен карактер.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за правда

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - нов закон за спорт

Образложение: Предлог нов Закон за спорт, кој ќе има за цел јасно дефинирање на правата и обврските на спортските субјекти, начин на финансирање, надлежности над спортските објекти, награди и признанија, училиштен и универзитетски спорт, како и надзор над работата на организациите од областа на спортот.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование и култура
НПАА-подрачје: 3.26.1 Образование
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Дефинирање на правата и обврските на спортските субјекти. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за спорт |

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми

| | |
|---|---|
| Образложение: | Подготовката произлегува од Проектот “ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди”, и европски Закон за слобода на медиумите. Експертите подготвија конкретни измени со нацрт измени на законот кои се однесуваат на соодветна заштита на социјалната и економската положба на новинарите и медиумски професионалци,со препораки за политики да се обезбеди побезбедна и поправедна работна средина за новинарите со клучни принципи : слобода на изразување, заштита на новинарски извори, права на приватност и дигитални права и работнички права и регулирање на онлајн медиумите. Заедно со спроведените анализи во рамки на Проектот ќе послужат како основа за натамошна дебата во рамки на процесот.Советот на ЕУ го усвои европскиот Закон за слобода на медиумите. Ревидирањето на националната правна рамка е со цел нејзино усогласување со правото на ЕУ. Истовремено, таа е дел и од обврските преземени со Патоказ за владеење на правото. |

НПАА-поглавје: 3.10 Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: 3.10.3 Медиуми
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0007.7737

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Измените и дополнувањата на Законот за медиуми треба да резултираат со подобрени права за новинарите и медиумските работници, како и воспоставен Регистар на онлајн медиуми за да се зголемат професионалноста и стандардите на онлајн новинарството. |

|  | Со тоа тој ќе се усогласи со европскиот Закон за слободата на медиумите. |
|---|---|

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот

Образложение: Со донесувањето на Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот ќе се постигне постоење на систем на единствена премија за осигурување од автомобилска одговорност која покрива штети настанати на територијата на земјите потписнички на договорот. Целосно ќе се укине доплатната премија за зелена карта. Исто така, ќе се намали бројот на неосигурани (нерегистрирани ) возила.

НПАА-поглавје: 09-Финансиски услуги
НПАА-подрачје: 3.09.2 - Осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со донесувањето на Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, покрај тоа што значително ќе се намалат трошоците на македонските граѓани за патување во странство, значително ќе се олеснат и административните постапки и процедури при преминување на државните граници како на македонските граѓани така и за странските лица кои ќе ја посетуваат нашата држава или истите ќе транзитираат низ неа, што секако позитивно ќе влијае на слободното движење на стоки и патници и зголемување како на примарните така и на транзитните туристички потенцијали на државата.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

**Предлог - закон за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*)**

Образложение: Со Законот за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) се врши усогласување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/22) со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19, 154/19 и 121/24).

НПАА-поглавје: 3.32 Финансиска контрола

НПАА-подрачје: 3.32.Јавна внатрешна финансиска контрола и надворешна ревизија-финансиска инспекција

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: 2020.0700.8109

Очекувани влијанија: Целта на Законот за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) е да се изврши усогласување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/22) со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19, 154/19 и 121/24).

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

## Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

**Предлог - закон за отворени податоци и повторна употреба на податоците во јавниот сектор**

Образложение: Со донесување на измената во овој Закон, ќе се зголеми транспарентноста и отчетноста во работењето на институциите. Исто така во поглавје 10 од билатералните преговори со ЕУ, има насока за усогласување со директивата и со оваа измена ќе се исполни и барањето во однос на ре-употребата на информациите од јавниот сектор.Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -

2027 година, Реформа Р.2.2.2.2.

НПАА-поглавје: 3.10 Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: 3.10.4.
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0007.7753

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Донесување на потребните измени со цел усогласување со ЕУ директивата за отворени податоци и ре-употреба на информации од јавниот сектор од 20 јуни 2019 година (2019/1024). |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за дигитална трансформација |

## Април

### Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

### Предлог - закон за судовите

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесување на новиот закон за судовите ќе се изврши усогласување со препораките од Оценската мисија и мислењето на Венецијанската комисија. Воедно ова е активност која е предвидена во Развојната секторска стратегија за правосудство со Акциски план 2024-2028 година. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Чекор (120). |

НПАА-поглавје: 3.23: Правосудство и темелни Права
НПАА-подрачје: 3.23.1. Функционирање на правосудството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8398

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Усогласен закон со препораките и Законот за Судски совет во однос на дисциплинската постапка за судиите. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

| Предлог - Изборен законик | |
|---|---|
| Образложение: | Основната цел е исполнување на обврските што произлегуваат од членството на ОБСЕ, меѓународните обврски и добрит практики, особено во поглед на тоа дека Изборниот законик треба сеопфатно да се ревидира за да се осврне на идентификуваните недостатоци, пропусти и недоречености. Ревидирањето треба да се спроведе во јавна процедура, по широко инклузивен процес на консултации и доволно време пред наредните избори. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Чекор (110), Реформа 5.1.1. |

НПАА-поглавје: 3.23- Политички критериуми/ Избори
НПАА-подрачје: 1. Избори
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8418

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Ќе се изврши усогласување на одредбите со препораките на мисиите за набљудување на изборите на ОДИХР, во насока на подобрување на изборните процеси во кои се идентификувани одредени слабости и подобрување за заштита на демократските права и поддршка на долгорочен развој на изборниот процес. Доколку не се постапи по препораките, ќе останат истите изборни недостатоци констатирани во извештаите на ОДИХР, што може да предизвикаат штетни последици во постојниот кредибилитет на изборниот процес и ќе предизвика негативни реакции од страна на меѓународните чинители кои имаат интерес во унапредување и заштитата на човековите права.Сеопфатно разгледување на изборното законодавство за да се решат постоечките недоследности и дополнително да се адресираат препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

| Предлог-закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесување на новиот закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе се изврши усогласувањето со препораките од Оценската мисија и мислењето на Венецијанската комисија. Воедно, ова е активност која е предвидена во Развојната секторска стратегија за правосудство со Акциски план 2024 -2028 година.Реформска Агенда Реформа 5.3.1 , чекор (118, 119, 120). |

НПАА-поглавје: 3.23: правосудство и темелни права
Подобласт 5.2. Независност, квалитет и интегритет на судството
НПАА-подрачје: 3.23.1. Функционирање на правосудството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8395

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Реформирање на постапката за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија во транспарентна и инклузивна постапка, што ќе придонесе за зајакнување на независноста на работата на Судскиот совет и зголемување на довербата на граѓаните. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

## Предлог - закон за изменување на Законот за туристичка дејност

Образложение: Согласно измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа Туризмот како гранка премина од Министерство за економија во Министерство за култура и туризам.

НПАА-поглавје: Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика дел од Поглавје 3
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на туристичката понуда и поддршка во развој на туризмот и угостителството. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за економија и труд |

| Предлог- закон за изменување на Законот за угостителска дејност | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа се изврши измена на називот на Министерството за економија во Министерство за економија и труд. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3, Поглавје 20
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| Очекувани влијанија: | Подобрување на угостителската понуда, подобрување на стандардите и подршка во развој на дејноста. |
|---|---|

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за економија и труд

## Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

| Предлог -закон за изменување и дополнување на Законот за електронско управување и електронски услуги | |
|---|---|
| Образложение: | Со изменување и дополнување на Законот за електронско управување и електронски услуги, се врши усогласување на законот со Регулативата еИДАС (2024/1183) со која се воспоставува правната рамка за дигиталниот идентите. Реформската агенда 2024 -2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија Реформа 2.2.2.2 ,Чекор 49. |

НПАА-поглавје: 10. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ
НПАА-подрачје: 10.2. Услуги на информатичкото општество
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0007.8397

| Очекувани влијанија: | Воспоставување на правна рамка за поедноставување на процесот на користење на електронската идентификација со цел поедноставување на постапките за добивање на услуги. |
|---|---|

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

| Предлог - закон за безбедност на мрежи и информациски системи – усогласување со НИС 2 (2022/2555) | |
|---|---|
| Образложение: | Овој закон ги утврдува мерките со цел постигнување на високо ниво на безбедност на мрежните и информативните системи во Република Северна Македонија, соодветни на стандардите и мерките определени во рамките на Европската унија со цел да се подобри функционирањето на внатрешниот пазар. Со овој закон ќе се транспонира НИС 2 (2022/2555) директивата на Европската унија (Directive (EU) 2022/2555 of the European Parliament and of the Council of 14 December 2022). Исто така ќе се определат мерките за безбедност на мрежи и информациски системи, безбедносните услови и известувања за инциденти на мрежи и информациски системи кои треба да бидат исполнети како услови од операторите на суштинските услуги и од давателите на дигитални услуги. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година,Чекор 42, Реформа 2.2.1.1. |

НПАА-поглавје: 10. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ
НПАА-подрачје: 10.2. Услуги на информатичкото општество
Директива: (2022/2555)
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0007.7986

| Очекувани влијанија: | Целта на овој закон е обезбедување високо ниво на безбедност и заштита на мрежи и информациски системи заради нивно непрекинато функционирање, превенција на сајбер безбедносни инциденти или кризи, развој на брза и ефективна оперативна соработка за заштита на мрежи и информациски системи, како и одговор и справување со настанати инциденти по безбедноста на мрежите и информациските системи. Дополнително со овој закон ќе се идентификуваат секторите кои обезбедуваат суштински услуги и дигитални услуги, заради заштита на нивните мрежи и информациски системи. Исто така со Законот за безбедност на мрежи и информациски системи ќе се обезбедат услови за развој на електронските услуги кои ги обезбедуваат институциите од јавниот сектор, како и стандардизација на информатичко-комуникациската инфраструктура која ја користат институциите од јавниот сектор. |
|---|---|

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

| Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги | |
|---|---|
| Образложение: | Со изменување и дополнување на законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги се врши усогласување на законот со Регулативата еИДАС 2024/1183 кој е транспозиција и целосно усогласен со Регулативата 910/2014, претходник на 2024/1183. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, Реформа 2.2.2.2 Чекор 49. |

НПАА-поглавје: 10. Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: 10.2. Услуги на информатичкото општество
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0007.8399

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставување на правна рамка за поедноставување на процесот на користење на електронската идентификација со цел поедноставување на постапките за добивање на услуги. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за дигитална трансформација |

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

| Предлог – закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност | |
|---|---|
| Образложение: | Измената на Законот за енергетска ефикасност се прави во насока на усогласување со директиви и регулатива на ЕЗ, кои претставуваат отстранување на регулаторните и нерегулаторните бариери што го попречуваат спроведувањето на мерки и проекти за енергетска ефикасност, да ја зајакне соработката меѓу потрошувачите, производителите, снабдувачите на енергија, обезбедувачите на енергетски услуги во насока на постигнување на целите на енергетската ефикасност, да промовира користење високоефикасни технологии, системи за управување на со енергија и системи за мониторинг на енергетските заштеди, да овозможи користење на финансиски механизми и поттик за спроведување на |

мерките за енергетска ефикасност, да го развие пазарот на енергетски услуги и ибезбедување на енергетски услуги. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 2.1.5.1.

НПАА-поглавје: 3.15: Енергетика
НПАА-подрачје: 3.15.5 Енергетска ефикасност
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2023.0400.8350

Очекувани влијанија: Подобрување на ефикасноста и искористување на мерките за енергетска ефикасност.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Предлог - закон за авторското право и сродните права

Образложение: Основниот Закон за авторското право и сродните права од 2010 година претрпе пет измени и дополнувања и заради транспарентност и јасност на одредбите е потребно целосен нов закон. Покрај досегашното целосно усогласување со директивите на Европската Унија, потребно е и натамошно усогласување со Директивата 2019/790 ЕУ за авторското право и сродните права на единствениот дигитален пазар, како и Директивата 2019/789 ЕУ што се однесува на остварувањетк на авторското право и на сродните права применливи на некои он лајн пренесувања на радио-телевизиски организации и ретрансмисија на телевизиски и радио програми како и Директивата 2014/26/ЕС за колективно управување со авторското право и сродните права и мулти - територијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет во делот за мулти - територијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Чекор (85), Реформа 4.1.3.

НПАА-поглавје: Поглавје 7: Право на интелектуална сопственост
Кластер 2: Внатрешен пазар
НПАА-подрачје: Подрачје: Авторско право и сродни права

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0300.8405

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Целосно усогласување со европското законодавство, што вклучува воведување на нови носители на дигиталните права, согласно директивите на ЕУ: 2019/790 ЕУ и 2019/789 ЕУ. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за култура и туризам |

Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

Предлог - закон за архивска дејност

Образложение: Со донесување на нов правен акт поврзан со активното и пасивно работење со електронски документи ќе се допринесе за унапредување и стандардизација на канцелариското и архивското работење, заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал. Целосно регулирање на продукцијата на електронски документарен и архивски материјал и воспоставување централизиран архивски информациски систем со унифицирани стандарди за управување со документи, метаподатоци и информации за архивскиот материјал. Со ова Државниот архив, како сервис на граѓаните, ќе може лесно да управува со архивските фондови и збирки. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 2.2.2.2 . Чекор:52.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: 10. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 10.2. Услуги на информатичкото општество
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0007.7734

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Соодветна имплементација на стандарди за обработка на архивски материјал. Воведување на дигитализација при вршење на архивската дејност. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за дигитална трансформација |

| Предлог-закон за дигитални услуги | |
|---|---|
| Образложение: | Законот за дигитални услуги преставува амбициозна регулатива на ниво на ЕУ, кој има за цел да ги заштити основните права на дигиталниот простор од нелегални содржини и со поставување правила за транспарентност и одговорност на дигиталните платформи. Со овој Закон се регулира и надзорот на однесувањето на големите технолошки компани, особено најголеите социјални медиуми и пребарувачи, кој ги надминуваат границите на поединелни земји и во рамките на ЕУ. Законот за дигитални услуги предвидува сеопфатни правила за онлајн платформите, вклучувајќи мерки за борба против нелегални содржини, подобрување на транспарентоноста и заштита на правата на корисниците, па така со усвојувањето слични регулативи на Северна Македонија ќе и се овозможи подобрување на дигиталното управување, односно поефективно решавање на прашањата во рамките на дигиталното управување. Законот за дигитални услуги вклучува одредби за спрвување на штетни содржини, деинформации, и други ризици на интеренет, преку усогласувањето на овие стандарди, Северна Македонија ќе може подобро да ги заштити своите граѓани, во дигиталниот простор и да промовира побезбедна онлине средина, да поттикне посигурен и попредвидлив дигитален пазар што може да поттикне инвестиции и иновации, и да помогне да се создаде поатрактивна средина за технлошките компании и стартапите. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, Реформа 2.2.2.2 ,Чекор 50. |

НПАА-поглавје: Поглавје 10, Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: 10.2. Услуги на информатичкото општество
Подобласт 2.2.2. Дигитализација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0007.8396

| Очекувани влијанија: | Обезбедување на сајбер безбедно општество и зајакнување на дигиталните вештини на граѓаните. |
|---|---|

Фискални импликации: /

| Предлагач: | Министерство за дигитална трансформација |
|---|---|

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации

Образложение: За реализација на оваа иницијатива планирано е формирање на меѓуресорска работна група во која ќе бидат вклучени стручни лица од институции кои работат во доменот на електронските комуникации како и надворешна експертска помош. Првата фаза ќе има за цел анализа на постојната законска и подзаконска регулатива во доменот на електронските комуникации, како и детектирање и анализа на националната регулативата. Во втора фаза ќе се разгледува и анализира новата ЕУ Регулатива во доменот на електронските комуникации Директивата 2018/1972 (CODE Directive), како правна рамка на ЕУ која ги обединува и ажурира претходните директиви во доменот на електронските комуникации и кои се веќе усогласувани во постојното националното законодавство, како и на Регулативата 2024/1309 (Gigabit Infrastructure Act). По реализацијата врз основа на утврдена потреба за подобрување и усогласување на постојниот Закон со новата ЕУ Регулатива, планирано е да се подготви нов нацрт текст на измени и дополнување на Законот за електронските комуникации. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 2.2.2.1,Чекор 46.

НПАА-поглавје: 3.10. Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: 3.10.1
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0007.7984

Очекувани влијанија: Развој на електронските комуникации во државата.

Фискални импликации: Има: 1,845,000 ден
Други извори

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

Мај

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

| Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварно-правните односи во воздушниот сообраќај | |
|---|---|
| Образложение: | Со Законот за облигационите и стварно-правните односи во воздушниот сообраќај се уредуваат облигационите односи во воздушниот сообраќај, основите на стварноправите односи во поглед на воздухопловот, постапката на извршување и обезбедување врз воздухоплов и товар врз воздухопловот и судирот на законите во поглед на воздушнио сообраќај. Министерството за транспорт во соработка со Агенцијата за цивилно воздухопловство ќе подготви Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварно-правните односи во воздушниот сообраќај со цел усогласување со новите ЕУ прописи и со измените на постојните ЕУ прописи кои се транспонирани. |

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: 3.14: Транспортна политика
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.14.5 Воздушен сообраќај
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2018.0200.7713

| Очекувани влијанија: | Со донесувањето на Законот ќе се изврши усогласување со новите ЕУ прописи и со измените на постојните ЕУ прописи кои се транспонирани. |
|---|---|

Фискални импликации: /

| Предлагач: | Министерство за транспорт |
|---|---|

| Предлог - закон за заштитено пријавување и заштита на укажувачи | |
|---|---|
| Образложение: | Основните решенија кои се предлагаат се насочени кон: - надминување на идентификувани недостатоци во постојниот Закон за заштита на укажувачи кои придонесуваат за незадоволително ниво на спроведување на неговите одредби и остварување на неговата цел - усогласување со правото на ЕУ во областа на заштитено пријавување и заштита на укажувачи (ЕУ Директива 2019/1937). |

НПАА-поглавје: 23 Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: Антикорупциска политика
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2023.0100.8342

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Овозможено и олеснето заштитено пријавување во заштита на интегритетот на субјектите во јавниот и приватниот сектор, во согласност со стандарди на ЕУ и добрите меѓународни практики, унапредена заштита на укажувачите, зголемен број на помош на укажувачи со откриени случаи на неправилности со кои се загрозува или повредува јавниот интерес. |

Фискални импликации: Има: 413,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за правда

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година се искажуваат планираните и остварените износи на приходите и приливите, расходите и одливите за изминатата 2024 година, како и реализацијата на планираните политики. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.33: Финансиски и буџетски одредби
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија го отсликува степенот на реализацијата на планираните политики и проекти на Владата на РСМ и ја зголемува отчетноста и транспарентноста на трошењето на јавните финансии. |

Фискални импликации: /
Предлагач: Министерство за финансии

Предлог - Среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2026 - 2030 година

Образложение: Среднорочната програма се донесува врз основа на член 68 став 1, алинеја 11 од Уставот на Република Северна Македонија и член 4 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 74/24).

НПАА-поглавје: 3.01: Слободно движење на стоки
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви се утврдува видот и количината на стоковните резерви.

Фискални импликации: Има: 1,500,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за финансии во соработка со Агенција за стоковни резерви

## Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Предлог-одлука за учество на 2 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во ООН операцијата „УНИФИЛ“ во Република Либан

Образложение: Преку придонес во мисиите предводени од ООН ја потврдуваме посветеноста на Република Северна Македонија кон глобалниот мир и безбедност. Со заедничкиот придонес со Република Италија во мисијата УНИФИЛ во Либан, ја продлабочуваме билатералната соработка со Република Италија и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата. Учество на 2 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во ООН операцијата „УНИФИЛ“ во Република Либан за период од шест месеци, сметано од февруари 2025 до август 2025 и од август 2025 до февруари 2026 година.

НПАА-поглавје: 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП)
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Презентирање на Република Северна Македонија како рамноправен партнер во рамките на ООН кој се залага за зачувување на заедничките вредностите и споделување на обврските. Позитивна евалуација од страна на ЕУ. Продлабочување и унапредување на билатералната соработка со Република Италија. |

Фискални импликации: Има: 4,412,720 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

Предлог - одлука за учество на 32+1 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во ЕУ операцијата „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со продолжување на учеството на Република Северна Македонија во мировната операција „Алтеа“, Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на Босна и Херцеговина. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена ПОЛИТИКА (ЗБОП)
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво.Учество на 32 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во ЕУ операцијата „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина за период од шест месеци, сметано од мај 2025 до ноември 2025 и од ноември 2025 до мај 2026 година. Учество на 1 припадник на Армијата на Република Северна Македонија во ЕУ |

операцијата „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина за период од шест месеци, сметано од јануари 2025 до јули 2025 и од јули 2025 до јануари 2026 година

Фискални импликации: Има: 91,640,360 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:
Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за медијација (*)

Образложение: Со Законот за медијација, избран е Национален координатор и формиран е Национален совет за медијација како тело на Владата кое го обезбедува, следи и оценува квалитетот на работите во медијацијата, но кое не ги даде очекуваните резултати во неговото функционирање , поради што се наметна потребата да се разгледа можноста за формирање на ново функционално тело за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата и допрецизирање на законските одредби. Исто така, Законот за медијација терба да се усогласи со Директивата 2006/123/ЕЗ на Европската Унија за услугите на внатрешен пазар, CELEX број 32006L0123.

НПАА-поглавје: Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 3.23.1. Функционирање на правосудството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8400

Очекувани влијанија: Формирање на ново функционално тело за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата и усогласување со европското законодавство.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за правда

Јуни

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош

Образложение: Промена на членови од Законот кои се однесуваат на азилантите, за кои сметаме дека се во надлежност на Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи, како и заради измената на членовите кои се однесуваат на опфатот, имотната состојба и оправданоста на Законот. Со измените би се отстраниле недоречености во однос на ревизијата, како и исплатата на трошоци за адвокат кој застапувал спротивна странка на која не и била доставена уредна достава, односно е отсутна, а и е назначен адвокат по службена должност од судот и обезбедување на правна заштита на сите категории граѓани.

НПАА-поглавје: Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права

НПАА-подрачје: 3.23.3 Темелни права

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: 2024.0100.8401

Очекувани влијанија: Приближување на правниот систем на Република Северна Македонија до европските правни стандарди.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за правда

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

Образложение: Доколку има промени во реализацијата на приходите и расходите со измена и дополна на Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година се обезбедуваат неопходни прилагодувања на приходната и расходната страна на Буџетот во однос на

иницијално планираните.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.33: Финансиски и буџетски одредби
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со ревидирање на приходите и расходите со измена и дополна на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година се обезбедува одржување на макроекономската и фискалната стабилност, умерено ниво на буџетски дефицит и јавен долг и поддршка на економијата со значителни инвестиции во продуктивни проекти. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Предлог - закон за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата

| | |
|---|---|
| Образложение: | Прилагодување на домашната законска регулатива со регулативите на ЕУ во планирање и управување со рибите во риболовните води со овозможување на трајно користење на рибите преку одржлив развој за стопански и рекреативно-спортски риболов и развој на стопански риболов и аквакултура. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.13: РИБАРСТВО
НПАА-подрачје: 13-Рибарство и аквакултура
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2022.0800.8285

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Детално уредување на начинот на доделување на финансиските средства за остварување на целите утврдени во член 3 од Законот за рибарство и аквакултура („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ број 64/24), преку уредување на активностите и мерките за спроведување на приоритетите на структурната политика во областа на рибарството и аквакултурата, преку уредување на посебните и вонредните мерки , како и уредување на државната помош во рибарството и аквакултурата. |

Фискални импликации: Има: 100,350,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Предлог - закон за вршење на официјални контроли

Образложение: Одржување и понатамошно унапредување на националниот систем за безбедност на храна.

НПАА-поглавје: Поглавје 12
НПАА-подрачје: Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0800.7877

Очекувани влијанија: Обезбедување на подобра заштита на здравјето на луѓето, растенијата и животните, како и правата на крајните потрошувачи.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенција за храна и ветеринарство

Предлог - закон за експлозивни материи за цивилна употреба

Образложение: Со оглед дека постоечката законската регулатива за експлозивни материи покажа недоречености во практичната примена, министерството започна со подготвување на нов Закон за експлозивни материи за цивилна употреба. Со донесувањето на овој закон, кој опфаќа сложена и комплексна материја како сублимат од транспонирање на повеќе ЕУ директиви и регулативи, законските одредби задолжително ќе се усогласуваат со законодавството на ЕУ. Воедно постои предизвик за регулирање на повеќе процеси за кои неопходен е стратешки и мултисекторски пристап, кој ги опфаќа надлежностите и на други институции. Од тие причини, а со цел донесување на поквалитетни решенија, новиот Закон за експлозивни материи за цивилна употреба се предвидува да се донесе во 2025 година.

НПАА-поглавје: 3.01 Слободно движење стоки
3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (знбп)
НПАА-подрачје: 5.Процедурални мерки

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0600.7803

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Целосно усогласување на содржината на Законот за еплозивни материи за цивилна употреба со законодавството на ЕУ. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за внатрешни работи |

Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици

**Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за иновациска дејност**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Заради унапредување на иновативната политика како и усогласување на политиките на Европската Унија во оваа област и поттикнување на иновациската дејност во посебни области и одделни стопански гранки со цел да ја координира работата и да ги реализира заедничките интереси во областа на иновациската дејност.Реформската агенда 2024 -2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија, Реформа 4.1.4 , чекор 90. |

НПАА-поглавје: 3.25 Наука и истражување
НПАА-подрачје: 3.25.1 Политика на истражување
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2022.1400.8254

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зајакнување на иновативниот екосистем преку создавање на нови или подобрени производи и услуги и/или примена на нови или подобрени технологии во почетен период на иновацискиот проект, организација и/или уредување на пазарите на иновативни производи, технологии, процеси и услуги, што ќе придонесат во комерцијализација на резултатите од иновациската дејност. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

| Предлог - закон за високото образование | |
|---|---|
| Образложение: | Утврдена е потреба од донесување на нов Закон за високото образование, кој ќе биде изготвен од страна на работна група составена од сите релевантни чинители: високо-образовни установи, студентски здруженија, Министерството за образование и наука. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 3.1.3 , чекор 65. |

НПАА-поглавје: 3.26 Образование и култура
НПАА-подрачје: 3.26.1 Образование
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.1400.8062

| Очекувани влијанија: | Унапредување на квалитетот на високото образование. |
|---|---|

Фискални импликации: /

| Предлагач: | Министерство за образование и наука |
|---|---|

| Предлог - закон за научно-истражувачка дејност | |
|---|---|
| Образложение: | Заради современите текови на Европската Унија и усогласување со Законот за високо образование. Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија Реформа 4.1.4., чекор 90. |

НПАА-поглавје: 3.25 Наука и истражување
НПАА-подрачје: 3.25.1 Политика на истражување
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.1400.8419

| Очекувани влијанија: | Унапредување на научно-истражувачката дејност на Република Северна Македонија, хармонизирање со актуелните политики на Европската Унија и подигање на квалитетот на научно-истражувачкот сектор. |
|---|---|

Фискални импликации: /

| Предлагач: | Министерство за образование и наука |
|---|---|

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за води

Образложение: Главната цел е оценка и преиспитување на законските решенија за води заради идентификување на недостатоците и проблемите кои се јавуваат при спроведувањето.

НПАА-поглавје: 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: 3.27.4 Квалитет на водата
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: Рамковната директива за води, Директивата за урбани отпадни води 91/271/ЕЕЗ, Директивата за вода за пиење 98/83/ЕЗ, Директивата за подземни води 2006/118/ЕЗ и Директивата за стандарди на квалитети на животната средина 2008/105/ЕЗ
ЕПП: 2015.0000.7249

Очекувани влијанија: Усогласување на Законот за води со други национални законски прописи и усогласување со европското законодавство.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

Предлог - закон за контрола на индустриски емисии

Образложение: Законот за контрола на индустриските емисии ја транспонира новата Директива за Индустриски Емисии (75/2010) со што во потполност ја усогласува националната со Европската легислатива по однос на индустриското загадување.

НПАА-поглавје: Поглавје 27 -животна средина
НПАА-подрачје: Индустриско загадување и управување со ризици
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2010.0500.6102

Очекувани влијанија: Со имплементацијата на новиот Закон за контрола на индустриските емисии се подобрува квалитетот на воздухот како и животната средина во целина, здравјето на луѓето преку повисока контрола над инсталациите со примена на најдобрите достапни техники.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - закон за приватизација на градежно земјиште

Образложение: Завршување на процесот на приватизација на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со завршување на процесот на приватизација на градежното земјиште, граѓаните и правните лица ќе ги остваруваат правата кои произлегуваат од правото на сопственост, односно правото на управување и располагање со градежносто земјиште што истовремено допринесува на прилив на средства во државата и општините по однос на данок на имот и данок на промет на недвижности и права, надомест за уредување на градежното земјиште при реализација на урбанистичките планови, со што се поттикнува и економскиот раст, се подобрува животниот стандард и се овозможува поквалитетен живот за секого.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Предлог – закон за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели

Образложение: Целта на овој закон е да го поттикне инвестирањето на физичките лица кои имаат можност да вложат финансиски средства - пари и да дадат своја експертиза и совети во насока на развој на друштвата во кои инвестираат, да ги поттикне инвестициските активности во друштва кои имаат потенцијал за раст и развој, да ги

заштити интересите на инвеститорите и да поттикне одговорен раст на претприемачките активности.

НПАА-поглавје: Поглавје 20: Претпријатија и Индустриска политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на пристапот до финансии за претпријатијата особено на оние со потенцијал за раст како и поттикнување на инвестирањето на физички лица во претпријатија кои имаат потенцијал за раст и развој . |
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за економија и труд |

Предлог - нов Закон за рударство

Образложение: Законот за минерални суровини се прави во насока на одржливо искористување на минералните суровини со имплементација на европските директиви и при тоа водејќи грижа за животната средина.

НПАА-поглавје: 3.15: Енергетика, 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0400.8403

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на ефективноста и искористувањето на минералните суровини и поголема контрола на концесионерите. |
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини |

Предлог - нов Закон за геолошки истражувања

Образложение: Законот за геолошки истражувања се прави во насока да ги разгледа препораките дадени од Конечниот извештај од извршената ревизија на концесиите за експлоатација на минерални суровини од Државниот завод за ревизија како и целосно усогласување на геолошките истражувања со законската

регулатива со европските директиви.

НПАА-поглавје: 3.15: Енергетика, 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0400.8402

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемување на транспарентност и подобрување на постапките за доделување на концесии за геолошки истраажувања на минералните суровини. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

Предлог за изменување на Законот за данок на добивка

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со цел да се постигне поголема мотивација на вработените во економијата и да се подобри демографската слика на земјата, планирани се одредени даночни ослободувања, како што е позитивен даночен третман на премиите за животно осигурување платени во корист на вработените (да се третираат како признати трошоци за компаниите). Дополнително во Законот за данокот на добивка планирани се одредени подобрувања со цел зајакнување и рпоширивање на даночната основа. |

НПАА-поглавје: 16: Оданочување
НПАА-подрачје: 3.16.2 директно оданочување
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Поголема мотивација за вработените преку даночниот систем. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

| Предлог - закон за електронска фактура | |
|---|---|
| Образложение: | Дигитализацијата на даночните процедури е една од главните цели во процесот на даночна реформа, со цел да се искористат ресурсите на максимално ниво и со цел даноците да се плаќаат со што е можно помалку вложен напор, предвидено е воведување на фактура во електронска форма. Воведувањето на е-фактура е една од првите активности со кои се планира драстично намалување на сивата економија, а воедно со воведувањето на истата целта е спроведувањето на даночната контрола да се одвива на поефикасен начин, но и во исто време да се заштедат ресурси во даночната администрација и кај даночните обврзници. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 4.1.1 , Чекор 73. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.16 Оданочување; 3.10 Информатичко општество и медиуми

НПАА-подрачје: Дигитализација

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| Очекувани влијанија: | Намалување на сивата економија и подобра ефикасност на даночните постапки. |
|---|---|
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за финансии |

Јули

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

| Предлог - закон за земјоделство и рурален развој | |
|---|---|
| Образложение: | Нов текст на Законот за земјоделство и рурален развој во глава VII. Политика за рурален развој од член 135 до член 165 и Државна помош во земјоделството од член 166 до член 190. Се менува делот политика за рурален развој и државна помош поради усогласување со одредбите на новите регулативи и директиви на европската унија за креирање и имплементација на мерки и подмерки. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.11: Земјоделство и рурален развој
НПАА-подрачје: Подрачје земјоделство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0800.8073

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Законот треба да биде во насока на креирање на мерки за рурален развој и државна помош преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој кои се компатибилни со новите текови во областа земјоделство и рурален развој. Со новиот закон ќе се обезбеди поголема транспарентност и функционалност на предвидените стратешки приоритетои на Владата на Република Северна Македонија за развој на земјоделството и руралниот развој. |
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основното и средното образование

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Предлог за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници ќе се постигне усогласност помеѓу законот и Концепцијата за основното образование која е во фаза на ревидирање. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 3.1.1 . Чекор (57). |

НПАА-поглавје: 3.26 Образование и култура
НПАА-подрачје: 3.26.1 Образование
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.1400.8382

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Унапредување на статусот на наставниците и стручните соработници. |
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

Предлог - закон за пристапност на веб - страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор

Образложение: Закон кој ќе обезбедува еднаков пристап на лицата со попреченост до услугите и информациите кои се објавени на веб-страните кои се објавуваат институциите од јавниот сектор. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година чекор (50), Реформа 2.2.2.2.

НПАА-поглавје: 3.10 Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: 10.4 Дигитализација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0007.8355

Очекувани влијанија: Еднаков пристап на лицата со попреченост до услугите и информациите кои се објавени на веб-страниците од институциите од јавен сектор, на исто ниво на ефикасност и корисничко искуство какво што имаат и сите други граѓани во државата.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

Август

НЕМА

Септември

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог - закон за парнична постапка

Образложение: Надминување на проблемите во практичната примена на дел од одредбите во законот, особено оние кои се однесуваат на вкрстеното испрашување, задолжителното вештачење со поднесување на самата тужба и слично.

НПАА-поглавје: Поглавје 23
НПАА-подрачје: Правосудство и фундаментални права
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0100.7751

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставување на стабилен граѓанско-правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и усогласување на законот со европските стандарди и современите општествени текови. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

**Предлог-закон за Државното правобранителство на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со законот ќе се изврши зајакнување на одговорноста и ефикасноста на Државното правобранителство. Оваа активност е предвидена во Развојната секторска стратегија за правосудство со Акциски план 2024 -2028 година. |

НПАА-поглавје: 3.23 Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 23.1 Правосудство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување и зајакнување на ефикасноста и одговорноста на институцијата Државно правобранителство. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

## Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

**Предлог - закон за инсолвентност**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Текстот на Предлог Закон за инсолвентност се подготви со техничка помош на Светска банка – групација на светска банка (IFC). За таа цел беше формирана и работна група од сите засегнати |

страни во постапката на стечај/инсолвентност. Целите кои треба да се постигнат со измените на постоечката законска регулатива за стечај се: 1. Усогласување со Директивата 2019/1023 на Европскиот Парламент и Советот од 20.06.2019 година за рамката за превентивно преструктуирање и дополнувања на Директивата (ЕУ) 2017/1132 (Директива за преструктуирање и инсолвентност), со што се постигнува вградување во законскиот текст на најдобрите европски и светски практики за водење на постапките за инсолвентност. 2. Нова постапка за превентивно преструктуирање на друштвото со потешкотии 3. Предстечајна реорганизација врз основа на предложен план за реорганизација 4. Воведување на рано предупредување за субјектите со финансиски потешкотии и преземање мерки и постапка за надминување на идна инсолвентност. 5. Други подобрувања и допрецизирања на постојната регулатива за стечај. Иницијативата произлегува од обврската преземена со Реформската агенда 2024-2027 година, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, како 4-та подмерка во рамки на 4.1.1. Активностите поврзани со Стратегија за формализирањето на неформалната економија. Реформската агенда го содржи проектот за воведување на систем за рано предупредување. Услов за неговото воведување е донесување на Законот за инсолвентност, во кој се дава правен основ за истото. Реформаската агенда 2024 -2027 година, Чекор (75) и поврзани чекори (70-77), Реформа 4.1.1 Директиви: 32017L1132; 32019L1023.

НПАА-поглавје: 3.06. Трговски друштва
23. Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 3.06.1 Право на трговски друштва
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: Нацрт-Реформската агенда 2024 -2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан
ЕПП: 2020.0400.7902

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, зголемување на конкурентноста на економијата. Со новиот закон ќе се воспостави солиден и ефикасен систем на инсолвентност, така што ќе им помогне на доверителите и должниците ефективно и по фер услови да се вклучат во постапката за стечај или преструктуирање што ќе овозможи наплата на долгови, пристап до кредити и инвестиции или спасување или одржување на деловна активност. Примената на законот ќе придонесе за создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, зголемување на конкурентноста на економијата. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за економија и труд

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храна

Образложение: Со Предлог измени и дополнувања се обезбедува практична и ефективна имплементација на националната легислатива и легислативата на Европската Унија во делот на безбедност на храна.

НПАА-поглавје: 12 Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика
НПАА-подрачје: 3.12.3 Ставање во промет на храна, храна за животни и нус производи од животинско потекло
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0800.8404

Очекувани влијанија: Со измените и дополнувањата ќе се постигне повисоко ниво на безбедност на храна.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенција за храна и ветеринарство

Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на учесниците во мировните и хуманитарни операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства

Образложение: Изменување на точката 6 од од Законот за посебните права на учесниците во мировните и хуманитарни операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства, кои живееле во заедничко домаќинство со загинатите односно починатите учесници во мисиите односно операциите, од причина што во членот 27 од законот, е уредено дека правото на станбено згрижување на членовите на семејството се остварува со добивање на стан во сопственост, што е во спротивност со одредбите од Законот за домување, Законот за продажба на станови во

општествена сопственост и Деловникот за работа на Владата, од причина што со наведените прописи се уредува давање на стан под закуп на член на семејство на загинат односно починат учесник, со можност за откуп по барање на член на семејството, а не давање на стан во директно во сопственост како што е уредено во моментот во законот.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Целосно усогласување на законската регулатива која го уредува станбеното згрижување на членовите на семејстовото на загинат или починат припадник на безбедностеи сили и на членовите на семејството на загинат или починат учесник во мировни и хуманитарни операции и операции на колективна одбрана надвор од територијата на Републиката. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

**Предлог - закон за пожарникарството**

Образложение: Новиот Закон за пожарникарството опфаќа, содржини кои се однесуваат на пресметките на плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во територијалните противпожарни единици, односно ќе се изврши порамнување на ниво на целата држава. Исто така опфаќа изменување и во делот на начините и изворите за финансирање, вклучително и опремување и обука на пожарникарите, а сето наведено со цел зголемување на ефикасноста на територијалните противпожарни единици, односно утврдување на нов модел за уредување на пожарникарството.

НПАА-поглавје: 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: 3.27.10 Шумарство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со донесување на новиот Закон за пожарникарството ќе се надминат недоследностите, слабостите и проблемите со кои сооучуваат против пожарните единици, а се однесуваат при пресметките на плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во територијалните противпожарни единици и уредување на целиот систем на ниво на државата, но исто така со измените и дополнувањата и во делот на начините и изворите за финансирање, вклучително и опремување и обука на пожарникарите, ќе доведе до зголемување на ефикасноста на територијалните противпожарни единици и јакнење на отпорноста на општеството во справување со пожарите. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за одбрана

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за извршување

| | |
|---|---|
| Образложение: | Прецизирање и дополнување на законските одредби во делот на спроведување на извршување над недвижен имот опишан во лист за предбележба на градба и преземање на извршни дејствија над недвижен имот кој останал со незапишани сопственички права, усогласување со Законот за платежни услуги и платни системи и усогласување со одлуките на Европскиот суд за човекови права во делот на извршување врз подвижни предмети и права спрема Република Северна Македонија, како и прецизирање на одредбите од Законот во делот на дисциплинските повреди, обезбедување на транспарентност во постапката за именување на извршители и начините на работа во случај на престанок на должноста извршител, дополнување на Законот со институции кои се должни да соработуваат со извршителите, воведување на професионални стандарди кај извршителите, воведување на регистар на должници, автоматизација на процесот на јавно наддавање преку воведување на е-аукции и доуредување на одредбите за запирање на извршување и достава во извршувањето. |

НПАА-поглавје: Поглавје3.23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 3.23.1 Правосудство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0100.8169

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Усогласување на Законот за извршување со другите закони и одлуките на Европскиот суд за човекови права и зголемување на ефикасноста и одговорноста во работењето на извршителите. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

Предлог - закон за изменување и дополнување на Закон за автокампови

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за автокампови постапката за отуѓување на градежно земјиште за автокампови сопственост на Република Северна Македонија по пат на јавно наддавање која треба ја спроведува Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање формирана од страна на директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот преку електронски систем на Агенцијата, се предлага истата да се спроведува согласно Законот за градежно земјиште, од страна на општините, од причина што нема доволно човечки и технички ресурси, но и поради немање на таква утврдена надлежност на Агенцијата. |

НПАА-поглавје: 3.20 Претпријатија и индустриска политика
НПАА-подрачје: 3.20.4 Туризам
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Спроведување на постапките за отуѓување на градежно земјиште за автокампови сопственост на Република Северна Македонија по поднесените барања за отуѓување. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за транспорт |

| Предлог - закон за систем на адреси | |
|---|---|
| Образложение: | Причината поради која се предлага Законот за систем на адреси е воспоставување на стандардизиран систем за адреси со интегрирани графички и атрибутни податоци која еднозначно ќе ја определи локацијата на адресата, како и да се уреди надлежноста, Агенцијата за катастар на недвижности да го воспостави и води Адресниот Регистар на Република Северна Македонија. Описните и просторни податоци за адресите во Адресниот Регистар ќе се чуваат и водат во централизирана база на податоци. Во предлог - Законот се содржани и одредби во кои се транспонирани дел од одредбите на „Директива 2007/2/ ЕС на Европскиот парламент и Советот на ЕУ од 14 Март, 2007 година. Воспоставување на Инфраструктура за Просторни Информации во Европската Заедница (INSPIRE)- D2.8.I.5 Спецификација за адресни податоци - Технички упатства“. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: 3.27.1 Хоризтонално - просторни информации
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2016.0200.7293

| Очекувани влијанија: | Со предлог на Законот за систем на адреси се уредуваат условите и начинот на определување на име на улица, булевар, плоштад, кеј и на друг инфраструктурен објект, нумерирање на објектите, поставување и одржување на табли со имиња и куќни броеви на истите, како и начинот на воспоставување и водење на Адресниот регистар во Република Северна Македонија. Со Предлог на Законот за систем на адреси ќе се овозможи да се надминат одредени слабости и недостатоци во однос на начинот и постапката за донесување на одлуката за определување на име на улица, булевар, плоштад, кеј и на друг инфраструктурен објект како и во делот на водењето на евиденцијата за имиња на улици, булевари, плоштади, кејови и на други инфраструктурни објекти, и за броевите за нумерирањето на објектите, а кои беа содржани во постојните законски решенија кои ја опфаќаат оваа област. |
|---|---|

Фискални импликации: /

| Предлагач: | Министерство за транспорт |
|---|---|

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за домување

Образложение: Причината поради која се предлага нов Закон за домување е непрецизноста и недореченоста на одредени одредби, што предизвикуваат бројни проблеми во пракса. Тука се проблемите поврзани со концепцијата за етажна сопственост и правниот статус на заедничките делови и земјиштето.

НПАА-поглавје: 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со овој предлог на закон, него ќе ги разрешат на најприфатлив начин насобраните проблеми, слабости и недостатоци во постојното законско решение.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - закон за системот за заштита на депозити

Образложение: Ќе се изврши понатамошно усогласување со Директивата 2014/49/ЕУ за депозитни гарантни шеми.

НПАА-поглавје: 09-Финансиски услуги
НПАА-подрачје: 1-Банки и финансиски конгломерати
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2021.0700.8239

Очекувани влијанија: Со новиот Закон за системот за заштита на депозити ќе се зголеми прагот на обесштетување на депонентите во банките и штедилниците. Дополнително, ќе се обесштетуваат правните лица кои не се опфатени со моменталното законско решение. Со ова, се очекува зголемување на довербата во банкарскиот сектор, а со тоа и задржување на стабилноста на финансискот систем во целина.

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

**Предлог - закон за банките**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесување на новиот Закон за банките ќе се изврши усогласување на домашното законодавство со Директивата 2013/36/EU за пристапот на активностите на кредитните институции и прудентната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (EU) бр.575/2013 за прудентните барања за кредитните институции и инвестициските фирми. |

НПАА-поглавје: 09-Финансиски услуги
НПАА-подрачје: 1-Банки и финансиски конгломерати
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2014.0700.7094

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Донесувањето на новиот Закон за банките ќе го зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во деловното работење. Дополнително, имплементацијата на предложеното законско решение ќе го подигне нивото на квалитетен капитал на банките и ќе ја зајакне супервизијата, во насока на зголемување на сигурноста на банкарскиот систем и заштита на депонентите. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

**Предлог - закон за метрологија (*)**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Законот за метрологија се прави во насока на уредување на метролошкиот систем во Република Северна Македонија со имплементација на европските директиви и притоа водејќи грижа за животната средина. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.01: Слободно движење на стоки
НПАА-подрачје: Метрологија
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2015.0400.7277

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобо уредување на метролошкиот систем во Република Северна Македонија и подобрување на инфраструктурата. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

Октомври

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог-закон за јавното обвинителство

| | |
|---|---|
| Образложение: | Преиспитување и ревидирање на одредби со кои се уредува дисциплинската одговорност на јавните обвинители во однос на правилата за иницирање на постапка, органот кој одлучува, мерките за транспарентност, прецизирање н основите за жалба и јасно дефинирање на обврзувачката сила на конечните одлуки на органот кој одлучува за жалба. Воедно, оваа активност е предвидена во Развојната секторска стратегија со Акциски план 2024-2028 година. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, Реформа 5.2.1 . Чекор (114). |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.23: Правосудство и темелни права
НПАА-подрачје: 3.23.1. Функционирање на правосудството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8407

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Јавните обвинетели кои се предмет на дисциплински постапки ќе ги имаат сите гаранции за правично судење и право на жалба во согласност со стандардите на ЕУ. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за правда

| Предлог-закон за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесување на нов закон за Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија ќе се изврши усогласување со правото на ЕУ и европските стандарди, вклучително и мислењето на Венецијанската комисија. Воедно, оваа активност е предвидена во Развојната секторска стратегија за правосудство со Акциски план 2024 - 2028 година. Реформа 5.2.1. Чекор 114. |

НПАА-поглавје: 3.23: Правосудство и темелни права
НПАА-подрачје: 3.23.1. Функционирање на правосудството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8406

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Реформирање на постапката за избор на членови на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија во транспарентна и инклузивна постапка, што ќе придонесе за зајакнување на независноста во работата на Советот и зголемување на довербата на граѓаните. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за правда

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

| Предлог-закон за оружјето | |
|---|---|
| Образложение: | Со оглед дека од практична примена на Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16, 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22) согледани се недоречености и недоследности, министерството пристапува кон изработка на нов Закон за оружјето со што ќе се изврши транспонирање на ЕУ директивите и регулативите на одредбите за контрола за набавување на оружјето. Со имплементирање на законот констатирана е и потребата од допрецизирање на определени постапки со цел надминување на практичните проблеми при спроведување на законските одредби на стручните служби, како и да им се овозможат барања на правните лица од областа, кои се активни учесници во изготвувањето на измените. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 - 2027 година Реформа 5.6.1 Чекор 129 ЕУ, |

Директива 555/21.

НПАА-поглавје: 3.24.Правда, слобода и безбедност
НПАА-подрачје: 3.24.6 Полициска соработка и борба против организираниот криминал
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2023.0600.8293

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Усогласување на законските одредби за оружјето со европското законодавство. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за внатрешни работи |

Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

Предлог - закон за системот на плати во јавниот сектор

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во законодавството во Република Северна Македонија не постои единствен платен систем за пресметката на платите на вработените во институциите од јавниот сектор, односно нема единствена методологија за пресметка на платите на вработените во јавниот сектор. Пресметката и исплатата на платите во институциите од јавниот сектор моментално се врши врз основа на посебни закони и колективни договори, а во некои институциии дури и со правилници-спротивно на начелата и одредбите од Уставот. Евидентно е дека не постојат јасни правила и воедначена Методологија за пресметка на платите во Законодавната власт, Извршната власт, Судската власт, Локалната самоуправа, Избраните, именуваните и назначените лица и Трговските друштва во целосна државна сопственост.Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, Реформа 1.2.2 ,Чекор18. |

НПАА-поглавје: 1.2 Реформа на јавната администрација
НПАА-подрачје: Креирање на политики и координација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0007.8415

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставување на единствен систем за пресметка на платите во јавниот сектор. |

| | |
|---|---|
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за јавна администрација |

| Предлог - закон за организација на органите на државна управа (ЗОРОДУ) | |
|---|---|
| Образложение: | Организацијата на институциите на јавниот сектор е од клучно значење за воспоставување на современ демократски систем кој ќе се темели на начелото на владеење на правото. Формирањето, статусот и надлежностите на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт се регулирани со Законот за организација и работа на органите на државната управа и посебни закони. Притоа, не е водено сметка за хиерархиската поставеност, субординацијата на органите, преклопување на надлежностите, стриктната надлежност на ресорите и/или за соодветно алоцирање на функциите на органите/институциите што во пракса предизвикува сериозни проблеми во однос на вршењето на основните функции на институциите. Во правниот систем често се воспоставуваат нови органи заради усогласување на домашното со европското законодавство, без при тоа да се води сметка за уставните рамки и претходните системски решенија кои не содржат соодветна правна рамка. Ваквата состојба е резултат на лошата практика на избрзано носење на закони и неспроведување на процесот.Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 1.2.1 , Чекор 14. |

НПАА-поглавје: I Политички критериуми
НПАА-подрачје: 1.2 Реформа на јавна администрација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0007.7912

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Јасно определување на критериумите и начинот на основање, статус, надлежната институција пред кого одговара, самостојност, улога и овластувања на надлежната институција, политичка одговорност за делувањето, договорната автономија, буџетската самостојност, сопствени приходи, статусот на вработените, организациската самостојност, раководењето и структурата на управување. Воведување на посебна постапка за претходна проценка на потребата за креирање на нови тела со цел да се ублажи ризикот од „неоправдан брз и ненадеен пораст“ на нови органи. Новата организациска поставеност јасно ќе ги утврди критериумите и начинот на креирање/спојување/укинување на институции, |

| | |
|---|---|
| | задржување/пренесување/укинување на надлежност со цел за унапредување на ефикасноста и ефективноста на институциите, подобрување на организациската поставеност, подобро искористување на човечките, финансиските и управувачките ресурси, која ќе се темели на начелото на владеење на правото и ефикасно извршување на функциите на државата. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за јавна администрација

Предлог - закон за висока раководна служба (ЗВРС)

Образложение: Во законодавството во Република Северна Македонија не постои јасно разграничување меѓу политичкото и професионалното ниво, односно не е јасно дефиниран и утврден опфатот за висока раководна служба. Со новиот Закон за Висока Раководна Служба (ЗВРС), ќе се воспостави воедначена процедура за назначување на раководна позиција, професионализација на раководните позиции - издвоена од политичкото управување, со политичка одговорност. Основна цел од воспоставување на Висока Раководна Служба (ЗВРС) е унапредување на јавните услуги, подобар придонес кон модернизација на државната администрација и зајакнување на доброто владеење како иманентен принцип на работење во јавната администрација. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 - 2027 година,Чекор 19, Реформа 1.2.2.

НПАА-поглавје: I Политички критериум
НПАА-подрачје: Реформа на јавната администрација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0007.7736

Очекувани влијанија: Разграничување на политичкото од професионалното ниво во администрацијата.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за јавна администрација

Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

Предлог - закон за салдирање на производителите

Образложение: Главна цел е воспоставување на рамноправен систем за проширена одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад.

НПАА-поглавје: Поглавје 27: Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Подобро и зајакнато уредување на видот на одговорноста на производителите по завршувањето на фазата на консумирање на производите што ги пуштиле на пазарот во Република Северна Македонија и начинот на нејзиното остварување заради собирање, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад што ги создале производителите со пуштањето на своите производи на пазар, условите, постапката и начинот на организирање заради остварување на проширената одговорност, условите и начинот на финансирање на мерките заради исполнување на проширената одговорност на производителот, правата и обврските на општините и другите субјекти кои имаат удел во постапувањето со посебните текови на отпад, како и други прашања што се од важност за навремено и целосно остварување на проширената одговорност на производителите.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог - закон за кривичната постапка

Образложение: Со донесување на новиот закон за кривичната постапка ќе се отстранат недостатоците од постојниот Закон кои се појавија во практиката, а воедно ќе се постигне и потполна усогласеност со

директивите на Европската Унија, посебно во делот на процедуралните права и правата за заштита на жртвите. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година Реформа 5.5.2 , Чекор 125.

НПАА-поглавје: 23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 3.23.1. Функционирање на правосудството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0100.7910

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемување на ефикасноста на кривичните постапки. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

**Предлог-Кривичен законик**

Образложение: Со донесување на новиот Кривичен законик, ќе се постигне потполна усогласеност со европското законодавство, меѓународните стандарди и јуруспруденцијата на Европскиот суд за човекови права. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година Реформа 5.5.2 ,Чекор 124.

НПАА-поглавје: 23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: 3.23.1. Функционирање на правосудството
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2018.0100.7515

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на казнената политика во пропишување на казните. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

**Предлог - закон за гробишта и погребални услуги**

Образложение: Причината поради која се предлага нов Закон за гробишта и погребални услуги е да се надминат одредни слабости и недостатоци на постоечкиот закон а особено во делот на

управувањето со гробиштата и вршењето на погребалните услуги. Со Предлог Законот за гробишта и погребални услуги се уредуваат начинот на определување, изградба, одржување, употреба, видови на гробишта, управување со гробиштата, употреба на гробно место и гробница, условите и начинот на вршење на погребални услуги, изградба на надгробни споменици, како и надзор над спроведување на овој закон.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со овој предлог на закон, односно решенијата содржани во него ќе ги разрешат на најприфатлив начин насобраните проблеми, слабости и недостатоци во постојните законски решенија од оваа област, како и во процесите на хармонизација на проблемите во областа на управувањето со гробиштата и погребалните услуги. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи

| | |
|---|---|
| Образложение: | Досегашното организирање и спроведувањето на основната обука за полицаец во траење од една година рефлектира повеќе квантитет, отколку квалитет кај кандидатите кои завршиле основна обука за полицаец. Со оглед дека еден од условите за пријавување на кандидат за основна обука полицаец е да биде на возраст од 18 до 25 години, кога личноста е целосно изградена и нема капацитет за дополнително надоградување со специфични и стручни вештини кои се главни карактеристики за полицаец, потребно е да се реорганизира и трансформира основната обука за полицаец во средно полициско образование. Со законските измени ќе се овозможи воспоставување на средно полициско образование, кое ќе придонесе подобрување на полицискиот образовен процес во министерството. |

НПАА-поглавје: 3.24 Правда слобода и безбедност
НПАА-подрачје: 3.24.1 Внатрешни работи
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со воведување на средно полициско образование ќе се воспостави соработка со високо образовни институции од областа на безбедноста, со цел обезбедување на квалитетно полициско образование и формирање на полициски кадар со висок морален и професионален интегритет. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за внатрешни работи

**Предлог - закон за меѓународна правна соработка на Република Северна Македонија со Европската Унија во кривична материја**

Образложение: Законот ќе овозможи директна меѓународна правна соработка на Република Северна Македонија со Европската Унија.

НПАА-поглавје: 3.24: Правда слобода и безбедност
НПАА-подрачје: 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал, Борба против тероризмот, ОЛАФ, Европол
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8408

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Развивање на соработката во областа на правосудството, овозможување на брза и ефикасна кривична постапка и борба против организираниот криминал. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за правда

## Ноември

**Иницијатива со висок приоритет**

Приоритет:

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година се планираат/утврдуваат износите на приходите и расходите и нивото на буџетскиот дефицит за следната фискална година по буџетски корисници на централната власт и фондовите.

НПАА-поглавје: 3.32 Финансиска контрола, Поглавје 3.33: Финансиски и буџетски одредби
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година се обезбедуваат средства за реализација на политиките и проектите планирани во Програмата на Владата на Република Северна Македонија и се определува максималниот износ на финансиски средства со кои можат да располагаат буџетските корисници на централната власт и на фондовите, над кои не можат да се преземат дополнителни обврски.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Предлог - закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година прецизно се регулираат условите и начинот на извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

НПАА-поглавје: 3.32 Финансиска контрола
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година се обезбедува дефинирање на процедурите за управување и извршување на буџетите на буџетските корисници на централната власт и фондовите, а со цел

| | |
|---|---|
| | рационално и наменско користење на одобрените финансиски средства. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

## Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

### Предлог - закон за вонредна состојба

| | |
|---|---|
| Образложение: | Доуредување на уставните одредби за вонредна состојба. |

НПАА-поглавје: Поглавје 23
НПАА-подрачје: Правосудство и фундаментални права
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Да се регулираат правните празнини кои произлегуваат од уставните одредби за вонредната состојба, со оглед на тоа што досега не е законски уредена оваа материја. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

### Предлог - закон за изменување на Закон за животна средина

| | |
|---|---|
| Образложение: | Потребно е транспонирање на Directive 2014/52/EU со тоа измена на Законот за животнат средина во делот за оцена на влијание врз животната средина .Оваа измена понатака повлекува и измена на подзаконски акти. Секретаријатот на Енергетската заедница во март 2021 година, достави допис до Министерството за економија за неуспехот за транспонирање и имплементација на директивата 2011/62/ЕУ изменета со директивата 2014/52/ЕУ за процена на ефектите на одредени јавни и приватни проекти врз животна средина. Секретаријатот на Енергетска заедница, го имформираше Министерството за економија, дека согласно член 90 на Договорот за формирање на Енергетската заедница доставил до Министерскиот совет "Образложено барање" за случајот ECS -22/21 |

против Република Северна Македонија. За таа цел со компентентните лица на Секретаријатот на Енергетската заедница и Секретаријатот за европски прашања се изготвени и Нацрт измените на Законот за животна средина со цел транспонирање со Директивата 2014/52/ЕУ. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, Реформа 2.1.3.1. , чекор 32.

НПАА-поглавје: Поглавје 27- животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0500.8116

Очекувани влијанија: Транспонирање на Directive 2014/52/EU. Да се обезбеди поголема анализа на дејности/активности за кои очекуваат влијание врз животната средина и олеснување во инвестицијата за дејности/активности кои се од помал обем. Со изработка на упатсвтата и измените на уредбите се очекува подобра имплементација на законот за животна средина, а со тоа и подобрување на квалитетот на медиумите и областите за животна средина.

Фискални импликации: Има: 900,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:
Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Предлог-закон за изменување и дополнување на Закон за меѓународна и привремена заштита

Образложение: Во текот на 2024 година во областа на азилот, директивите на Европската Унија се ревидираа, а дел од нив премина во регулативи. Во таа насока се појави потреба за измена на постојниот Закон за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/18) со цел усогласување со ревидираните директиви и регулативи на ЕУ и на тој начин поголем дел од законските одредби ќе се усогласат со законодавството на Европската Унија.

НПАА-поглавје: 3.24 Правда слобода и безбедност
НПАА-подрачје: 3.24.2 Азил и меѓународна заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0100.8409

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Усогласување на текстот на законсите измени за меѓународна и привремена заштита со законодавството на Европската Унија. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за внатрешни работи |

Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

Предлог - закон за матичната евиденција

Образложение: Целосна дигитализација на матичните книги и на работењето на Управата за водење на матични книги, воведување на семејни книги, електронско поврзување на базите и комуникација на институциите по електронски пат. Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија Реформа 2.2.2.2. Дигитализација на јавните услуги.

НПАА-поглавје: поглавје: 3.23: ПРАВОСУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА
ПОДОБЛАСТ 2.2.2. Дигитализација
НПАА-подрачје: 3.23.3 Темелни права
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2021.0100.8237

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Брзи услуги за граѓаните |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за дигитална трансформација |

Декември

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола

Образложение: Со законските измени на Законот за гранична контрола се предлага да се обезбеди решавање на констатираните проблеми кои произлегуваат од практична примена од предметниот закон, како и спроведување на преземените обврски со скрининг процесот за пристапување кон Европската Унија. Со донесување на предлог законските измени ќе се дефинираат следните одредби: - доуредување членот 28 за доставувањето на податоци за патниците - доуредување на вкупниот број и време на пренесени пораки - доуредување во делот на прекршочните одредби за недоставени АПИ и ПНР податоци.

НПАА-поглавје: 3.24. Правда, слобода и безбедност

НПАА-подрачје: 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал 3.24.7 Борба против тероризам

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: 2024.0600.8411

Очекувани влијанија: Надминување на проблемите при практична примена и имплементација на Законот за гранична контрола, како и реализирање на преземени обврски од скрининг процесот за пристапување кон Европската Унија.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за внатрешни работи

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка

Образложение: Цел на Предлог на законот е да се направи анализа на одредбите на законот со фокус на стимулирањето на меѓуопштинска соработка преку утврдување соодветни начини и средства за стимулирање на меѓуопштинската соработка, воведување облици на задолжителна меѓуопштинска соработка за Единиците за локална самоуправа кои не спроведуваат пренесени надлежности но и за надлежности чие спроведување налага воспоставување на соодветен облик на меѓуопштинска соработка како на пример: управување со ризици од поплави; управување со води и отпад; управување со заштитени подрачја; внатрешна ревизија; енергетска ефикасност; овластени инспектори. Спроведените консултации укажаа на потребата од поедноставување на процедурата за воспоставување на меѓуопштинска соработка.

НПАА-поглавје: поглавје: 3. Владеење
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Одржлив локален развој и децентрализација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Да се подобри примената на Законот за меѓуопштинска соработка.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за локална самоуправа

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за Градот Скопје

Образложение: Цел на Предлог на законот е да се подобрат одредбите поврзани со: усогласување со изменетиот и дополнет Законот за локална самоуправа (листа на надлежности, поделба на надлежностите на општините и градот Скопје) воспоставување меѓуопштинска соработка; проширување и унапредување на комуникацијата и координацијата опфаќајќи ги партиципативните тела и јавните служби; унапредена транспарентност, инклузивност и отчетност; поефикасно организирање на даночната администрација; распределбата на сопствените приходи; целосно усогласување со Законот за финансирање на единиците за локалната самоуправа, други секторски закони и други препораки опфатени со оценката на спроведувањето на законот.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: I. Политички критериуми
1.1 Демократија
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3. Владеење
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Да се подобри примената на Законот за Градот Скопје. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за локална самоуправа |

**Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Да се подобри вршење инспекциски надзор од страна на општините, статус и делокруг на надлежност на Државниот инспекторат за локална самоуправа. |

НПАА-поглавје: Политички критериуми – 1.1.3. Владеење
НПАА-подрачје: 1.1.3. Владеење
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Да се подобри примената на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за локална самоуправа |

## Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

**Предлог - закон за критична инфраструктура**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија во процесот на апроксимација кон ЕУ и усогласување и транспонирање на националното со европското законодавство особено кога тоа се однесува на ЕУ директивите за критичната инфраструктура што дава особен придонес во поглавјата 3.24; 3.10 |

и 3.31. Со изработка на Закон за критична инфраструктура ја потврдуваме нашата посветеност кон отварање на пристапните разговори со ЕУ со што Република Северна Македонија де-факто ја потврдува својата одлучност кон вредностите и целите на европската заедница.

НПАА-поглавје: Поглавје 31, поврзано со Поглавје 3.24 и Поглавје 3.10
НПАА-подрачје: Заштита на критична инфраструктура и одбраност на критични ентитети
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: Директивата 2008/114/ЕЗ
ЕПП: 2020.0007.7989

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Критичната инфраструктура е клучна за опстанокот и развојот на државата и треба да биде одраз на меѓу-секторска соработка односно примена во пристапот на севладиниот и сеопштествениот принцип. Секоја импровизација во сферата на заштитата и безбедноста на критичната инфраструктура која ќе се манифестира низ ненавремена, недоволна и несоодветна заштита ќе ја наруши безбедноста и отпорноста на истата и ќе претставува реален предизвик за нормално функционирање на општеството и реална закана за националната, регионалната и европската безбедност. Неопходно е да се подигне свесноста за соодветно разбирање на значењето на критичната инфраструктура во рамки на стратешкиот менаџмент со државата и нејзините институции. Всушност, е невозможно да се развие функционален систем на заштита на критичната инфраструктура ако носителите (актерите и учесниците) во тој систем не се свесни за нејзината критичност за виталните општествени функции. Законот ќе овозможи регулирање на предметната материја и организациска консолидираност во заедничките напори за градење на отпорност на критичните ентитети. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

Предлог на Царински закон

Образложение: Со донесувањето на новиот Царински закон, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија.Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 4.1.6 ,Чекор 102.

НПАА-поглавје: 3.29 Царинска унија
НПАА-подрачје: 3.29.1 Законодавство од областа на царина
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2010.0700.6103

Очекувани влијанија: Усогласеност со европското законодавство, процес на реформи, забрзан процес на дигитализација, поголем пристап до пазарот на ЕУ и поголема можност за увоз и извоз, квалитетен живот на граѓаните, поволности за македонските компаниите.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Предлог - закон за ветеринарно медицински препарати

Образложение: Со донесување на Законот за ветеринарно медицински препарати ќе се направи усогласување со Регулативата на ЕУ 2019/6 и делегирачките и имплементирачките акти кои произлегуваат од истата.

НПАА-поглавје: 12 Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика
28 Заштита на потрошувачи и јавно здравје
НПАА-подрачје: Лекови за хумана и ветеринарна употреба
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2023.1300.8289

Очекувани влијанија: Обезбедување на висок степен на заштита на здравјето на луѓето и животните.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенција за храна и ветеринарство

Предлог - закон за здравствена заштита на животни

Образложение: Со предлог - Законот за обезбедување хармонизирање на националната легислатива со легислативата на Европската Унија во делот на ветеринарното здравство и здравствената заштита на животните.

НПАА-поглавје: 3.12: Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика
Законот за здравствена заштита на животните е целосно хармониран со Европската регулатива, Regulation (EU) 2016/429
НПАА-подрачје: 3.12.2 Ветеринарна политика
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2019.0800.7762

Очекувани влијанија: Со хармонизација на Законот со новото Европско законодавство се постигнува повисоко ниво на здравствена заштита на животните со цел обебедување на предуслови за ставање во промет на живи животни на пазарите на ЕУ како и достапност до фондовите на ЕУ.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенција за храна и ветеринарство

## Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

Предлог - закон за прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV – Парк на природа

Образложение: Со донесувањето на Закон за прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV - Парк на природа ќе се воспостави правна заштита на овој објект на природата. Согласно Законот за заштита на природата, подрачјето ќе се стекне со статус на природно наследство. Со законот ќе се утврдат предлог надворешните граници, типови на зони и граници на распространување на предлог зоните. Ќе се обезбеди правна заштита и зачувување преку воспоставување на субјект за управување на идното заштитено подрачје.

НПАА-поглавје: Поглавје 27-животна средина
НПАА-подрачје: Биодиверзитет и природа

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0500.8417

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје ќе се направи прогрес во исполнување на целите и акциите од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027), одредбите од ЕУ директивите за живеалишта и птици и ратификуваните конвенции од областа на заштитата на природата, особено Конвенцијата за биолошка разнидност. Ќе се овозможи интегрална заштита на живеалиштата и видовите од национално и ЕУ значење. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот

| | |
|---|---|
| Образложение: | Усогласување со стандардите на Европската конвенција за човекови права и препораката Р (81)7, воспоставување на е-архива (е-регистар) на нотарски исправи, уредување на нотарска исправа во електронска форма - нотарски акт и други нотарски исправи составени од делчина, транспарентност во постапката за именување на нотари и подобрување на професионалните стандарди за нотарите. |

НПАА-поглавје: Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0100.8170

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Поголема ефикасност во работењето и олеснување на пристапот на граѓаните до нотарските услуги. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за правда

| Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за координација на безбедносно-разузнавачка заедница | |
|---|---|
| Образложение: | Со измените на Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница се предлага вклучување на Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање и Царинската управа, со цел за обезбедување навремени и точни информации за идентификување, спречување или намалување на ризиците од закани по националната безбедност. Воедно, законските измени ќе го опфатат и проширувањето на надлежностите Советот за координација на безбедносно разузнавачката заедница во делот на организираниот криминал и корупцијата, кои произлегуваат од Програмата на Владата за формирање на координативно тело за борба против организиран криминал и корупција. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, хоризонтално е поврзано Реформа 5.5.2. |

НПАА-поглавје: 3.23 Правосудство и темелни права
3.24 Правда, слобода и безбедност
НПАА-подрачје: 3.24.2 Антикорупциска политика
3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0600.8413

| Очекувани влијанија: | Со измените ќе се подобри размената на информации за активностите, а воедно ќе се опфати мултидисциплинарениот пристап кој ќе овозможи подобра координацијата на надлежните институции за побрза реакција однос на безбедносни закани и успешно реализирање на активностите. |
|---|---|

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за внатрешни работи

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Образложение: Потреба од измени и дополнувања во делот на инвестирање на средствата од придонес во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со предвидување на различни инвестициски портфолија заради зголемување на приносот од инвестиции од кој зависи висината на идните пензии.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: 3.09: Финансиски услуги
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.09.2 Осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0900.7971

Очекувани влијанија: Различни видови инвестициски портфолија согласно возраста на членовите во задолжително капитално финансираното пензиско осигурување (втор пензиски столб).

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Предлог за изменување на Законот за даночна постапка

Образложение: Допрецизирање на одредени одредби во Законот за даночна постапка од причина што во своето работење Управата за јавни приходи се соочува со одредени проблеми при спроведувањето на Законот во пракса. Подобрување на Законот за даночна постапка со цел дигитализација на даночните процедури, воведување на Единствен регистар на даночни обврзници (ЕРДО) кој согласно член 4 - а од ЗУЈП е компонента на Даночниот информациски систем. Воведување на даночен идентификационен број (ДИБ, кој е замена за досегашниот ЕДБ). Воведување на олеснета постапка за одлагање на плаќање на даночен долг која ќе има за цел да го олесни деловното работење на даночните обврзници во постапка на наплата на даночните обврски.

НПАА-поглавје: 3.16 -Оданочување
НПАА-подрачје: 3.16.4 Оперативен капацитет и компјутеризација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0700.8164

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на наплатата на даноците. Поефикасна присилна наплата. Олеснета постапка за одлагање на плаќање на даночен долг за даночните обврзници. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

Предлог - закон за сметководство

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесувањето на новиот Закон за сметководство ќе се постигне усогласување на националното законодавство со Директивата 2013/34 за годишни финансиски извештаи, консолидирани финансиски извештаи и поврзани извештаи за одредени видови на компании, Директивата 2014/95 со која се менува Директивата 2013/34 во врска со објавувањето на нефинансиските информации и информации за разновидност на одредени големи компании и групи, како и со Директивата 2022/2464/ЕУ со која се менува Директивата 2013/34/ЕУ, Директивата 2004/109/ЕЗ Директивата 2006/43/ЕУ и Регулативата 537/201/ЕУ во однос на известувањето за корпоративна одржливост. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 - 2027 година, Реформа 4.1.5. , Чекор (93,99). |

НПАА-поглавје: 3.06 Право на трговски друштва
НПАА-подрачје: 3.06.2 Сметководство и ревизија
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0700.8414

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со донесувањето на новиот Закон за сметководство ќе се доуредат одредбите со кои се уредува водењето на сметководството и истите досега беа дел од Законот за трговските друштва. При што се очекува да се подигне нивото на квалитет на финансиското известување во земјата, што претставува еден од предусловите за создавање на подобра деловна средина. Воедно, донесувањето на новиот Закон за сметководство се очекува да влијае на подобрување на проценката на идните активности на компаниите, што ќе им овозможи на инвеститорите да носат подобри инвестициски одлуки врз основа на транспарентни финансиски извештаи. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

| Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување | |
|---|---|
| Образложение: | Потреба од измени и дополнувања во делот на инвестирање на уплатените средства во доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со предвидување на различни инвестициски портфолија, заради зголемување на приносот од инвестиции од кој зависи висината на идните пензиски надоместоци. |

НПАА-поглавје: 3.09: финансиски услуги
НПАА-подрачје: 3.09.2 Осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0900.7972

| Очекувани влијанија: | Различни видови инвестициски портфолија согласно возраста на членовите во доброволно капитално финансираното пензиско осигурување (трет пензиски столб). |
|---|---|

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

| Предлог - закон за младинска работа | |
|---|---|
| Образложение: | Целта на предложениот Закон е формализирање на младинската работа, која претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата. Предмет на законското решение е уредувањето на условите и начинот на работното ангажирање на лица за вршење на младинската работа, правата и обврските на младинскиот работник, начинот на стекнување на степенот на образование за младински работник, преку неформално и формално образование, ќе се дефинира кој се понудувачи на младинска работа Со законско уредување на младинската работа ќе се утврдат и |

национални стандарди за квалитет во истата.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: 3.26: Образование и култура, Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.19.4 Политика на вработување и европскиот социјален фонд
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Обезбедување и спроведување соодветна системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку: → неформално образование: обучување и подучување на млади; → информирање, менторство, подучување и советување. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за социјална политика, демографија и млади |

| Предлог - закон за осигурување | |
|---|---|
| Образложение: | Донесување на нов Закон за осигурување, со цел усогласување со Директивата 2009/138/ЕЦ за основање и водење на деловни активности за осигурување и реосигурување (Солвентност II). |

НПАА-поглавје: 09-Финансиски услуги
НПАА-подрачје: 2-Осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2008.0700.4828

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со донесувањето на нов Закон за осигурување ќе се подобри стабилноста и одржливоста на осигурителниот сектор во насока на подобра заштита на правата на осигурениците, ќе се унапреди подготвеноста на секторот за соочување со конкурентските притисоци во рамки на Европската Унија и ќе се изврши понатамошна хармонизација со директивите на Европската унија по однос на осигурувањето. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

Предлог - закон за административна соработка за даночни цели

Образложение: Усогласување со Директива 2011/16 ЕУ за административна соработка во областа на оданочување со која се заменува Директивата 77/799/EEC (OJ L 064 11.3.2011, p.1)

НПАА-поглавје: 3.16 Оданочување
НПАА-подрачје: Административна соработка и заемна помош
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0700.8416

Очекувани влијанија: Законски уредена административна соработка за даночни цели помеѓу Република Северна Македонија и други земји членки на Европската Унија и уредување на формите на административна соработка (размена по барање, спонтана размена на информации, автоматска размена на информации, помош при наплата и доставување на информации/документи). Усвојувањето на правна рамка за административна соработка за даночни цели ќе придонесе кон зајакнување на соработката меѓу даночните администрации, а со тоа и борба против прекуграничната даночна евазија и даночното затајување, зголемување на наплатата на даноците, како и зајакната борба против корупцијата и перењето на пари.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Предлог-закон за меѓународна развојна соработка и хуманитарна помош во странство

Образложение: Надградба на постојната законска регулатива согласно критериумите за приближување кон ЕУ и потребите на државата.

НПАА-поглавје: 3.30-Надворешни односи
НПАА-подрачје: Развојна политика
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2008.1200.4271

Очекувани влијанија: Ефикасно дејствување во областа на развојната соработка и хуманитарната помош.

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |

**Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странци (*)**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во рамки на министерството започнати се активности за законските измени за Законот за странци со кои ќе обезбеди решавање на проблемите произлезени од практичната примена на законот, како и спроведување на обврски од скрининг процесот за пристапување кон ЕУ. Со измените ќе се дефинираат одредбите: преточување на одредбите на Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.71,125 и 169/20);создавање на услови за престој на таканаречни „дигитални номади“; усогласување со Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20); уредување на начинот на вработување односно работен ангажман на придружбата на членови на дипломатски мисии; доуредување на привремен престој на жртви на трговија со луѓе; нормирање на бесплатната правна помош при враќање на лица со нелегален престој и доуредување на постојан престој на лица под меѓународна заштита. |

НПАА-поглавје: 3.24 Правда, слобода и безбедност
НПАА-подрачје: 3.24.1 Миграција
3.24.2 Азил
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0600.8410

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Надминување на проблемите при практична имплементација на законот, како и реализирање на преземените обврски од скрининг процесот за пристапување кон Европската Унија. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за внатрешни работи |

| Предлог- закон за складирање и заштита од запални течности и гасови | |
|---|---|
| Образложение: | Со примена на одредбите од Закон за складирање и заштита од запални течности и гасови („Службен лист СФРЈ бр.15/76, 51/88, 19/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/93,66/07, 130/08 и 148/15) произлезени се недоречености и недоследности, од тие причини се предлага донесување на нов Закон за складирање и заштита од запални течности и гасови кој ќе биде усогласен со законодавството на Европската Унија. Регулативата (ЕЗ) 1272/2008 за класификација, етикетирање и пакување на супстанци и мешавини (CLP); Регулативата (ЕЗ) бр.1907/2006 за регистрација, проценка, овластување и ограничување на хемикалии (REACH). |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.15: Енергетика
Поглавје 27: Животна средина и климатски промени
Поглавје 1: Слободно движење на стоки
НПАА-подрачје: Хемикалии
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2024.0600.8412

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Целосно усогласување на новиот Закон за складирање и заштита од запални течности и гасови со законодавството на Европската Унија. |

| | |
|---|---|
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за внатрешни работи |

II ДЕЛ

Акти и материјали по кои одлучува Владата на Република Северна Македонија

Јануари

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Информација за донесување на Ценовник за инжинерски услуги при вршење на технички преглед на градби согласно Закон за градење

Образложение: Не е регулиран никаков надоместок за вршење на инжинерски услуги при вршење на технички преглед на градби.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Регулирање на надоместок за вршење на инжинерски услуги при вршење на технички преглед на градби.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - уредба за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

Образложение: Во согласност со член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој се изработува нов текст на уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми

и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој кој треба да ја уреди постапката за креирање и имплементација на мерките за поефикасно реализирање на поддршките во оваа област на земјоделството и руралниот развој.

НПАА-поглавје: Поглавје 11
НПАА-подрачје: Земјоделство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој ќе обезбеди поголема транспарентност и функционалност на предвидените стратешки приоритети на ВРСМ за развој на зрр. Со новата уредба ќе се уредат активностите поврзани со организирање и спроведување на програми за обука на земјоделските стопанства, промотивните активности од областа на зрр, учество на саеми и организација на промотивни настани во и вон РСМ, помош за маркетинг на земјоделски производи, изработка на списанија, спроведувања на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на зрр, инвестициони вложувања за воспоставување на научно демонстративни примери, воспоставување и спроведување на иновативни практики, други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## Предлог- програма за доделување на земјиште за изградба на објекти за домување за ранлива категорија на граѓани Роми на територија на Република Северна Македонија за 2025 година

Образложение: Целта на програмата подобрување на условите за живеење преку реновирање на домовите и изградба на основна инфраструктура во ромските населби. • Реновирање на домови: Финансиска поддршка

за реновирање на постоечки домови; • Инфраструктурни проекти: Развој на патишта, водовод и електрична мрежа изградба на нови домови

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права 3.19.4 Политика на вработување и европскиот социјален фонд
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Програмата ќе обезбеди подобрување на условите за живот на над 1001 ромски семејства. |

Фискални импликации: Има: 3,065,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

Предлог - оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2025 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Имајќи го во предвид проблемот на релативно висока стапка на невработеност и стапката на невработеност на младите лица (15-29 години) во Република Северна Македонија, во Оперативниот план за 2025 година, ќе се дефинираат видови на програми/мерки за вработување што ќе се имплементираат и со кои ќе се настојува да се зголеми опфатот на невработени лица. Оперативниот план ќе ги вклучува и потребните финансиски средства за имплементација на програмите/мерките за вработување и извори на финансирање, како и институциите надлежни за спроведувањето. |

НПАА-поглавје: 3.19: Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: 3.19.4 Политики за вработување и Европски социјален фонд
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Сите невработени лица евидентирани во Агенција за вработување на Република Северна Македонија ќе имаат право на пристап до услугите и програмите за вработување утврдени во Оперативниот план за 2025 година. Приоритетот за учество се определува врз основа на условите и критериуми утврдени за секоја одделна |

| | |
|---|---|
| | услуга/програма. Како општо правило, во сите услуги и програми за вработување наведени во Оперативниот план ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажите и жените и стапка на учество на младите (до 29 години) од најмалку 30%. |

Фискални импликации: Има: 2,100,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за економија и труд

## Информација за активности и проектите на Министерството за надворешни работи планирани за 2025 година за консолидација на дипломатско - конзуларниот имот во сопственост на Република Северна Македонија во странство

Образложение: Иницијативата опфаќа активности и користење на повеќегодишни буџетски средства на ставката капитални расходи за реализација на неколку проекти во функција на консолидација на дипломатско - конзуларниот имот на Република Северна Македонија во странство, односно ставање во функција на имотите добиени од сукцесија на дипломатско конзуларниот имот на СФРЈ и по други основи, кои заради потреба од реконструкции, реновирања и потребни адаптации, веќе подолго време не се користат за потреби на дипломатско - конзуларните претставништва (ДКП) на Република Северна Македонија, вклучително и рационално искористување на просторни капацитети на имотите кои се користат со дополнување на потребни содржини за дипломатско - конзуларните претставништва, а со цел на остварување на долгорочни буџетски заштеди на име закупнини кои тековно се плаќаат за простории на дипломатско - конзуларните претставништва и станови за дипломати.

НПАА-поглавје: Поглавје 31: Надворешна, безбедносна и одбранбена политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со реализација на сите проекти во функција на консолидација на дипломатско - конзуларниот имот во сопственост на Република Северна Македонија во странство се очекуваат долгорочни буџетски заштеди на средства кои тековно се плаќаат за закупнини на простории за дипломатско - конзуларните претставништва.

Фискални импликации: Има: 126,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Предлог - програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година

Образложение: Уредување на распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година за намалување на диспаритетите/разликите во степенот на развиеност меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година.

НПАА-поглавје: 3.22: Регионална политика и координација на структурни инструменти
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Намалени диспаритети, зголемена конкурентност, повисок животен стандард и зголемен квалитет на живот на граѓаните.

Фискални импликации: Има: 150,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за локална самоуправа

Предлог-програма за изменување на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2023-2027 година

Образложение: Измената и дополнувањето на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за период 2021-2027 година (НСЗРР 2021-2027) на половината од периодот на спроведување на стратегијата предвидена за периодот октомври 2024 - мај 2025, претпоставува измени и во нејзините имплементирачки документи, пред се во Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2023-2027 година. Се очекува процесот на подготовка на ажурираниот текст на програмата да биде завршен на почетокот на декември 2024 година после што ќе започне усвојување на истиот од страна на

владата што се очекува да заврши во јануари 2025 година. Измената и дополнувањето на Националната програма ќе ги земе и во предвид промените на политиките согласно новата владина програма за периодот 2024-2028 година.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Соодветно прилагодување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со ажурираната НСЗРР 2021-2027 и обезбедување на соодветна основа за подготовка на едногодишните програми за поддрпка за 2025 година. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Предлог - програма за фитосанитарна политика 2025 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Програмата за фитосанитарна политика 2025 година се утврдува висината на средствата, намената и начинот на нивното користење за функционирање на фитосанитатниот систем во текот на 2025 година, вклучувајќи реализација на фитосанитарниот мониторинг кај стратешките земјоделски култури реализација на мониторингот во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на фитофарматцевски производи та и резидуи од фитофарматцевски производи во производи од примарно земјоделско производство, одржување и проширување на фитосанитарниот информациски систем, реализација на Договорите за јавни овластувања, следење, прогноза и известување за појавата на штетни организми, спроведување на фитосанитарни мерки во случај на појава и сузбивање на штетни организми кај растенијата, одржлива употреба на фитофармацевтските производи, спроведување на активности за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи, пренесување на искуства и применливи техники од најновите научни достигнувања и други активности во фитосанитарната област. |

НПАА-поглавје: Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика
НПАА-подрачје: Подрачје фитосанитарна политика
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | -зголемено производство на храна преку истражување на карантински штетни организми, -намалена зависност од увоз на храна -конкурентно производство, преку исполнување на извозните фитосанитарни барања на земјите кои увезуваат макеодонски примарни земјоделски производи односно растенија и растителни производи, - мониторинг на правилна употреба на пестициди и остатоците на пестициди во примарни земјоделски производи. |

Фискални импликации: Има: 5,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

**Информација за постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Република Азербејџан за укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши**

Образложение: Укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемена соработка помеѓу двете држави, развој на економија, енергетика и туризам. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |

Предлог - програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2025 година

Образложение: Со оваа програма се спроведува мониторинг на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата кои се употребуваат за 2025 година.

НПАА-поглавје: поглавје 11 Земјоделство и рурален развој и Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика
НПАА-подрачје: Подрачје фитосанитарна политика
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: -зголемено производство на храна преку правилна употреба на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата - заштита на здравјето на луѓето - зголемена конкурентност на земјоделските производи.

Фискални импликации: Има: 1,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Предлог - програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2025 година

Образложение: Министерството за економија и труд согласно Програмата на Владата на Република Северна Македонија има обврска да предложи до Влада Предлог програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: Локална и регионална конкурентност во туризмот
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемување на бројот на домашни туристи, подобрување на туристичката понуда и подршка во развој на туризмот.

Фискални импликации: Има: 36,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за економија и труд

Предлог - програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за 2025 година

Образложение: Годишната програма е законска обрска на Агенцијата за стоковни резерви која произлегува од Законот за стоковни резерви („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21 и 74/24) и е услов за користење на средствата од Буџетот согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со реализација на Програмата за формирање,чување, обновување и користење на стоковните резерви ќе се овозможи редовно обновување на стоковните резерви, со што Агенцијата за стоковни резерви ќе располага со квалитетни стоки за интервенција во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи, како и по поголемо нарушување на пазарот.

Фискални импликации: Има: 300,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Агенција за стоковни резерви

Предлог - програма за спроведување на интервентен фонд за земјоделство за 2025 година

Образложение: Со оваа програма ќе се рализираат интервентни мерки за финансиска поддршка во земјоделството за ублажување на

последиците предизвиикани од зголемувањето на производствените трошоци за производство на земјоделски култури и стабилизирање на пазарите на земјоделски производи.

НПАА-поглавје: Поглавје 11
НПАА-подрачје: Подрачје земјоделство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | -зголемено производство на храна, -намалена зависност од увоз на храна -конкурентно производство, -намалување на сива економија и - подобрување на доходот на земјоделците. |

Фискални импликации: Има: 350,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

Предлог - програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година

Образложение: Иницијативата е во согласно член 7 став (3) и (6) од Законот за земјоделство и рурален развој за долгорочно планирање на националната земјоделска политика, а во насока на остварувањето на секторските цели. Програма за финансиска поддршка на руралниот развој се изработува во согласност со Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2023-2028 година. Програмата ги поврзува стратешките документи на политиките пред се Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2021-2027 година и повеќегодишното буџетско планирање, годишните оперативни програми, а со помош на подзаконските акти поврзани со рурален развој (правилници за реализација на мерките за рурален развој) и државната помош (уредби за реализација на мерките од државна помош , техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој, субвенционирање на каматна стапка и активности на национална рурална мрежа.

НПАА-поглавје: Поглавје 11
НПАА-подрачје: Земјоделство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Остварување на целите на националната политика за рурален развој на Република Северна Македонија кои согласно законот треба да бидат остварени преку политики насочени кон: - стимулирање на производството на храна; - поддршка за инвестиции; - поддршка на нова технологија - инвестиции за модернизација и диверзификација; - поддршка за одржливо земјоделско производство; - зачувување на руралните предели; - зачувување на генетската разновидност; - агроеколошки мерки; - генерациски промени во земјоделските стопанства; - поддршка на млади брачни парови кои се враќаат на село; - мерки за поддршка на руралното кредитирање; - поддршка за здружување во земјоделски задруги и други форми на здружување; - мерки за поддршка преку државна помош, - поддршка за активен женски член во земјоделско домакинство, - поддршка на младите во земјоделството и руралниот развој особено за млади жени во рурални средини. |

Фискални импликации: Има: 2,500,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Предлог - програма за семе и саден материјал во 2025 година

Образложение: Со Програмата за семе и саден материјал се овозможува запишување на сорти од земјоделски растенија во националната сортна листа, постконтрола на сертифициран семенски и саден материјал и чување и одржување на семенски и саден материјал.

НПАА-поглавје: 3.12.Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со активностите ќе се воспостави контрола над произведениот сертифициран семенски и саден материјал од земјоделските растенија со единствена цел зголемување на приносот по единица површина, како и запишување на сорти кои се пуштаат во трговија и функционирање на ген банки за чување и одржување на семенски и саден материјал. |

Фискални импликации: Има: 1,500,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Предлог - програма за водостопанство за 2025 година

Образложение: Со оваа Програма Управата за водостопанство остварува финансиска поддршка во рамките на своите надлежности, ги врши работите кои се поврзани со планирање и развој на водостопанството, користење на водите и водостопанските објекти и инвестиции и управување со проекти. Управата врши работи на непосредно извршување на законските и други прописи и општи акти во областа на водостопанството за кои се бара посебно организирана служба.

НПАА-поглавје: Поглавје 13
НПАА-подрачје: Водостопанство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Обезбедување на доволни количества на вода за наводнување и работи за одводнување на земјоделските површини преку одржливо инвестирање во инфраструктурата за наводнување и одводнување

Фискални импликации: Има: 1,356,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Информација за активностите и очекуваните резултати во 2025 година од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешна СФРЈ

Образложение: Активностите имаат за цел финална имплементација на Спогодбата за прашања на сукцесија од 2001 година, односно заштита на инересите на Република Северна Македонија во процесот на сукцесија на имотот на поранешна СФРЈ и стекнување на имоти во сопственост за потреби на дипломатско - конзуларни претставништва, стекнување финансиски средства по основ на заедничка продажба на дипломатски имоти, депозити на СФРЈ, заштита на имотните права на македонски правни и физички лица, враќање на уметничките добра и архивската граѓа.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Очекувани резултати од сукцесијата на дипломатско-конзуларниот имот на поранешна СФРЈ се материјални (објекти за амбасади) и финансиски придобивки за Република Северна Македонија и обезбедување на историската граѓа. |

Фискални импликации: Има: 360,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Предлог - програма за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година

Образложение: Во членот 45 став (1) од Закон за земјоделство и рурален развој се предвидени Мерките за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук и млеко и млечни производи се насочени кон подобрување на квалитетот на исхраната на лица под 18 години, лица изложени на социјални ризици по здравјето и ризици од сиромаштија, вклучени во државниот образовен, здравствен и социјален систем. Согласно став (3) од истиот член Владата, на предлог на министерот, донесува програма за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук и млеко и млечни производи. Програмата ги поврзува стратешките документи на политиките пред се Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2021-2027 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 11
НПАА-подрачје: Подрачје земјоделство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемена потрошувачка и откуп на свеж зеленчук и овошје и млеко и млечни производи произведени во Република Северна Македонија и воведување на здрави навики во исхраната на лица под 18 години. |

Фискални импликации: Има: 40,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Предлог - програма за развој на угостителството за 2025 година

Образложение: Министерството за економија и труд согласно Програмата на Владата на Република Северна Македонија секоја година има обврска да предложи до Влада Предлог програма за развој на угостителството со конкретни активности за подобрување на туристичката понуда во Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, подобрување на туристичката понуда и подршка во развој на угостителството.

Фискални импликации: Има: 60,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за економија и труд

Предлог - програма на економски реформи 2025 - 2027 година

Образложение: Програмата за економски реформи претставува кохерентен стратешки документ кој ја презентира националната економска политика на земјата. Програмата се осврнува на остварените економски движења, ги претставува предвидувањата за наредниот тригодишен период, тригодишната фискална рамка и клучните структурни реформи за поддршка на економскиот раст и конкурентноста на земјата. Преку изработка на оваа Програма, Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ ја применува праксата на интегрирано економско управување со цел, по зачленувањето, полесно да се премине во процесот на Европскиот семестар на ЕУ за водење на економските политики, како и да биде способна да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили во Унијата. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, Дигитална транзиција.

НПАА-поглавје: Економски критериуми; 3.17 Економска и монетарна унија
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со Програмата треба да се воспостави среднорочна макроекономска и фискална рамка и структурни реформи на земјата, конзистентни со севкупните политики за обезбедување на економски раст и конкурентност на земјата, како и подготовка за постепено интегрирање во мултилатералното фискално известување во контекст на ЕМУ (Европска монетарна унија). |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

**Предлог - уредба за поблиските критериуми за дирекни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на дирекните плаќања за 2025 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој поблиските критериуми, корисниците, максималните износи и начинот на исплата ги пропишува Владата на предлог на министерот со Уредба по која постапува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој која врши исплата. |

НПАА-поглавје: Поглавје 11
НПАА-подрачје: Земјоделство и рурален развој
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | -зголемено производство на храна и намалена зависност од увоз на храна -конкурентно производство, -намалување на сива економија и -поддршка на доходот на земјоделските стопанства. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Предлог - програма за рамномерен регионален развој во 2025 година

Образложение: Со донесувањe на програмата уредува распределбата на планирани средства за поттикнување на рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: 3.22.Регионална политика и координација со структурни фондови
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Регионален развој
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони, зголемен квалитет на животот на граѓаните.

Фискални импликации: Има: 1,200,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за локална самоуправа

Предлог - програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година

Образложение: Согласно член 7 став (3) и (6) од Законот за земјоделство и рурален развој за долгорочно планирање на националната земјоделска политика, а во насока на остварувањето на секторските цели предвидено е изработка на годишна Програма за финансиска поддршка во земјоделството врз основа на Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2023-2028 година. Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој е плански и оперативен документ за спроведување на националната политика за земјоделство и рурален развој која ги содржи политиките на пазарно-ценовна политика и мерки на рурален развој, нивните мерките и инструменти презентирани во временски контексти со индикативна финансиска рамка. Всушност програмата ги поврзува стратешките документи на политиките пред се Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2021-2027 година и повеќегодишното буџетско планирање, со годишните оперативни програми и годишните уредби за спроведување на земјоделските и рурални политики.

НПАА-поглавје: Поглавје 11
НПАА-подрачје: Подрачје земјоделство

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | -зголемено производство на храна, -намалена зависност од увоз на храна -конкурентно производство, -намалување на сива економија и - подобрување на доходот на земјоделците. |

Фискални импликации: Има: 7,075,566,340 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

### Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

**Предлог - одлука за НАТО оценување на Специјалните Сили на Армијата (SOFEVAL)**

Образложение: Согласно НАТО пакетот на цели на способности (ЦС/СТ 21) одредени и оценети се два тима за специјални копнени операции. За да продолжиме да ја одржуваме оваа цел на способност се планира реоценување кое се спроведува на секои 3 (три) години. Оценувањето се спроведува во две фази, со времетраење од по 5 (пет) работни денови. Процесот побарува повремена координација, следење на реализацијата и превземање мерки за унапредување, развој, школување и модернизација на специјалните сили на Армијата, како и нивна готовност за распоредување во НАТО водени операции.

НПАА-поглавје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Во Армијата оценети се вкупно 6 (шест) тима за специјални копнени операции. Првите два два тима за специјални копнени операции се оценети во ноември/декември 2021 година во Република Грција, и истите треба да се реоценат во текот на 2025 година, а најкасно до декември 2025 година. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

Информација за поддршка од страна на Армијата на другите државни институции ( по утвредена потреба во случај на природни и други настанати катастрофи), а во функција на јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи

Образложение: Врз основа на мисијата на Армијата на Република Северна Македонија, Армијата постојано ангажираше одредени капацитетите со кои активно учествуваше во операции за поддршка: на силите на МВР во справување со закани, ризици и опасности по безбедноста на Република Северна Македонија, а кои ги надминуваат нивните способности и капацитети, како и справување со кризната состојба со мигранти на јужната и северната граница на Република Северна Македонија, на државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во справување со поплави и посебно пожари на цела територија на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со воспоставување на систем кој ќе гарантира реално и сигурно буџетирање на одбраната, каде Армијата ќе може да извршува операции за поддршка на државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во случај на природни непогоди и катастрофи, кризна и вонредна состојба, а при тоа редовното функционирање на Армијата да не биде доведено во прашање, додека Владата на Република Северна Македонија ќе располага со соодветни капацитети на Армијата опремени и оспособени за брза реакција и ангажирање во сите горе наведени состојби.

Фискални импликации: Има: 24,696,490 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

| Информација за степенот на имплементација на обврските од НАТО процесот на одбранбено планирање ( Јануари) | |
|---|---|
| Образложение: | НАТО процесот на одбранбено планирање е комплексен и се спроведува во циклуси од по 4 години, преку пет фази во секој циклус. За имплементација потребна е меѓуресорска координација и соработка на национално ниво, со НАТО и со земјите членки. Овој процес покрај Министерството и Армијата предизвикува обврски за повеќе национални институции, односно содржи и обврски за цивилна подготвеност и стабилизација и реконструкција. Процесот побарува постојана координација, следење на реализацијата и превземање мерки за унапредување на националните капацитети, како и нивна подготовка за распоредување во НАТО операции, согласно прифатените рокови. |

НПАА-поглавје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Во април 2024 година НАТО го донесе документот Минимум побарувања за способности 2024 врз основа на кои се генерирани предлог целите на способности 2025, со што започна чекор 3 од НАТО процесот на одбранбено планирање. Новиот пакет на цели на способности 2025 година официјално ќе и биде доделен на нашата држава на состанокот на Северноатланскиот Совет на ниво на министри за одбрана во октомври 2025 година. Во март 2025 година НАТО ќе го иницира чекор 5 од процесот при што Република Северна Македонија треба да го подготви и достави до НАТО Прегледот на планирани одбранбени способности 2025 година. Од страна на Владата, Министерството за одбрана е задолжено редовно да ги следи сите чекори и обврски за Република Северна Македонија кои произлегуваат од НАТО Процесот на одбранбено планирање, да ги информира сите вклучени институции за следните чекори и да го координира целокупниот процес. |

| | |
|---|---|
| Фискални импликации: | Има: 280,000 ден<br>Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година |
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

Предлог - одлука за меѓународна вежба „COMBINED RESOLVE 25-01“ во Сојузна Република Германија

Образложение: Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија со земјите сојузници и партнери при изведување на копнени операции во мултинационална здружено комбинирана средина.

НПАА-поглавје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Позитивно влијание во одржување и унапредување на стекнатото искуство и знаење на персоналот од инженериската единица кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на интероперабилноста и борбената готовност на Армијата на Република Северна Македонија.

Фискални импликации: Има: 1,118,704 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

## Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Предлог - годишна програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2025 година

Образложение: Со донесување на Програмата ке се обезбедат средства за спроведување на Годишна наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло за 2025 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарство и фитосантирана политика
НПАА-подрачје: подрачје: 3.12.3 Ставање во промет на храна, храна за животни и нус производи од животинско потекло
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Обезбедување на висок степен на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната, храната за животни и нуспроизводи од животинско потекло. |

Фискални импликации: Има: 22,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Агенција за храна и ветеринарство |

| | |
|---|---|
| Предлог - програма за мониторинг за безбедност на храната за животни за 2025 година | |
| Образложение: | Програмата за мониторинг за безбедност на храната за животни се спроведува заради утврдување на микробиолошката исправност на храната за животни, одредување на нивото на непожелни супстанции во храната за животни и утврдување на присуството на забранети супстанции во храната за животни согласно Правилникот за општи и посебни барања за безбедност на храната за животни, Правилникот за листа на непожелни супстанции во храната за животни и максимално дозволено ниво како и критичните точки за спроведување на истражување за идентификација на изворот и причините за пречекорување на максимално дозволеното ниво, Правилникот за начинот и постапката на земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни и Листата на суровини, материјали и други производи чие ставање во промет и употреба се забранети. |

НПАА-поглавје: Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарство и фитосантирана политика
НПАА-подрачје: 3.12.5 Посебни правила за храна за животни
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Цел на оваа програма е утврдување на одредени несообразности во однос на прописите за безбедност на храната за животни. Оваа програма се применува во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храната за животни, со исклучок на примарното производство на храна за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе за сопствени потреби во домаќинството. |

Фискални импликации: Има: 700,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Агенција за храна и ветеринарство

**Предлог - програма за работа на Центарот за обука на Министерството за европски прашања (ЦОМЕП / ИПАТСФ) за 2025 година во јакнење на административните капацитети на ИПА оперативната структура**

Образложение: Спроведување на Програмата за работа на Центарот за обука на Министерството за европски прашања (ЦОМЕП) во текот на 2024 година, изработена врз основа на спроведен Прашалник за утврдување потреби од обука и анализа на јакнење на административните капацитети на ИПА оперативната структура, како и спроведен Прашалник за утврдување потреби од обука и анализа на јакнење на административните капацитети на НПАА структурата, преку користење на достапните буџетски средства за работа на Центарот, како и ангажирање на внатрешните човечки ресурси од јавната администрација, како и надворешни лица, односно обучувачи во реализација на Програмата за работа на Центарот за обука на МЕП.

НПАА-поглавје: НПАА Поглавје IV.2 јакнење на капацитетите за ЕУ и ИПА - хоризонтални обуки и во НПАА поглавја
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите. Зајакнати капацитети на ИПА структурата и на институциите за апсорпција на ЕУ фондови

Фискални импликации: Има: 3,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за европски прашања

Информација за создавање на пребарувач низ фондовите на Државниот архив

Образложение: Потребно е континуирана надградба на информатичката инфраструктура и стручна и логистичка подрчка за електронски архив,како и одржување и надградба на информациско комуникациската мрежа.Како една од стратешките цели на Државниот архив е потребата од создавање на пребарувач како софтверски програм и пуштање во употреба. Потребно е да се внеста компјутерски да се обработат НИС-ови кои биле искуцани на машина. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 2.2.2.2.

НПАА-поглавје: 3.10. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: -зголемување на безбедноста на архивскиот материјал; -минимализирање на ризикот од контаминација на оригиналниот траен архивски материјал; -централизирање на податоците за евиденциите во централните и подрачните одделенија; -скратување на времето за услужување на корисниците; -подобрување на квалитетот на архивските истражувања; -овозможување на електронски пристап до архивското богатство

Фискални импликации: Има: 200,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Државен архив на Република Северна Македонија

Информација за создавање на први историски бази на податоци (Илинденци, учесници на НОБ итн)

Образложение: Како една од стратешките цели на Државниот архив е создавање на први историски бази на податоци (Илинденци, учесници на НОБ итн...). Потребно е компјутерско внесување на податоци за Илинденците, носителите на партизанската споменица, учесниците на НОБ во соработка со историчарите на ИНИ. На тој начин ќе имаме дигитална трансформација при испорака на услугите за граѓаните и бизнисите, развој на електронска комуникациска инфраструктура и услуги, зголемување на транспарентност,отчетност и инклузивност.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.10: Информатичко општество и медиуми

НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.10.2. Услуги на информатичко општество
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Трајно чување и заштита на архивскиот материјал како движно културно наследство, да се организира според меѓународните и ЕУ стандарди и да се трансформира во современо научно истражувачки центар. Потребно е да се подигне свеста на народот за значењето на Државниот архив, да се промовира архивскиот материјал и дејност и на тој начин ќе се подобри статусот, третманот и важноста на документите и формирањето на дигитален архив достапен за сите каде граѓанинот е на прво место. |

| | |
|---|---|
| Фискални импликации: | Има: 500,000 ден<br>Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година |
| Предлагач: | Државен архив на Република Северна Македонија |

Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

Предлог - програма за проширена репродукција на шумите за 2025 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Врз основ на член 96 од Законот за шумите Владата на Република Северна Македонија донесува Програма за прширена репродукција со која се остварува финансиска поддршка во шумарството преку пошумување, мелирации, одстранување на последици од шумски пожари, сузбивање на болести и штетници и обезбедување на саден материјал за пошумување на парцели во приватна сопственост и др. |

НПАА-поглавје: Поглавје 27
НПАА-подрачје: Животна средина и климатски промени
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Позитивни влијанија: зголемување на шумскиот фонд по површина и дрвна маса, подобрување на квалитетот на шумите, зголемување на отпорноста на шумите од негативни влијанија, намалување на штетите на шумите од биотски и абиотски фактори и заштита и подобрување на животната средина. |

| | |
|---|---|
| Фискални импликации: | Има: 84,500,000 ден<br>Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година |

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Предлог - програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност

Образложение: Со оваа Програма се опфаќаат повеќе програмски активности од областа на администрацијата и хидрометеоролошките работи. - редовни хидролошки и метеоролошки мерења и набљудувања; - следење и анализа на климата и климатските промени, изготвување на хидролошки и метеоролошки извештаи и информации, агрометеоролошки информации, редовни и вонредни прогнози на време и рана најава за екстремни временски непогоди; - мерења на квантитативните карактеристики на водите за хемиска и биолошка анализа; - прием и обработка на податоци од меѓународната размена; - одржување на мрежата на метеоролошките, хидролошките станици и радарските центри; - осовременување на мониторинг системот на УХМР.

НПАА-поглавје: -Поглавје 27
-Поглавје 11
НПАА-подрачје: -Животна средина и климатски промени
-Земјоделство и рурален развој
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со оваа Програма се остварува генерални приоритети и долгорочни цели од областа на хидрометеоролошката дејност: подобра услуга на општеството, унапредување на системот за набљудување и прогноза, стручни наменски анализи и истражувања од областа на метеорологија, климатологијата, хидрологија и состојбата на водните тела, градење и јакнење на капацитетите на управата и партнерства.

Фискални импликации: Има: 125,100,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Информација за ревидирање на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 - 2030 година**

Образложение: Организационата поставеност за имплементација на Стратегијата е конфузна поради новата реорганизација на Владата и има преклопување на ингеренции помеѓу Министерство за социјална политика, демографија и млади и Кабинет на Министерот задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата на Ромите (некои се дуплираат, што доведува до забуна како во државните институции така и со надворешни партнери кои даваат поддршка). Исто така е потребна анализа за процент на реазлизирација на овој стратешки документ.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: Поглавје 3.19 Поглавје 23

НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Социјална политика и вработување

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

Очекувани влијанија: Пречистен тескт со политички коректна формулација на напорите на државата во врска со подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија. Јасно поделени ингеренции и улога на секој од вклучените чинители. Потребно е усогласување со Министерство за социјална политика, демографија и млади, во реорганизација на Владата и новиот Кабинет за спроведување на Стратегијата за Ромите.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

**Информамција за потребата за изработка на проекти за обезбедување на обуки и стипендии за младите Роми за стекнување дигитални вештини и Академии за изчување на ИТ јазици, јава скрипт и со што ќе ја зголеми нивната конкурентност на пазарот на трудот**

Образложение: Голем дел од Ромското население живее во супстандардни услови, немаат никаква финансиска можност да живеат во минимално технички услови за нормален живот. Преку изработка и спроведување на проекти за обезбедување на обуки и стипендии за младите Роми за стекнување дигитални вештини и Академии за изчување на ИТ јазици, јава скрипт и други програми, ќе се зголеми нивната конкурентност на пазарот на трудот и ќе им се подобрат животните услови на ромските семејства и истите ќе се

поттикнат за интеграцијата во заедницата.

НПАА-поглавје: поглавје: 3.23: ПРАВОСУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА
Поглавје 26: Образование и култура
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Социјална политика и вработување
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Намалување на јазот во квалитетот на образование и знање од областа на дигитални вештини кај ромската и неромските заедници во Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: Има: 6,130,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

Информација за трансферите на административните службеници од Министерство за односи меѓу заедниците во органите на државната управа

| | |
|---|---|
| Образложение: | Ја информираме Владата за тековната состојба по однос на трансери по К-5 програма за соодветна и правична застапеност. |

НПАА-поглавје: Политички критериуми
НПАА-подрачје: Поглавје 1.1 и 1.3 Демократија и владеење на правото,
1.4 Човекови права и заштита на правата на немнозинските заедници.
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Поефикасна реализација на горенаведената програма. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за односи меѓу заедниците

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

**Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на Национален координативен центар (НКЦ) за сузбивање на организиран и сериозен криминал**

Образложение: Се предлага измена на Одлука за формирање на Национален координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал објавена во „Службен Весник на Република Македонија“ бр.58/2014, поради тоа што претседател на Национален координативен центар е директорот на Бирото за јавна безбедност, а од другите институции назначени се вработени од пониско оперативно ниво. Во однос на тоа измената ќе опфати овластување на директорот на Бирото да делегира негова замена од БЈБ/МВР односно полициски службеник на раководно ниво кој ќе има стручни квалификации и искуство во водењето на криминалистички истраги од областа на организираниот криминал и корупцијата.

НПАА-поглавје: 3.24 Правда, слобода и безбедност

НПАА-подрачје: 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: Зголемување на оперативноста на НКЦ за сузбивање на организиран и сериозен криминал

ЕПП: /

Очекувани влијанија: Делегирањето на претседателската улога на Националниот координативен центар на друго раководно службено лице, ќе овозможи директорот да се фокусира на пошироките задачи на Бирото, додека претседателот на Националниот координативен центар ќе се посвети кон поголема оперативна ефикасност, со што успешно ќе ги координира и следи меѓуинституционалните комуникации и процесите во борбата против организираниот и сериозниот криминал.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за внатрешни работи

Предлог - програма за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2025 година

Образложение: Средствата за реализација на програма за користење на средства за здравствена заштита на животнтие ќе бидат искористени за спроведување на превентивни мерки и активности, активности за надзор на болести кај животнтие, за рано откривање како и потвдување на статусот на земјата слободна од болести и намалување на ризикот од појава на болести, контрола и искоренување на болести кои од животни се пренесуваат на луѓето (зоонози).

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со донесување на програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните се обезбедува финансиски средства за спроведување на континуиран надзор и следење на болестите кај животните на национално ниво, намалување на бројот на луѓе заболени од зоонози, компензација односно надомест на штета за одземени заболени животни, контролни и заштитни мерки на болести кои се предмет на планирање на итни мерки, и имаат потенцијалот за брзо ширење на големи подрачја и надвор од границите на државата и сериозното социјално и економско влијание.

Фискални импликации: Има: 124,254,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Агенција за храна и ветеринарство

Предлог - одлука за давање на согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2025 година

Образложение: Министерството за култура и туризам, согласно член 70-в од Законот за културата донесува годишна Програма за изградба на

нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата, на која согласност дава Владата. Преку оваа програма се реализираат капиталните инвестициони проекти на Министерството за култура.

НПАА-поглавје: 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.26.2 Култура
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Донесување на одлука за давање на согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година. Со донесување на одлуката, се дава согласност за примена на Програмата и реализација на предвидените капитални инвестициони проекти во областа на културата. Реализацијата на овие проекти директно влијае на подобрувањето на условите за работа на установите и развојот на културата, а индиректно влијае врз севкупните економски параметри во државата. |

Фискални импликации: Има: 900,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за култура и туризам

Предлог - програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2025 година

Образложение: Програмата за развој на претприемништво и конкурентост на малите и средни претпријатија за 2025 година, содржи мерки преку кои се обезбедуваа финансиска и нефинансиска поддршка за компаниите. Финансиската поддршка се субвенции за компаниите кои се доделуваат за различни намени односно за кофинансирање на направени трошоци за различни намени. Нефинансиската поддршка за компаниите е всушност индиректна поддршка на компаниите која се обезбедува преку кофинансирање на проекти на фондации и здруженија, занаетчиски комори и мрежи на бизнис ангели кои се наменети да поддршка и развој на малите и средни претпријатија, занаетчии и програмски активности на мрежите на бизнис ангели. Реформска агенда на Северна

Македонија 2024 - 2027 година, Реформа 4.1.3.

НПАА-поглавје: Поглавје 20: Претпријатија и Индустриска политика: Имплементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Нема |

Фискални импликации: Има: 90,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за економија и труд |

Предлог - програма за заштита на потрошувачите за 2025 година

Образложение: Програмата се донесува член 170 став (1) од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22) според кој Владата на Република Северна Македонијаја донесува Програмата на предлог на министерот за економија и труд за период од една година.

НПАА-поглавје: НПАА 3.28 – Поглавје Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: Заштита на потрошувачите
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Владата на Република Северна Македонија да донесе Програмата за заштита на потрошувачите за 2025 година. |

Фискални импликации: Има: 2,600,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за економија и труд |

Предлог - програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година

Образложение: Со оваа Програма се остварува финансиска поддршка во рибарството преку порибување и заштита, поддршка за инвестиции во аквакултура и во преработка и маркетинг на риби и производи од риби, производство и насадување на рибници со порибителен материјал, како и развој на нови пазари и промотивни кампањи.

НПАА-поглавје: Поглавје 13-Рибарство и аквакултура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемена искористеност на производните капацитети во рибарството со зголемено производство и подобрена состојба со рибите во риболовните води.

Фискални импликации: Има: 100,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Предлог - програма за развој на спорт и млади-меѓународна програма-Програма 40 за 2025 година

Образложение: Финансирање на Националните спортски федерации по предходно определени критериуми за учество и организација на меѓународни натпревари

НПАА-поглавје: 3.26: Образование и култура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со поддршката на Националните спортски федерации за организирање и учество на меѓународни натпревари натпревари се очекуваат поголеми спортски резултати.

Фискални импликации: Има: 20,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за спорт

Предлог - програма за распределба на средства од Игри на среќа и забавни игри за финансирање на националните спортски федерации- Програма 20 за 2025 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Финансирање на Националните спортски федерации по предходно определени критериуми за национален систем на натпревари |

НПАА-поглавје: 3.26: Образование и култура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со поддршката на Националните спортски федерации за организирање на национален систем на натпревари и услови за работа на самите федерации се очекуваат поголеми спортски резултати. |

| | |
|---|---|
| Фискални импликации: | Има: 59,500,000 ден<br>Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година |
| Предлагач: | Министерство за спорт |

Предлог - програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор за 2025 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со оваа Програма се уредува финансирањето на проекти од областа на младите на младинските организации, организации за млади и чадор младински организации. Вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование и култура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Преку Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите се обезбедуваат средства за реализација на проекти преку кој се овозможува реализација на приоритетните области од Националната стратегија за млади 2023 - 2027. |

Фискални импликации: Има: 2,626,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Предлог – програма за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2025 година

Образложение: Со оваа програма се распределуваат средства за изградба на нови и реконструкција/санација на веќе постоечки спортски објекти во рамките на средствата во Буџетот на Република Северана Македонија за 2025 година.

НПАА-поглавје: 3.26: Образование и култура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Преку Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2025 година се обезбедуваат услови за реализација на наставата по физичко воспитување во основното и средното образование, спортување и рекреација на студентите, за функција на спортските клубови и спортските федерации, како и рекреативни активности на граѓаните и спроведување на децентрализацијата во спортот. Преку капиталните инвестиции во спортската инфраструктура се овозможува изградба на современи спортски објекти за спорт и реконструкција/санација на веќе постоечките. .

Фискални импликации: Има: 160,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за спорт

Информација за доделување на субвенции во областа на спортот за 2025 година

Образложение: Субвенционирање и поддршка на Националните спортски федерации ,спортските клубови и индивидуални спортисти по предходно одредени критериуми

НПАА-поглавје: 3.26: Образование и култура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Се очекуваат поголеми спортски достигнувања.

Фискални импликации: Има: 930,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за спорт

Предлог - програма за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2025 година

Образложение: Согласно член 8 став 5 од Законот за дивечот и ловството, Владата на Република Северна Македонија секоја година донесува Програма за развој и унапредување на ловството во која се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат извршители на работата, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за развој и унапредување на ловството.

НПАА-поглавје: Поглавје 27
НПАА-подрачје: Животна средина и климатски промени
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Позитивни влијанија: ќе се овозможи изградба на простори за интензивно одгледување и застрел на дивечот, со што ќе се зголеми бројната состојба на дивечот, како и неговата квалитативна вредност. Исто така, од оградените простори, дивечот може да се населува и во отворениот дел на ловиштата.

Фискални импликации: Има: 4,400,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.12.2024 година

Образложение: Информацијата има за цел да ја извести Владата на Република Северна Македонија по однос на напредокот на проектите, како и степенот/процентот на повлечени средства за проектите на

квартална основа.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со усвојувањето на информацијата и доставувањето на акциски планови од страна на институциите за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, ќе се следи реализацијата на проектите и ќе се предлагаат активности за забрзување на истите. |
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за финансии |

## Предлог-програма за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на култрата за 2025 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Министерството за култура и туризам согласно со планираните и обезбедените финансиски средства како капитални дотации до Единиците за локална самоуправа (ЕЛС) за 2025 година, за реализацијата на истите ќе донесе критериуми, процедури и рокови за распределба на капиталната дотација за користење на средства за одделни градби во областа на културата, за што согласно член 11 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, потребно е донесување на Програма за користење на средства од страна на Владата. |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Донесување на Програма за распределба на средства како капитални дотации со која ќе се реализираат капитални инвестициони проекти во областа на културата кои ќе ги подобрат условите за културен и социјален живот и ќе ја подобрат економската и социјалната активност. |

Фискални импликации: Има: 50,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

| Предлагач: | Министерство за култура и туризам |
|---|---|

Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Информација за одбележување 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи со Република Индија

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во рамките на одбележувањето на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу двете пријателски земји, планирани се повеќе активности во Скопје и Њу Делхи. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.30: Надворешни односи
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.30.2 Билатерални договори со трети земји
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Натамошно севкупно унапредување на билатералните односи и на соработката со Република Индија, а посебно на економската и други видови на соработка во сите домени од заеднички интерес. |

Фискални импликации: Има: 186,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| Предлагач: | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |
|---|---|

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Информација за програмата и приоритетите на Претседавањето на Република Полска со Советот на ЕУ, со календар за одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информирање на членовите на Владата за Полското претседателство со Советот на ЕУ и учеството на претставници од Република Северна Македонија на неформалните министерски состаноци на ЕУ. |

НПАА-поглавје: Поглавје 31: Надворешна, безбедносна и одбранбена политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Координација на Владата за активностите и целите на Полското претседателство со Советот на ЕУ, како и за учеството на претставници од Република Северна Македонија на неформалните министерски состаноци на ЕУ. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

## Информација за покачување на годишните контрибуции на Фондот за Западен Балкан

| | |
|---|---|
| Образложение: | Зголемувањето на годишните придонеси претставува можност за подобрување на видливоста, влијанието и сопственоста на Фондот за Западен Балкан, но и овозможува заштита од потенцијални негативни ефекти врз регионалната сопственост на организацијата како што се: губење на контролата на програмата, усогласување со правилата на донаторот, зависност од донатори, фрагментација на напорите. Финансиските средства за зголемувањето на годишните контрибуции/придонеси се обезбедуваат од буџетот на Владата на Република Северна Македонија. Досегашните годишни контрибуции изнесуваат 90.000,00 евра (исплата на 2 транши по 45,000. 00 евра) треба да се зголемат од 120.000,00 евра до индикативно 150.000,00 евра (околу 9.225.000 ден), кое би се однесувало за буџетските планирања за 2025 година. |

НПАА-поглавје: 1.3 Национален план за адаптирање на европското законодавство, регионални прашања и меѓународни обврски
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зајакната улога на Фондот за Западен Балкан како регионален мост кој има за цел да ја задржи својата единствена позиција како регионална организација. Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредното соседство. Со стратешкиот пристап ќе се обезбеди континуирана ефикасност на Фондот за премостувањето засегнати страни и поттикнувањето влијателни на регионалните иницијативи. |

Фискални импликации: Има: 9,225,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

**Информација за одбележување на 30-годишнина од воспоставување на дипломатски односи со Грција, Република Молдавија и Романија**

Образложение: Во 2025 година се навршуваат 30 години од воспоставувањето на дипломатски односи на Република Северна Македонија со Грција, Република Молдавија и Романија. Одбележувањето на годишнината е со цел натамошно унапредување на добрите и пријателски односи со трите држави.

НПАА-поглавје: Поглавје 31: Надворешна, безбедносна и одбранбена политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Организирање на заеднички настани за одбележување на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи на Република Северна Македонија со Грција, Република Молдавија и Романија, ќе допринесе за натамошно унапредување и продлабочување на севкупните билатерални односи и соработка со трите држави.

Фискални импликации: Има: 30,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

## Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

**Предлог - годишна програма за национална инфраструктура на просторни податоци за 2025 година**

Образложение: Обврската за доставување на Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци за 2025 година произлегува од член 22 став 3 од Законот за национална инфраструктура на просторни податоци на Република Северна Македонија според кој Годишната програма за националната

инфраструктура на просторни податоци ја донесува Владата на Република Северна Македонија, по предлог на Агенцијата за катастар на недвижности, по претходно добиено мислење од Советот на Национална Инфраструктура на Просторни Податоци. Годишната програма содржи активности поврзани со хармонизација на националното со европското законодавство во областа на просторните податоци, промоција на националната инфраструктура на просторни податоци, креирање на метаподатоци, креирање на веб услуги, хармонизација и стандардизација на просторните податоци и услуги, како и информација за средствата потребни за нивна реализација и изворите на средствата. Наведените активности се во корелација со европската INSPIRE директива.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.18: Статистика
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.18.2. Класификации и регистри
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Одржување и управување на националната инфраструктура на просторни податоци на Република Северна Македонија и олеснување на пристапот, размената, употребата и дистрибуцијата на стандардизираните просторни податоци и услуги помеѓу владините институции на ефикасен, ефективен и усогласен начин. |

Фискални импликации: Има: 4,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Агенција за катастар на недвижности

Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

Предлог - програма за води за 2025 година

Образложение: Со програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно Законот за водите од член 212 и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кои имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и

одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење ,хидрогеолошки и други истражувања, подготовка и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување, преземање на мерки за извршување на определени работи за заштита од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квалитетот и квантитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба на одржување на објекти за заштита на водите од загадување.

НПАА-поглавје: Поглавје 27: Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Подобрување на управувањето со водите во Република Северна Македонија.

Фискални импликации: Има: 100,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

Информација за спроведување на ИПА проектот “Изградба на пречистителна станица за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во Тетово” (градба и надзор)

Образложение: Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

НПАА-поглавје: Поглавје 27: Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Позитивни влијанија врз заштитата на животната средина преку инвестирање во инфраструктура за собирање и прочистување на урбаните отпадни води пред нивно испуштање во Тетово. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

Информација за спроведување на ИПА проектот "Набавка на специфична опрема за информациски систем за следење на води"

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

НПАА-поглавје: Поглавје 27: Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Позитивни влијанија врз заштитата на животната средина преку инвестирање и модернизирање на опрема, односно замена на застарена опрема за потребите на лабораторијата на УХМР. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

## Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

Информација за одбележување на Националниот ден на етничките заедници

| | |
|---|---|
| Образложение: | Преку оваа информација се дава значење на културниот идентитет на припадниците на етничките заедници. |

НПАА-поглавје: I.Политички критериуми
НПАА-подрачје: 1.1 и 1.3 Демократија и владеење на правото,
1.4 Човекови права и заштита на правата на немнозинските заедници.
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Одбележување на Националниот ден на етничките заедници ја зајакнува општествената кохезија и мултикултурниот карактер на нашата држава. |

Фискални импликации: Има: 12,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за односи меѓу заедниците |

Февруари

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Информација за предлог-стратешка проценка за закани на организиран и сериозен криминал

| | |
|---|---|
| Образложение: | Проценката од закани од сериозен и организиран криминал (SOCTA) 2025 е стратешки документ со детална анализа на заканите од сериозен и организиран криминал со кој се соочува државата и е одраз на заложбите и целите за приоритизација и јакнење на капацитетите за справување со овој вид на криминал. Проценката ќе се користи како водечки инструмент при имплементација на Националната Стратегија за борба против организиран криминал и Акцискиот план за 2025-2027 година. Овој пристап гарантира дека Стратегијата и планот ќе се заснова врз основа на современа стратешка рамка. Проценката е прв чекор во спроведувањето на циклусот политики на нашата држава 2026-2029 година, кој временски ќе се совпадне со имплементацијата на првата Национална стратегија за борба против организиран криминал.Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 5.6.1. Воведување целен пристап во борбата против сериозниот и организираниот криминал, со конкретен акциски план и стратегија што води кон подобрување на евиденцијата на истрагите, обвиненијата, конечните пресуди, заплените и конечните конфискувања во случаи на организиран криминал, вклучително и во случаи на високо ниво |

НПАА-поглавје: 3.24 Правда, слобода и безбедност
НПАА-подрачје: 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: Усогласуваење и следење на циклусот на политики на ЕУ во борба против организираниот криминал
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Јакнење на капацитетите во насока на подобрување на ефикасноста и ефективноста на целокупниот кривично правен систем во сузбивањето на сериозенот и организиран криминал. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за внатрешни работи |

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

**Предлог - програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој 2021-2031, за периодот 2025-2027**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно член 10 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 174/21), Владата носи Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој . |

НПАА-поглавје: 22 Регионална политика и координирање на структурните
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со оваа Програма се опфатени широк корпус на на активности, програми, проследени со финансиски инструменти кои ќе доведат до порамномерен регионален развој во државата. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за локална самоуправа |

Информација за спроведување на Проект „Намалување на Сиромаштијата на Ромите“

Образложение: Владата на Републчлика Северна Македонија за се запознае со потребата од спроведување на Проект„Намалување на Сиромаштијата на Ромите“. Проектот има за цел да обезбеди поддршка на најранливите семејства преку директни финансиски помош и олеснување на пристапот до основни услуги.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Пристап до основни услуги на Ромите и намалување на сиромаштијата.

Фискални импликации: Има: 5,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

Предлог - програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2025 година

Образложение: Со оваа програма се предлага решавање на правото на користење на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделската дејност поради раѓање, кое право не е опфатено со прописите за платено породилно отсуство од областа на работните односи на вршителките на земјоделска дејност.

НПАА-поглавје: 3.19: Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: -зголемено производство на храна и - подобрување на доходот на земјоделците.

Фискални импликации: Има: 3,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

### Информација за одбележување на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи со Република Литванија и Република Естонија

Образложение: Одбележувањето на 30 годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи со овие европски држави ќе биде во функција на потврда на одличните билатерални односи и континуираниот интерес за нивно севкупно продлабочување и проширување.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Натамошно унапредување на билатералните односи, поддршка за нашите евро-интегративни процеси и продлабочување на економската соработка.

Фискални импликации: Има: 120,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

### Информација за подготовка на деветнаесетиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската комисија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи март 2025 година, во Брисел, со Предлог заклучоци

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовката на деветнаесетиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност кој ќе се одржи во Брисел. На состанокот ќе бидат разгледани следните области: реформа на правосудство, судска соработка во граѓанска и кривична материја, анти-корупциска политика, темелни права, реформа на полиција, борба против организиран криминал, перење пари, економски и финансиски криминал, трговија со луѓе, борба против тероризам, превенција од droги, азил, миграција и реадмисија и визна политика и гранично управување. Информацијата дава преглед на моменталната состојба и

дадените оценки од страна на Европската комисија по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок.

НПАА-поглавје: Поглавје 23 и Поглавје 24
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија.

Фискални импликации: Има: 204,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за европски прашања

Информација за постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Државната зедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на двете земји

Образложение: Укинување на визи за државјаните на двете земји.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемена соработка помеѓу двете држави, развој на економија и туризам.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Информација за одржување на деветтиот состанок на мешовитата македонско-баварска владина комисија во Скопје

Образложение: Соработката со Баварија е конципирана врз основа на размена на искуства и знаења, техничка помош, тренинг, курсеви и обуки, логистичка поддршка и финансиска поддршка на помали проекти.

На 25-26 мај 2023 година, во Минхен се одржа последниот осми состанок на мешаната комисија на која беа разговарани повеќе проекти, беа утврдени чекори за натамошна соработка и беше договорено следната седница на Комисијата да се одржи во Скопје во 2025 година.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Натамошно унапредување на билатералните односи, поддршка за нашите евро-интегративни процеси и продлабочување на економската соработка. |

Фискални импликации: Има: 60,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |

**Информација за подготовка на состанокот на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржи во март 2025 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на состанокот на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи во март 2025. |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Успешна подготовка на состанокот на Комитетот за стабилизација и асоцијација. |

Фискални импликации: Има: 60,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за европски прашања |

**Информација за одржан тринаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи во декември 2024 година, во Скопје**

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на тринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој се одржа во декември 2024 година, во Скопје. Информацијата ги презентира ставовите на Европската комисија по однос на напредокот на Република Северна Македонија, во областите кои ги опфаќа Специјалната група. Исто така, Информацијата ги содржи ставовите на македонската делегација и презентираниот напредок во периодот помеѓу двата состанока на Специјалната група.

НПАА-поглавје: Политички Критериуми: Реформа на јавната администрација
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Информирани членови на Владата на Република Северна Македонија.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за европски прашања

**Информација за одржување на дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што се одржа во октомври 2024 година**

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржувањето на дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што се одржа во октомври 2024 година, како и за превземените обврски од страна на државните институции и реализација на истите.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Информирани членови на Владата за одржувањето на дваесет и првиот состанок на Поткомитетот. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за европски прашања |

**Информација за подготовка на дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи во 2025 година**

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките на дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи во 2025 година

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Успешна подготовка на состанокот. |

Фискални импликации: Има: 60,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за европски прашања |

## Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

**Информација за план за поставување базни и мобилни станици за издавање на пасоши во дипломатските и конзуларните претставништва на Република Северна Македонија**

Образложение: Подобрување на конзуларни услуги за македонските граѓани.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Скратување на времетраењето и поголема ефикасност во постапката на издавање на патни исправи во Дипломатско - конзуларните претставништва, зголемување на јавната безбедност. |

Фискални импликации: Има: 6,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |

## Информација за сукцесија и дигитализација во насока на интеграција во ЕУ (продолжување на проектот за преземање на архивски материјал од Белград по пат на сукцесија)

Образложение: Програмата е во функција на приоритетот на Државниот архив со највисоки можни стандарди да обезбеди услови за брза ,транспарентна и ефикасна услуга за користење и достапност на архивскиот материјал од страна на истражувачите, државните органи, физички и правни лица, интеграција во Европската унија, заштита на архивскиот материјал, прибирање на архивскиот материјал од архивите во други земји преку сукцесија и дигитализација како своевидно културно наследство и национално богатство и стратешка цел, дополнување на архивските фондови со архивски материјал што се наоѓа во приватна сопственост, надградување и проширување на примарната, секундарната и терцијалната заштита на архивскиот материјал и запознавање на пошироката јавност, негова достапност до научната и пошироката јавност преку презентација, организирање на изложби и објавување во зборници, издавање на дигитализиранн архивски материјал до модерен и автоматизиран архив.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Развој на економијата,зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните и стратешките цели, афирмација на местото и улогата на државата во |

меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултирателарен план, континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етно културно обележје.

Фискални импликации: Има: 1,900,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Државен архив на Република Северна Македонија

Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

Предлог - програма за промоција на меѓуетничките односи преку финансирање на Проекти на невладините организации

Образложение: Преку финансирање на проекти за промоција на меѓуетничките односи се зајакнува граѓанската иницијатива, свеста за значењето на соживотот и подиректена соработка на припадниците на сите меѓуетнички заедници.

НПАА-поглавје: I. Политички критериуми
НПАА-подрачје: 1.1 и 1.3 Демократија и владеење на правото,
1.4 Човекови права и заштита на правата на немнозинските заедници
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зајакнување на соработката помеѓу Владата и невладиниот сектор.

Фискални импликации: Има: 10,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за односи меѓу заедниците

Информација за одбележување на 8-ми Април меѓународен ден на Ромите

Образложение: На настанот ќе учествуваат ромски музичари од странство, во партнерство со меѓународни фактори, кои ќе изведуваат традиционални и современи песни. Нивниот настап ќе создаде весела атмосфера и ќе ја истакне богатата култура на Ромите. За промоција на ромската култура и историја, ќе бидат подготвени

брошури и постери на ромски и локален јазик. Овие материјали ќе помогнат во зголемувањето на свеста и разбирањето за ромската заедница, што е клучно за интеграција и почитување на различностите. Настанот ќе биде важен чекор кон афирмација на ромската култура и поттикнување на дијалогот за интеграција.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Владата на Република Северна Македонија да се запознае со одбележување на 8-ми април и запознавање на пошироката јавност за важноста за прославата за 8-ми април Светскиот ден на Ромите.

Фискални импликации: Има: 3,065,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет

Образложение: Иницијативата се предлага со цел да се информира Владата на Република Северна Македонија за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет за 2024 година. Обврската за изготвување на Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет произлегува од Законот за буџетите. Во рамките на Централниот буџет на Република Северна Македонија се планираат средства за непредвидени случаи како буџетска резерва. Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми кои во текот на подготовката на буџетот не можеле да

бидат предвидени. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет. За користење на средствата од резервите одлучува Владата на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Извештајот за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет се изготвува со цел информирање за намените за кои се искористени средствата од резервите. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

Информација за статусот на спроведување на ИПА програмите за прекугранична соработка, за периодот јули - декември 2024 година

Образложение: Информацијата се доставува со цел да се информира Владата на Република Северна Македонија за статусот на ИПА програмата за територијална соработка.

НПАА-поглавје: 22 Регионална политика и координирање на структурните инструменти
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Иницијативата има позитивно влијание бидејќи ја информира Владата на Република Северна Македонија за напредокот во однос на ИПА програмата за територијална соработка. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за локална самоуправа |

Предлог - програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот Крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри за 2025 година

Образложение: Со оваа Програма се овозможува приходите остварени од приредувањето на игри на среќа и забавни игри се приход на Буџетот на Република Северна Македонија и истите се користат за финансирање на националните инвалидски организации нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот Крст на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: 3.19.6 Социјална заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со предложената програма за распределба се обезбедуваат средства за реализирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Фискални импликации: Има: 60,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Предлог – годишен извештај за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2024 година

Образложение: Согласно одредбите од членот 20 став 3 од Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр.157/10, 53/11,1/12, 64/13, 87/13, 43/14, 72/15, 84/15, 123/15 (пречистен текст),129/15, 213/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23), најдоцна до 31 март до Владата се доставува Годишен извештај за работењето на одобрување. Врз основа на член 36 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, и 142/16) во врска со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на

Влада („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/08, 58/18 и 223/19 ) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесто на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот и годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија “ бр.131/18), Агенцијата подготвува Годишен извештај за работа за 2024 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28: Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Владата на Република Северна Македонија да се запознае со годишниот извештај за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2024 година. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Агенција за храна и ветеринарство

**Годишен извештај за работата и функционирањето на Економско-социјалниот совет за 2024 година**

Образложение: Годишниот Извештај за работата и функционирањето на Економско-социјалниот совет претставува преглед на реализираните активности на ова тело во претходната година согласно Годишната програма за работа на Економско-социјалниот совет и согласно Програмата на Владата за донесување или изменување и дополнување на Закони. Со Извештајот, Владата ќе се информира за работењето на Економско-социјалниот совет и за неговото влијание во процесот на креирање и имплементација на економски и социјални политики од страна на Владата.

НПАА-поглавје: 3.19 Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемена транспарентност и видливост на Економско-социјалниот совет како советодавно и консултативно тело на Владата. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за економија и труд

Предлог - одлука за утврдување на видот и количината на лекови и медицински средства во стоковните резерви за 2025 година

Образложение: Одлуката се носи врз основа на член 8 став (7) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 74/24).

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Агенцијата за стоковни резерви ќе располага со лекови и медицински помагала, по структура и количини соодветни за современиот начин на живеење, со кои може да се интервенира во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи како и при поголемо нарушување на пазарот.

Фискални импликации: /

Предлагач: Агенција за стоковни резерви

Информација за реализација на проектот Национален спортски центар „Методија Андонов Ченто

Образложение: Изградба на фудбалски стадион; изградба на голема спортска сала со капацитет од неколку илјади гледачи и повеќе помали сали согласно со потребите на колективните и индивидуалните спортови; административен простор за вселување на спортските федерации во соодветни капацитети; конференциски сали, фитнес сали и останати простории согласно со потребите на федерациите и спортистите; во соработка со Министерството за здравство ќе ја разгледаме можноста за сместување на Институтот за спортска медицина во рамките на овој спортски комплекс; Спортски музеј.

НПАА-поглавје: 3.26: Образование и култура
НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Преку изградбан а овој модерен спортски комплек ќе се доближиме до развиените земјикој располагаат со вакви услови за спортистите и поширoката јавност. Воедно ќе се овозможи на едно место да имаат и простор сите спортски федерации. Преку обезбедување на простор за институт за спортска медицина ќе се овозможи и поквалитетна и побрза услуга на спортистите во извршување на нивните медицински прегледи. Државата ќе овозможи и простор за Спортски музеј за да може пошироката јавност да има увид во постигнатите спортски резулатаи на нашите врвни спортисти и спортски екипи. |

Фискални импликации: Има: 740,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за спорт

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

**Информација за подготовка на Национална стратегија за развој на медиумскиот сектор 2025 -2030 година, со Акциски план**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Подготовката на Националната стратегија за развој на медиумскиот сектор 2025 -2030, произлегува од обврските преземени со усвоениот Патоказ за владеење на правото, кој се надоврзува на скрининг процесот за членство на земјата во ЕУ. Патоказот го покрива Поглавјето 23, кое ги опфаќа темелните права, правдата и пред се слободата на изразување, кои се гарантираат во согласност со европските стандарди и правото на ЕУ, а земајќи ги предвид вредностите на демократијата, плурализмот и толеранцијата. За успешно спроведување на процесот потребно е формирање на експертска работна група, помогната од надворешни експерти кои ќе работат на анализа, собирање податоци и изработка на работна верзија на стратегијата. |

НПАА-поглавје: 3.10.1
НПАА-подрачје: 3.10.1
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со изработката на Национална стратегија за развој на медиумскиот сектор 2025 -2030 година, со Акциски план ќе се овозможи воспоставување на инклузивен и транспарентен начин за обезбедување насоки за развој на целата медиумска сфера во државата. Процесот за имплементација на стратегијата треба да се заокружи до 2030 година. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

**Информација за одржување на трета заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, во Република Албанија**

Образложение: Одржување на заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредување на билатералните односи и соработка со земјите од непосредното соседството и јакнењето на регионалната соработка.

НПАА-поглавје: 1.3 Национален план за адаптирање на европското законодавство, регионални прашања и меѓународни обврски

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

Очекувани влијанија: Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредно соседство.

Фискални импликации: Има: 30,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Март

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Информација за донесување на Национална стратегија за борба против организиран криминал

Образложение: Со донесување на Националната Стратегија за борба против организираниот криминал ќе се обезбеди интегриран пристап и подобра координација помеѓу институциите во областа за борбата против организираниот криминал и ќе се подобри меѓународната соработка, со што ќе преземаат мерки и активности за зајакнување на превенцијата во борбата против организираниот криминал. Воедно, со стратешкиот документ ќе се воспостават критериуми и стандарди за евалуација на ефективноста борбата против организираниот криминал.Реформската агенда 2024 -2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија Реформа 5.6.1.

НПАА-поглавје: 3.23 Првосудство и темелни права
3.24 Правда, слобода и безбедност
НПАА-подрачје: 3.23.4 Антикорупциска политика
3.24.6 Полициска сорботка и борба против организираниот криминал
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Подобрување на ефикасноста и ефективноста на целокупниот кривично правен систем и подобар стратешки пристап за сузбивање на организираниот и сериозен криминал

Фискални импликации: Има:
Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

Предлагач: Министерство за внатрешни работи

Предлог - програма за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година

Образложение: Врз основа на член 9 став(1) од Законот за органско земјоделско производство се донесува програма за финансиска поддршка на органското производство каде се предвидени мерките за поддршка на органското земјоделско производство. Дополнителните дирекни плаќања за оргаснко производство се поддршка на доходот на вршителите на органско земјоделско производство и се реализираат по површина, грло или единица производ.

НПАА-поглавје: Поглавје 11
НПАА-подрачје: Земјоделство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Остварување на целите на националната политика за органско земјоделско производство на Република Северна Македонија кои согласно законот треба да бидат остварени преку политики насочени кон: - основање на одржлив систем на управување за земјоделството - производство на производи од висок квалитет - производство на широк асортиман на храна и други земјоделски производи кои одговараат на барањата на потрошувачите и кои не смеат да штетат на животната средина,човековото здравје, здравјето на растенијата или здравјето на животните и нивната благосостојба.

Фискални импликации: Има: 234,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Информација за спроводување на проект за Здравствени кампањи за превенција и вакцинација за Ромската популација во Република Северна Македонија**

Образложение: Овој проект ќе обезбеди основни здравствени кампањи за превенција и вакцинација за Ромската популација во Република Северна Македонија, здравствени услуги преку мобилни клиники и кампањи за подигнување на свеста за здравствени навики. • Превентивни здравствени кампањи: Кампањи за вакцинација и превенција на заразни болести. • Мобилни здравствени клиники: Здравствени прегледи и советување за ромите кои немаат пристап до здравствени услуги.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.23 Правосудство и Фундаментални права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Подобрување на здравстените услуги кај Ромскот населени во Република Северна Македонија, бидејки студиите покажуваат дека смртноста кај Ромското населние е во голем пораст.

Фискални импликации: Има: 3,065,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

**Информација од потребата за воспоставување на систем за следење и контрола на болести, рано откривање, ризик фактори и компликации со предлог препораки**

Образложение: Воспоставување на интероперабилност на електронскиот здравствен систем на сите нивоа во здравствениот систем и инкорпорирање на македонскиот интегриран здравствен информатички систем во прекуграничен е-систем за пренос на податоци на ЕУ Воспоставување на робусни системи за собирање, управување и анализа на здравствени податоци (електронски здравствени досиеја (ЕЗР), регистри за болести и демографски бази на податоци.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје;
Поглавје 3.18: Статистика
НПАА-подрачје: Заштита на потрошувачи и јавно здравје, Статистика и јавно здравје и здравје и безбедност при работа
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Хармонизација на сите бази на податоци за следење на незаразните заболувања под надзор, преку дигитализација на системот што ќе доведе до побрза детекција, а со тоа и превземање на навремени мерки за превенција и контрола, намалување на трошоци и креирање на соодветни јавноздравствени политики во здравството. Воспоставени платформи кои обединуваат различни извори на податоци за сеопфатно управување со здравјето на пациентите и населението, воспоставување на скалабилноста на системот. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за здравство во соработка со ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје

Предлог - програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството 2025-2031 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно член 45 став (6) од Законот за зоотехника (*) Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството на предлог на Министерот ја носи ВРСМ за период од седум години. Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството ја опфаќа оцената на состојбата и ги определува целите и насоките на: - Зачувување на сите автохтони раси/линии на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни кои се одгледуваат на територијата на РС Македонија со посебен акцент на автохтоните раси/линии во автохтона средина. - Зачувување на расите на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни надвор од средината во која настанале (ex situ зачувување), односно во средината каде што настанале за секоја раса/линија на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни. - Основање и функционирање на ген банки во сточарството. - Исполнување на меѓународни обврски. - Едукација и обука за зачувување на биолошката разновидност во сточарството. |

НПАА-поглавје: Поглавје 11
НПАА-подрачје: Подрачје земјоделство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Заштита и одржливост на популациите на автохтоните видови на домашни животни.

Фискални импликации: Има: 13,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

### Информација за постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Република Кореја за укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши

Образложение: Укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемена соработка помеѓу двете држави, развој на економија, енергетика и туризам.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

### Информација за преземените мерки и активности во врска со донесувањето и следењето на Национална развојна стратегија 2024 – 2044 година

Образложение: Националната развојна стратегија 2024 – 2044 година е водечки документ со кој се дефинираат главните национални развојни цели, стратешки области и приоритети за забрзан, инклузивен и одржлив развој на Македонија преку шест клучни стратешки области: Одржлива, иновативна и конкурентна економија; Одржлив локален и регионален развој, кој обезбедува кохезија; Демографска ревитализација, социјален и културен развој; Сигурно, безбедно и отпорно општество; Владеење на правото и добро управување и Зелена трансформација.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Фундаментална трансформација на Република Северна Македонија преку партиципативно и иновативно креирање јавни политики. |

Фискални импликации: Има: 1,200,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

## Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

### Информација за надградба на единствен комуникациско - информативен систем со единствен број на повикување

Образложение: Потребата од иницијативата е Владата да ја разгледа и доколку оцени нејзина потреба да донесе соодветни заклучоци за реализација. Центарот за управување со кризи е надлежен орган на државна управа за реализација на оваа задача.

НПАА-поглавје: Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика, Поглавје 10 Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: Цивилна заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: Директиви: 2002/ЕС/22 2009/ЕС/126 и Европскиот електронски комуникациски код European electronic communication code-EEOC
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Надградба на софтверот за Е-112 за прием на повици со користење на e-call, СМС и социјални медиуми со идентификација, локација и други параметри за повикувачот. Надградба на системот со која ке се овозможи пристап кон бројот 112 на лица со посебни потреби-глувонеми лица со остварување на видео повик кон бројот 112 и комуникација со знаковен говор. Обединување на сите ИМП и ППЗ во системот 112. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Центар за управување со кризи

| Предлог - уредба за криптографска безбедност | |
|---|---|
| Образложение: | Министерство за одбрана сектор К4 со работната група изработија нацрт текст на Уредбата за криптографска безбедност со кој се регулира системот за криптографска безбедност на национално ниво, работи и задачи од доменот на криптографска безбедност со НАТО, а истата ги опфаќа и останатите институции на национално ниво во државата (МВР, МНР, Влада, ЦУК, и други). Нацрт текстот е доставен до кабинетот на министерство за одбрана. |

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Функционалност на системот за криптографска безбедност на национално ниво и можност за континуирана едукација и обука на нов персонал од причина што претходно носител беше МВР, а со законот за одбрана носител е министерството за одбрана. Со усвојување на уредбата за криптографска безбедност се овозможува воведување на нови технологии за криптографска безбедност на национално ниво, дипломатски претставништва и размена на класифицирани информации со НАТО. |

Фискални импликации: Има: 1,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

| Предлог – одлука за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно член 23 од Законот за Воената академија, бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија го определува Владата на Република Северна Македонија. |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Произведување на офицери за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: Има: 35,650,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

**Предлог – одлука за учество на странски питомци/кадети на активноста „Летен Кампус 2025“ во организација на Воената академија**

Образложение: Активноста е во организација на Воената академија-Министертсво за одбрана.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Позитивно влијае во стекнување и размена на воено искуство и знаења од областа на воените науки и вештини. |

Фискални импликации: Има: 3,100,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

**Предлог - одлука за реализација на НАТО вежба за „СМХ-25“**

Образложение: Штабна вежба на НАТО на која се извежбуваат процедури за команда и контрола и брз одговор. Вежбата е планирана со Годишниот план за работа на министерство за одбрана за 2025 година.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Интероперативност на персоналот и процедурите. |

Фискални импликации: Има: 56,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

**Информација за потребата од доуредување на системот за урбанистичко планирање за потребите на одбраната**

Образложение: Со измените на Законот за урбанистичко планирање ќе се овозможи усогласување со законот за градење односно ќе се отвори можноста за давање автономија и во делот на урбанистичкото планирање во рамки на објектите на одбраната. Исто така ќе се овозможи забрана за издавање на податоци за објектите на одбраната, од типот на имотен лист, копија од катастарски план и слично, како и ќе се забрани приказ на гис порталот на објектите на одбраната.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со измените на овој закон ќе овозможи полесно урбанистичко планирање во делот на објектите на одбраната.Исто така со овие измени на законот, особено со неможноста на лоцирање на објектите на одбраната ќе се зголеми сигурноста и безбедноста по истите, особено по полноправното членство во НАТО.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за одбрана

## Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

**Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија за програмата за интер - регионална соработка Интерег Европа 2021-2027**

Образложение: Со усвојување на Информацијата и предложените заклучоци ќе се овласти НИПАК да ја потпише Спогодбата за финансирање во име на Владата. Со нејзиното потпишување ќе се ставаат на располагање средства од ИНТЕРЕГ Програмата 2021-2027 за

финансирање на активности во Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Информирање на Владата за претстојното потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија за програмата за интер - регионална соработка Интерег Европа 2021-2027 и овластување на НИПАК истата да ја потпише во име на Владата. Со потпишување на Спогодбата за финансирање ќе се стават на располагање средствата од програмата за финансирање на активности во Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: Има: 15,900,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за европски прашања

**Предлог - уредба за определување на држави чии државјани мора да поседуваат виза кога ја преминуваат границата на Република Северна Македонија и на оние држави чии државјани се иземени од таа обврска (Визен режим на Република Северна Македонија)**

Образложение: Обврска од Законот за странци и хармонизација со ЕУ-легислативата.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на конзуларни услуги, зголемување на јавната безбедност, спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

**Информација за 20-ти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, одржан во јануари 2025 година, меѓу Република Северна Македонија и Европската комисија, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација**

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на дваесеттиот Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика, кој се одржа во 2025 година во Скопје, како и за превземените обврски од страна на државните институции и реализација на истите.

НПАА-поглавје: Поглавје 10. Информатичко општество и медиуми
Поглавје 19. Социјална политика и вработување
Поглавје 25 Наука и истражување
Поглавје 26 Образование и култура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за европски прашања

**Информација за финансиска спогодба за годишна акциска Програма за ИПА 2025**

Образложение: Информацијата има за цел да ги запознае членовите на Владата со содржината на финансиската спогодба за годишната акциска Програма за ИПА 2024 (за областите транспорт, јавна администрација, управување со границите и миграцијата, капацитети за интеграција, современи системи за отпадни води, здравствена и социјална заштита и родова еднаквост), клучните фази во нејзината подготовка и краток опис на акциите во рамките на Програмата.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Поддршка во спроведувањето на реформите во областите образование |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за европски прашања |

| |
|---|
| Информација за склучување на договор меѓу Република Северна Македонија и Република Франција за олеснување на вработувањето на сопружниците на дипломатските и конзуларни службеници на територијата на државата на прием |

Образложение: Заемно корисно билатерално со договор да се уреди прашањето односно да се овозможи членовите на семејствата на дипломатските претставници, конзуларни службеници и административно технички службеници во дипломатско - конзуларни претставништва или постојаните мисии при меѓународните организации врз основа на реципроцитет под одредени услови вршат дејности што создаваат приходи во земјата на приемот. Усвојувањето на оваа Информација е условено од претходно усвојување на измените на законот за странци, чиј носител е Министерство за внатрешни работи.

НПАА-поглавје: 3.22 - Регионална политика и координација на структурни
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Да се подобрат условите за живот на членовите на дипломатско-конзуларни претставништва и постојани мисии преку давање пристап до пазарот на трудот за членовите на нивните семејства односно нивно вработување за платени активности заради што се ограничуваат дел од привилегиите и имунитетите во врска со доходовната дејност кои инаку би им припаднале на овие лица според Виенските конвенции за дипломатски и конзуларни односи. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |

| |
|---|
| Информација за одржан дваесетти состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, во рамките на Комитетот за стабилизација и |

асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, ноември 2024 година

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на дискусиите и преземените обврски од оддржаниот дваесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој. Воедно, Информацијата содржи преглед на наодите на ЕК во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, како и предлог ставовите кои ќе бидат презентирани од страна на македонска делегација во однос на точките од Дневниот ред. Поткомитетот ги опфаќа следниве области: 3.14 Транспортна политика, 3.15 Енергетика, 3.21 ТЕН, 3.22 регионална политика и координација на структурни инструменти и 3.27 Животна средина и климатски промени.

НПАА-поглавје: 3.14 Транспортна политика, 3.15 Енергетика, 3.21 ТЕН, 3.22 регионална политика и координација на структурни инструменти и 3.27 Животна средина и климатски промени

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

Очекувани влијанија: Успешно спроведување на реализираните обврски.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за европски прашања

Предлог - програма за работа на Центарот за обука на Министерството за европски прашања за 2025 година во јакнење на административните капаците за процесот на европска интеграција и преговори

Образложение: Спроведување на Програмата за работа на Центарот за обука на Министерството за европски прашања (ЦОМЕП) во текот на 2025 година, изработена врз основа на спроведен Прашалник за утврдување потреби од обука и анализа на истиот, преку која ќе се работи систематично на јакнење на административните капацитети на НПАА структурата и преговарачката структура на РСМ, со користење на достапните буџетски средства за работа на Центарот, како и ангажирање на внатрешните и надворешпни човечки ресурси – обучувачи за ЕУ/ЕИ од јавната администрација,

во реализација на Програмата за работа на Центарот за обука на МЕП.

НПАА-поглавје: НПАА Поглавје IV.2 јакнење на капацитетите за ЕУ и ИПА - хоризонтални обуки и во НПАА поглавја
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемување на капацитетите на администрацијата во процесот на европска интеграција и преговори со ЕУ и земјите членки. |

Фискални импликации: Има: 3,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за европски прашања |

Информација за склучување на договор меѓу Република Северна Македонија и Швајцарската Конфедерација за олеснување на вработувањето на сопружниците на дипломатските и конзуларни службеници на територијата на државата на прием

Образложение: Заемно корисно билатерално со договор да се уреди прашањето односно да се овозможи членовите на семејствата на дипломатските претставници, конзуларни службеници и административно технички службеници во дипломатско - конзуларни претставништва или постојаните мисии при меѓународните организации врз основа на реципроцитет под одредени услови вршат дејности што создаваат приходи во земјата на приемот. Усвојувањето на оваа Информација е условено од претходно усвојување на измените на законот за странци, чиј носител е Министерство за внатрешни работи.

НПАА-поглавје: 3.22 - Регионална политика и координација на структурни
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Да се подобрат условите за живот на членовите на дипломатско-конзуларни претставништва и постојани мисии преку давање пристап до пазарот на трудот за членовите на нивните семејства односно нивно вработување за платени активности заради што се |

|  | ограничуваат дел од привилегиите и имунитетите во врска со доходовната дејност кои инаку би им припаднале на овие лица според Виенските конвенции за дипломатски и конзуларни односи. |
|---|---|

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

## Информација за имплементирање на методологија за оценка на индекс на квалитет на институциите

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со процесот на имплементација на Методологијата за оценка на квалитетот на работата на институциите се очекува да го подобри работењето на институциите од јавниот сектор преку мобилизирање и фокусирање на работата на сите вработени, оние кои даваат услугите, вработените од првата линија на комуникација со клиентите, вработените задолжени за политики, стратегија и истражување, како и раководителите – околу заедничката цел: подобрување на услугите и задоволството на клиентите. Методологијата за оценка на квалитетот на работата на институциите опфаќа собирање податоци, правење анализи и известување со цел добивање информации за напредокот во имплементацијата на целите и реформите, како и евентуалните проблеми во работењето. Процесот опфаќа мерење на начинот на управување со ресурсите на институцијата, нејзините процеси на работење и испорачување на услуги и резултатите од работењето. |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Мерењето на квалитетот на работата на институциите ќе даде информации за тоа кои области од работењето на институциите функционираат, а кои не, што е од особена важност за врвното раководство во процесот на донесување одлуки за работењето на институциите. Наодите од спроведеното мерење на квалитетот на работата на институциите ќе и користат на Владата во носењето на соодветни и спроведливи одлуки. |

Фискални импликации: Има: 600,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за јавна администрација

Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

Информација за отварање на Музеј на Ромската култура и историја

Образложение: Ромската култура е богата и полна со интересни историски факти. Република Северна Македонија како мултикултурна држава каде Роми има над 2,6 %, со цел да покаже интерес за ромскиот народ и култура поддржува отварање на Музеј на Ромската култура и историја. Културата е битен и основен сегмент на еден етникум и подршката за отварање на Музеј на Ромската култура и историја во Скопје ќе придонесе до промовирање на ромската култура како и прифаќање на културата од страна на мнозинските заедници во Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Афирмација на ромската култура, историја и уметност, развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандарт на граѓаните.

Фискални импликации: Има: 7,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

**Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот октомври-декември 2024 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Целта на оваа иницијатива е квартално да се информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања. |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Северна Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

**Годишен извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР, за периодот јануари-декември 2024 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно Методологијата за проценка на влијанието на регулативата, Министерството за јавна администрација во соработка со министерствата го следи спроведувањето и квалитетот на процесот и методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Врз основа на анализа на нацрт Извештаите за проценка на влијанието на регулативата доставени од министерствата и мислењата дадени во однос на примената на актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на проценка на влијанието на регулативата и спроведените консултации на ЕНЕР, од страна на Министерството за јавна администрација во |

соработка со министерствата и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, се подготвува Годишен извештај за Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата.

НПАА-поглавје: 1.2 Реформа на јавната администрација
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Препораките од годишните анализи треба да обезбедат унапредување на процесот на проценка на влијанието на регулативатакој треба да обезбеди почитување на основните начела за добро владеење преку постигнување на поголема транспарентност и отвореност при подготовка на предлог законите, нивно ефективно и ефикасно спроведување, а со тоа и зголемување на отчетноста на работата на Владата на Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за јавна администрација

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Извештај за реализирани активности во 2024 година од Програмата за заштита на потрошувачите за 2024 година

Образложение: Извештајот се доставува согласно член 170 став (4) од од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22) според кој министерот за економија и труд еднаш годишно доставува извештај за спроведувањето на Програмата за заштита на потрошувачите до Владата на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: НПАА 3.28 – Поглавје Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: Заштита на потрошувачите
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Владата на Република Северна Македонија да го усвои извештајот за реализирани активности за 2024 од Програма за заштита на потрошувачите за 2024 година. |

Фискални импликации: Има: 2,600,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за економија и труд

Информација за учество на делегација на Република Северна Македонија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2025 год.

Образложение: Република Северна Македонија е членка на Меѓународната организација на трудот чијшто главен орган е Меѓународната конференција на трудот која се одржува во месец јуни секоја година. На оваа конференција учествуваат голем број делегати и набљудувачи и е можност за широка размена на мислења и идеи за активностите на МОТ и за стекнување на сознанија за достигнатите резултати во областа на трудовите стандарди. Делегацијата е трипартитна, со претставници од Министерството за труд, претставници од репрезентативните здруженија на работодавачи и синдикати. Водач на делегацијата е министерот за труд и социјална политика.

НПАА-поглавје: 3.19 Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Унапредување на трудовите стандарди и со тоа, унапредување на човековите права. |

Фискални импликации: Има: 600,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за економија и труд

| Информација за имплементација на Работниот план за Преглед за занимања (Occupation Outlook) | |
|---|---|
| Образложение: | Овој модел за Преглед на занимања на пазарот на трудот произлегува како Исход 1.1.1 од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година и е поврзана со ЕСРП 2022 и Националната Стратегија за вработување 2021-2027 година. Прегледот на занимања, како и Работниот план се базираат на податоците од Анкетата на работна сила, Анкета за побарувани занимања на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, анкетни истражувања на работодавачите и слободните работни места, податоци за образованието, проекции за вработеноста и секторски студии. Прегледот обезбедува информации за побарувачката на работна сила на пазарот на трудот. |

НПАА-поглавје: 3.19 Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: 3.19.4 Политики за вработување и Европски социјален фонд
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| Очекувани влијанија: | Моделот за Преглед на занимања ќе овозможи зголемување на информираноста за пазарот на трудот за целата популација. Се очекува да влијае врз понудата на работна сила преку подобрување на понудата согласно со потребите на работодавачите, а со тоа и на конкурентноста. Влијанието на краток рок ќе биде преку адекватни обуки во активните мерки и преку кариерно насочување на младите лица на среден и долг рок. |
|---|---|

Фискални импликации: /

| Предлагач: | Министерство за економија и труд |
|---|---|

| Информација за реализација на Акциски план 2022 – 2024 за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација на Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“ | |
|---|---|
| Образложение: | Со Акциски план 2022 – 2024 за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација на Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“, се предвидени мерки, активности и индикатори за мерење на постигнатите резултати и истиот е поврзан со пристапните партнерства на поглавје 19 |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19- социјална инклузија
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Поттикнување на процесот на плурализација и децентрализација на услугите и промена на институционалниот облик на заштита во поддршка на независно живеење во заедница. Проширување на мрежата на социјални услуги во заедницата и воспоставување на нови форми на заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните индивидуални потреби. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

## Извештај за реализацијата на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2024 година

Образложение: Извештајот се подготвува согласно член 6 од Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2024-та година, согласно кој Министерството за економија за реализацијата на оваа програма и за наменско користење на средствата, ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Северна Македонија, заклучно со 31 Март 2025 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 20: Претпријатија и Индустриска политика: Имплементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Нема

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за економија и труд

| Извештај за имплементација на Национална програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година, за 2024 година | |
|---|---|
| Образложение: | Координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2022-2032, изготвува годишен оперативен план за имплементација на оваа програма, во кој ги утврдува активностите, временската рамка и одговорни лица и институции за спроведување на активностите. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување
3.19.6 Социјална заштита
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| Очекувани влијанија: | Со евалуација на реализацијата на предвидените цели, мерки и активности се унапредува системот на социјална заштита заснован на партиципативност и воден од потребите на корисникот заради негово зајакнување и вклучување во општествениот живот. |
|---|---|

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

| Извештај за реализација на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2024 година | |
|---|---|
| Образложение: | Редовен Годишен изештај до Влада за реализација на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2024 година. |

НПАА-поглавје: 20 Претпријатија и индустриска политика
25 Истражување и развој
НПАА-подрачје: Подрачје 2 Инструменти
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| Очекувани влијанија: | Нема |
|---|---|

Фискални импликации: /

| Предлагач: | Министерство за економија и труд |
|---|---|

**Годишен извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година**

| Образложение: | Обврската на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Секторот за стратегија, планирање и следење да подготвува Годишен извештај за степенот на реализација на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година со мониторинг индикатори, е согласно Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.222/19). |
|---|---|

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| Очекувани влијанија: | Со Годишниот извештај, Владата на Република Северна Македонија се информира за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата за 2024 година. |
|---|---|

Фискални импликации: /

| Предлагач: | Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|

**Информација за постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Државата Катар за укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши**

| Образложение: | Укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши. |
|---|---|

НПАА-поглавје: Поглавје 31: Надворешна, безбедносна и одбранбена политика
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Визната либерализација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемена соработка помеѓу двете држави, развој на економија, енергетика и туризам. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

**Информација со анализа до Владата на Република Северна Македонија со предлог за воведување на предвремено пензионирање со докуп на стаж на осигурување до 5 години за остварување на право на старосна пензија и продолжување со работа по стекнувањето на правото на пензија со зачувување на правото на пензија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Предвидување на законска можност за докуп на стаж од страна на осигурениците, во случај кога истиот не е платена од страна на работодавачите, како продолжување со работа по стекнувањето на правото на пензија со зачувување на правото на пензија |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Регулирање на пензискиот стаж заради остварување на право на пензија, како и подолго задржување на осигурениците на пазарот на труд по исполнување на условите на пензија, посебно во дефицитарните кадри (пр. здравствени работници). |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

**Предлог - програма за субвенционирање на купување на ново возило со одјава на старо**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Програмата за субвенционирање на купување на нови возила, се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, наменети за надоместување на дел од трошоците за купување на нови возила од страна на сопствениците на возила кои се постари од 20 години, а кои претходно го одјавиле и депонирале во одпад своето возило. Ова програма се донесува |

согласно член 5-в од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19). Владата на Република Севрна Македонија, на предлог на Министерот за економија и труд ја донесува Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за купување на ново возило со одјавување на старото возило. За реализација на оваа програма се предвидуваат средства во износ од 90.000.000 МКД. Се предвидува да се субвенцинира 20% од цената на трошоците за набавка на ново возило, но не повеќе од 5000 евра во денарска противвредност. Со овој износ ќе бидат опфатени над 300 возила на годишно ниво.

НПАА-поглавје: 3.1 Слободно движење на стоки
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Владата на Република Северна Македонија да донесе Програма за субвенционирање на купување на ново возило со одјава на старото возило. |

Фискални импликации: Има: 90,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за економија и труд

Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Информација за текот на реализацијата на приоритетите од Стратешкиот дијалог со Соединетите Американски Држави

Образложение: На 02 јуни 2022 година, во Вашингтон, Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави го воспоставија Стратешкиот дијалог, кој потоа почна да се имплементира преку Акциони планови кои се изработуваат во Министерството за надворешни работи и НТ, а се на предлог од надлежните министерства. Министерството за надворешни работи и НТ редовно, со информации во континуитет ја известуваат Владата за спроведените активности на тој план.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Продлабочување и унапредување на соработката со стратешкиот партнер Соединетите Американски Држави, во сите домени од заеднички интерес, вклучително и во рамките на НАТО-Алијансата. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

**Предлог - уредба за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Усогласување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.264/22) со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19, 154/19 и 121/24). |

НПАА-поглавје: 3.32. Финансиска контрола
НПАА-подрачје: 3.32 Заштита на финансиските интереси на Европската Унија
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Целта на Уредбата за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија е да се изврши усогласување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.264/22) со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република |

Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24).

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Информација за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска, во Република Северна Македонија

Образложение: Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработката со земјите од поширокото соседството и јакнењето на регионалната соработка.

НПАА-поглавје: 1.3 Национален план за адаптирање на европското законодавство, регионални прашања и меѓународни обврски
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од пошироко соседство.

Фискални импликации: Има: 60,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Информација за претставување на културата на Република Северна Македонија во една од државите - претседавачи со Советот на ЕУ во 2025 година, Република Полска или Кралството Данска, како и во една од европските престолнини на културата за 2025 година, Нова Горица, Република Словенија

Образложение: Претставувањето на културата на Република Северна Македонија во државите кои се во фокусот на нашата надворешна политика отвора можности за поголема видливост, а користење на културниот капитал создава услови за унапредување на

застапеноста на домашната култура во глобалниот културен контекст. Иницијатива ќе овозможи пред јавноста во една од земјите претседавачи со ЕУ да се претстави богатото културно наследство и актуелно творештво на Република Северна Македонија преку изложби, концерти, ревија на филмови и др). Имајќи предвид дека градот Скопје ќе биде европска престолнина на културата во 2028 година, со оваа иницијатива ќе се антиципира нашето присуство во другите градови - европски престолнини на културата и ќе се искористат нивните искуства во функција на квалитетна подготовка на активностите. Претставувањата ќе бидат можност пред странската јавност да се претстават и туристичките потенцијали како држава, богатото културно наследство, но и природните убавини и ресурси кои ќе влијаат на перцепцијата за Република Северна Македонија како атрактивна туристичка дестинација

НПАА-поглавје: 3.26.2 Култура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Преку културната дипломатија односно презентацијата на културата на Република Северна Македонија во меѓународни рамки и нејзино спојување со промоцијата на туристичките потенцијали, може да се реализираат долгорочни цели како интензивна културна и економска соработка, промоција и одржлив развој на односите со другите држави. Во тој контекст, реализацијата на посочените програмски содржини се очекува да има афирмативни ефекти во промоцијата на Република Северна Македонија во меѓународен контекст. |

Фискални импликации: Има: 8,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за култура и туризам |

Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

Предлог - стратешки план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2025-2027 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Обврска за доставување на Стратешки план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за период 2025-2027 година произлегува од член 4 став 2 од Законот за катастар на недвижности, според кој: Стратешкиот план го донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на Агенцијата за период од три години, кој по потреба може да се менува, односно дополнува. Стратешкиот план на Агенцијата ги одразува целите и приоритетите како и планираните реформски процеси во областите за кои е надлежна Агенцијата, за период од три години и истите се усогласени со Програмата на Владата на Република Северна Македонија. |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | 1. Навремени и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис-заедницата и подобрување на деловното окружување преку ефикасни постапки во процесот на одржување на катастарот на недвижностите; 2. Развој на системот за електронски катастар со воведување на нови ИКТ технологии; 3. Одржување на постојните регистри во функција на подобрување на услугите на АКН; 4. Одржување на современата геодетска референтна инфраструктура и воспоставени нови геодетски референтни системи по европски стандарди; 5. Информирање на јавноста за новите услуги и сервиси од ГКИС преку нивна промоција и 6. Обучени професионални корисници за online пристап и користење на податоците од геодетско катастарскиот информационен систем (ГКИС). |

| | |
|---|---|
| Фискални импликации: | Има: 2,770,000,000 ден<br>Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година<br>Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година<br>Други извори |

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Агенција за катастар на недвижности |

Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

**Информација за спроведување на ИПА проектот "Затворање на непрописните депони и ѓубришта во Источниот и Североисточниот регион" (градба и надзор)**

Образложение: Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

НПАА-поглавје: 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Позитивни влијанија преку подршка во спроведување на регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион со затворање на непрописните депони и губришта во овие региони.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

**Информација спроведување на Проект за Кампања за Подигнување на Свеста за Антициганизмот**

Образложение: Министерството ќе спроведе кампањи за намалување на дискриминацијата и подигање на свеста за антициганизмот: • Кампањи за подигнување на свеста: Јавни настани и медиумски кампањи за промоција на разбирањето и толеранцијата. • Семинари за ромските права: Обуки и едукација за антидискриминациските закони.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: Поглавје 3.23: Правосудство и темелни права
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.23.3 Темелни права
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Подигнување на свеста на не ромскиот население во Република Северна Македонија.

Фискални импликации: Има: 3,065,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

Извештај за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2024 година

Образложение: Извештајот дава приказ на работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2024 година, бројот на одржани седници, разгледани деловни и финансиски извештаи на организациите со статус од јавен интерес и предложени решенија за доделување статус на организации од јавен интерес.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Разгледувањето на годишни извештаи за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од страна на Владата и нивно објавување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk) на Генералниот секретаријат ќе придонесе кон афирмација на работата на Комисијата и поттикнување на граѓанските оргазнизации да поднесуваат барања за добивање статус на организација од јавен интерес.

Фискални импликации: /

Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2024 година

Образложение: Извештајот дава приказ на спроведените мерки и активности од страна на органите на државната управа предвидени во Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, во 2024

година.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: 2.1.1. Демократија
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Граѓанско општество
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Разгледувањето на извештаите за спроведените мерки и активности предвидени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, од страна на Владата и нивно објавување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk) на Генералниот секретаријат ќе придонесе кон зајакнување на довербата и унапредување на соработката помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанските организации. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Иницијатива со низок приоритет

Приоритет:

Не е поврзан со стратешки приоритет

Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот за утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот за утврдување на максималните киличини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви се пропишува начинот за утврдување на максималните киличини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви на ориз во вид на оризова арпа. |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Се пропишува начинот за утврдување на максималните киличини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви на ориз во вид на оризова арпа. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Агенција за стоковни резерви |

## Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за избор на складиштари во поглед на просторот наменет за складирање и чување на стоковните резерви

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за избор на складиштари во поглед на просторот наменет за складирање и чување на стоковните резерви се овозможува оризот во вид на оризова арпа да се внесе во стоковните резерви како производ од исклучително значење за животот на населението во Република Северна Македонија. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.11: Земјоделство и рурален развој
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Внесување на оризот во вид на оризова арпа во стоковните резерви како производ од исклучително значење за животот на населението во Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: Има: 100,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Агенција за стоковни резерви |

Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на височината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви

Образложение: Со Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на височината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување, и обновување на стоковните резерви се утврдува височината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви на ориз во вид на оризова арпа.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.11: Земјоделство и рурален развој
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Се утврдува височината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви на ориз во вид на оризова арпа.

Фискални импликации: Има: 2,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Агенција за стоковни резерви

Април

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:
Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Информација за резултатите и предизвиците од работата на Работната група за централизирана база на податоци за државниот недвижен имот

Образложение: Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година извршена е ревизија на успешност на тема „Управување со државниот имот“. Темата за ревизија е значајна од аспект на тоа да се оцени дали надлежните институции управуваат и стопанисуваат со државниот недвижен имот – деловни и станбени објекти на државата на ефикасен начин, имајќи предвид дека професионалното управување и стопанисување со истиот треба да осигура одржување на неговата

вредност и може да влијае на угледот на Владата за обезбедување добри услуги за општеството. Темата на ревизијата е поврзана и со остварување на целите за одржлив развој како една од приоритетните цели на Државниот завод за ревизија согласно Стратешкиот план за ревизија за период 2021–2023 година. Имено, ревизијата е поврзана со Цел 16, во делот на развивање на ефикасни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа. Посапувајќи по препораката од Конечниот извештај на Државниот Завод за ревизија, на седницата одржана на 27.08.2024 година Владата усвои Информација за потребата од воспоставување на централизирана база на податоци на државниот недвижен имот од која произлезе и задолжение за Заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење да формира работна група. На 9.10.2024 година Заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија донесе Решение за формирање на работна група за изнаоѓање на решение за воспоставување на централизирана база на податоци на државниот недвижен имот. Работната група најдоцна до 15 декември 2024 година треба да предложи решенија за воспоставување на централизирана база на податоци на државниот недвижен имот односно Регистар. Работната група постојано ќе го известува Кабинетот на Заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење и врз основа на тие известувања Заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење квартално ќе ја информира Владата за резултатите и предизвиците од работата на Работната група.

НПАА-поглавје: Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Владата и надлежните министри да бидат благовремено информирани за текот на работата на Работната група за воспоставуваање на Регистарот. |

Фискални импликации: /

Предлагач: заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење

**Извештај за реализација на Буџетските средства за 2024 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2023 – 2025 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Врз основа на член 119 став (1) од Законот за железничкиот систем, на предлог на Министерот за транспорт и врски, Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 24.01.2023 година донесе Одлука за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/23). Врз основа на точка 3 од Одлуката, Министерството за транспорт и врски во име на Владата на Република Северна Македонија и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, склучија Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2023 – 2025 година, заведен во архивата на Министерството за транспорт и врски под број 13 – 691/1 од 26.01.2023 година и ЖРСМ Транспорт АД – Скопје број 269/1 од 25.01.2023 година. Реформската агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 4.1.5. |

НПАА-поглавје: 3.14 Транспортна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Услуги за јавен патнички превоз како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2023 – 2025 година, согласно важечки возен ред. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

### Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2024 година

Образложение: Согласно член 26 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 166/14, 42/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16, 35/18, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 302/20), министерот за транспорт врз основа на Извештајот за реализација на Годишната програма изработен од Јавно претпријатие за железничка инфраструктира Железници на Република Северна Македонија-Скопје, доставува до Владата на Република Северна Македонија, Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2024 година. Реформска агенда на Северна Македонија 2024 -2027 година, Реформа 4.1.5.

НПАА-поглавје: 3.14 Транспортна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Железничката инфраструктура се карактеризира со застареност и неможност да се одвива сообраќајот со проектираните брзини на движење, а со планираното вложување во одржувањето на железничката инфраструктура се очекува обезбедување на сигурен и безбеден сообраќај.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

### Предлог - одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата 2025 година

Образложение: Распределба на средства од програмата за рамномерен регионален развој.

НПАА-поглавје: Правна рамка
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје:22 Регионална политика и координирање на структурните инструменти
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Унапредување и развој на селата во Република Северна Македонија.

Фискални импликации: Има: 120,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за локална самоуправа

## Информација за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија

Образложение: Регионален развој, намалување на времето за задржување при премин на железничката граница меѓу двете земји.

НПАА-поглавје: 3.14 Транспортна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Функционалност и организациска поставеност во железничкиот сообраќај од страна на сите инволвирани институции.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

## Предлог - одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на плански региони во 2025 година

Образложение: Распределба на средства од програмата за рамномерен регионален развој.

НПАА-поглавје: Правна рамка
НПАА-подрачје: подрачје: 22 Регионална политика и координирање на структурните инструменти
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Унапредување и развој на планските региони во државата.

Фискални импликации: Има: 480,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за локална самоуправа

Информација за изградба на нова и реконструкција на постојната железничка делница Бељаковце-Крива Паланка железнички Коридор 8, фаза 2

Образложение: Со цел да се поврзе Република Северна Македонија со соседните држави и исполнување на ЕУ стандардите наменети за градба и обавување на сообраќај во блиска иднина.

НПАА-поглавје: 3.14 Транспортна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемување на сообраќајот, намалување на времето на патување, хармонизација на техничките карактеристики со ЕУ регулативите.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

Предлог - одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2025 година

Образложение: Распределба на средства од програмата за рамномерен регионален развој.

НПАА-поглавје: 22 Регионална политика и координирање на структурните инструменти
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Развој и унапредување на подрачјата со специфични развојни потреби.

Фискални импликации: Има: 120,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за локална самоуправа

Предлог - одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој за 2025 година

Образложение: Распределба на средствата од програмата за рамномерен регионален развој.

НПАА-поглавје: Правна рамка
НПАА-подрачје: подрачје: 22 Регионална политика и координирање на структурните инструменти
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Унапредување на урбаните подрачја во Република Северна Македонија.

Фискални импликации: Има: 120,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за локална самоуправа

Предлог - Фискална стратегија на Република Северна Македонија за среднорочен период 2026-2030 година

Образложение: Со Фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2026-2030 година се дефинираат насоките и целите на фискалната, макроекономската и политиката на јавниот долг на среден рок и се утврдуваат износите на главните категории на приходите и расходите и буџетскиот дефицит за дадениот среднорочен период. Фискалната стратегија ќе ги содржи среднорочните насоки и цели на фискалната политика, основните макроекономски проекции, износите за главните категории на проценети приходи и расходи, како и проекциите за буџетскиот дефицит и долгот.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.33: Финансиски и буџетски одредби
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со Фискалната стратегија се обезбедува финансиска сигурност и стабилност на јавните финансии во нареден среднорочен период и се воспоставува појака врска меѓу дефинираните стратешки приоритети и расположливите извори на финансирање. Истата претставува основа за изготвување на Предлог-Буџетот за наредната година. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Предлог - одлука за меѓународна вежба „SEVEN STARS 25“ во Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| Образложение: | Промовирање, зајакнување и зголемување на оперативните способности, интероперабилноста и воената соработка помеѓу Штабот на SEEBRIG и единиците на Армијата. |

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зајакнување на меѓународната соработка со земјите од југоисточна Европа и исполнување на обврските и барањата од командата на SEEBRIG и SEDM процесот. Достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план. |

Фискални импликации: Има: 1,315,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

**Информација за развивање на модерен и резервен систем за известување во случај на прекин на другите видови на врски и телекомуникации и обезбедување навремено известување, комуникација, координација и соработка помеѓу сите субјекти во системот за управување со кризи**

Образложение: Заради рано предупредување и следење на состојбата, навремено идентификување на појавите и процесите кои се ризици и опасности по безбедноста на Републиката и/или кои можат да доведат до кризна состојба и заради известување на учесниците во системот за управување со кризи и на населението преку Центарот, се организира известување. Развивање на модерен систем за рано предупредување за навремено известување и заштита на животите на населението и матријалните добра во Република Северна Македонија

НПАА-поглавје: 27-Животна средина
НПАА-подрачје: Цивилна заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенцијата, раното предупредување и справување со кризи, преку доведување во употреба на УКБ радио системот за известување, комуникација и координација, која пак задача е законски доделена на Центарот за управување со кризи.

Фискални импликации: /

Предлагач: Центар за управување со кризи

**Информација за развивање на полигонот за обука АП „Криволак“ во Регионален центар за обука РЦО „Криволак“ (јануари-декември 2025 година)**

Образложение: Јакнење на капацитети и колективната безбедност на Армијата и Министертсвото за одбрана за поефикасно и ефективно спроведување на инфраструктурно уредување, потребни набавки, вежбовни активности, обука и сите други активности кои се превземаат во насоки на развој на АП Криволак.Развојот ќе се кординира во соработка со стратешките партнери и искористување на можностите за користење на НАТО фондовите. Канцеларијата за соработка во одбраната и Амбасадата на САД, USAEUR-AF, 7.ATC, Националната гарда на Вермонт и останати

партнери кои покажуваат интерес за развој на АП Криволак.

НПАА-поглавје: Поглавје 31: Надворешна, безбедносна и одбранбена политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | - Јакнење на капацитетите на Армијата, - Јакнење на соработката со останатите држави, - Зголемено активно учество, - Можност за финансиски придобивки од наплата на користење на капацитетите, - Фискална и постојана финансиска импликација, - Измена и дополна на законски и подзаконски иницијативи, - Можност за користење на фондови од Програмата за инвестирање во НАТО безбедноста. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

**Информација за модернизација и набавка на системот за тревожење, воведување на нови сирени и систем за далечинско управување и командување со сирените**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Заради рано предупредување и следење на состојбата, навремено идентификување на појавите и процесите кои се ризици и опасности по безбедноста на Републиката и/или кои можат да доведат до кризна состојба и заради известување на учесниците во системот за управување со кризи и на населението преку Центарот, се организира тревожење. Развивање на модерен систем за рано предупредување за навремено известување и заштита на животите на населението и матријалните добра во Република Северна Македонија. Напоменуваме дека овој предлог иницијатива, во ЕУ е уредена со Европскиот електронски код за комуникација и членот 112 во кој што стои: "До јуни 2022 година земјите членки се должни да обезбедат активирање на системи за јавно предупредување во случај на наидување на опасност по животот на населението и загрозување на материјалните добра. Предупредувањата се пренесуваат преку Телеком операторите во земјите членки, до засегнатите крајни корисници". |

НПАА-поглавје: 27 – Животна средина
НПАА-подрачје: Цивилна заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенцијата, раното предупредување и справување со кризи, преку електронско и централизирано доведување во употреба на сирените од системот за тревожење на Републиката, која задача е во законски надлежност на Центарот за управување со кризи. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Центар за управување со кризи

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Предлог - план за управување со јагула

Образложение: Планот за управување со јагула се носи согласно член 79 од Законот за рибарство и аквакултура („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ број 64/24), а национаалната законска регулатива се усогласува во подрачјето на управување со ресурси со Регулативата (ЕЗ) бр. 1100/2007 на Советот од 18 септември 2007 година за утврдување на мерките за обновување на резервите на европска јагула.

НПАА-поглавје: 13-Рибарство и аквакултура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставен систем мерки преку кој ќе се овозможи намалена смртност и зачувување на популациите на европската јагула во басенот на реката Црн Дрим. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Информација за подготовка на дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи во мај 2025 година, во Скопје**

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовките за одржување на дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, кој ќе се одржи во мај 2025 година во Скопје. Воедно, Информацијата содржи преглед на наодите на ЕК во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, како и предлог ставовите кои ќе бидат презентирани од страна на македонска делегација во однос на точките од Дневниот ред. Поткомитетот ги опфаќа следниве области: Билатерална трговска размена - земјоделски производи; Земјоделство и рурален развој; Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика и Рибарство.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.11 - Земјоделство и рурален развој, Поглавје 12 – Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика и Поглавје 13 – Рибарство.
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Информирани членови на Владата на Република Северна Македонија за претстојниот состанок.

Фискални импликации: Има: 60,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за европски прашања

**Информација за одржан состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа во март 2025 година**

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржаниот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација и преземените обврски

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Успешна реализација на преземените обврски.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за европски прашања

Информација за подготовка на дваесеттиот Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи во ноември 2025 година во Скопје

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовките за дваесеттиот Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи во ноември 2025 година во Скопје. Информацијата ги презентира ставовите на Европската комисија по однос на напредокот на Република Северна Македонија, во областите кои ги опфаќа Поткомитетот и статусот на реализација на преземените обврски од претходниот Поткомитет. Исто така, Информацијата содржи предлог ставови на македонската делегација по однос на прашањата од делокругот на Поткомитетот.

НПАА-поглавје: Поглавје 3 – Право на основање и слобода на давање услуги
Поглавје 4 – Слободно движење на капитал
Поглавје 5 – Јавни набавки
Поглавје 6 – Право на трговски друштва
Повлавје 7 – Право на интелектуална сопственост
Поглавје 8 – Политика на конкуренција
Поглавје 9 – Финансиски услуги
Поглавје 28 – Заштита на потрошувачи и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот.

Фискални импликации: Има: 204,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за европски прашања

Информација за одржување на деветнаесетиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската комисија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа во март 2025 година, во Брисел, со Предлог заклучоци

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржувањето на деветнаесетиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност кој ќе се одржи во март 2025, во Брисел.

НПАА-поглавје: Поглавје 23 и Поглавје 24
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија.

Фискални импликации: Има: 204,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за европски прашања

Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

Информација за обезбедување на соодветни услови за чување на архивскиот материјал

Образложение: Архивскиот и документарниот материјал се чува и заштитува уште од најстариот документ од 12 век, а тоа е фрагмент од евангелието на Св. Апостол Лука пергамент напишан на старогрчко писмо, а денеска Државниот архив постојано превзема нов архивски материјал и му се потребни соодветни услови за чување на архивскиот материјал преку заштита од несакани влијанија од влага, температура, светлина, прашина, инсекти, пожар и друго. Преголемата сувост на воздухот има штетно влијание на хартијата а таа станува крута и нееластична,додека зголемената влажност на воздухот придонесува за развој на микроорганизми штетни за архивскиот материјал па и за човекот. Има потреба од санација и реконструкција на депоата, набавка на неопходни апарати за обеспрашување, за мерење на влага, разработка на план за отварање на работилница за изготовка на сопствени архивски

кутии.

НПАА-поглавје: 10. Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Обезбедување соодветни стандардизирани услови за архивска дејност и архивско работење во насока на зачувување на националното,историско и културно богатство на државата (одвоена зграда од административниот дел, прозорци со влез на кислород и светлина, систем на противпожарна заштита, одвоеност со метални врати, пристап на товарно возило....). Неопходна е нивна реконструкција, обезбедување со неопходни апарати, решавање на проблеми со лабораторијата за конзервација и рестарвација, недостиг на стручно подготвени кадри, недостиг на опрема за дигитализација. Со решавање на овие примарни проблеми ќе имаме реализација на зацртана визија. |

Фискални импликации: Има: 750,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Државен архив на Република Северна Македонија |

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија. |

НПАА-поглавје: 3.29 Царинска унија
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

| Информација за реализација на проектот за санација на спортска сала во УКИМ | |
|---|---|
| Образложение: | Спортската сала во УКИМ е изградена, но не е пуштена во употреба, а со тек на време поради не употреба на истата е руинирана. Потребно е да се реконструира и согласно Одлука на Влада и склучен договор за со инвеститорство истата да се предаде во сопственост и стопанисување на УКИМ. |

НПАА-поглавје: 3.26: Образование и култура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Преку изградба на овој современ спортски објект, се обезбедуваат услови за реализација на наставата по физичко воспитување на студентите од УКИМ, спортување и рекреација на студентите, како и рекреактивни активности на граѓаните. |

Фискални импликации: Има: 50,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за спорт |

Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.03.2025 година

Образложение: Информацијата има за цел да ја извести Владата на Република Северна Македонија по однос на напредокот на проектите, како и степенот/процентот на повлечени средства за проектите на квартална основа.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со усвојувањето на Информацијата и доставувањето на акциски планови од страна на институциите за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, ќе се следи реализацијата на проектите и ќе се предлагаат активности за забрзување на истите.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Извештај за работа на Агенцијата за стоковни резерви за 2024 година

Образложение: Агенцијата за стоковни резерви согласно член 16 став (4) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 74/24) до Владата на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за работата на Агенцијата за претходната година.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Агенцијата за стоковни резерви дава отчет пред Валадата на Република Северна Македонија за сработеното во претходната година и реализацијата на годишната програма.

Фискални импликации: /

Предлагач: Агенција за стоковни резерви

**Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2024 година**

Образложение: Согласно член 53 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), „Министерството за финансии заради информирање до Владата на Република Северна Македонија доставува Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за претходната година, во хартиена форма, најдоцна до 31 март во тековната година.“

НПАА-поглавје: 3.32-Внатрешна контрола
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Целта на Годишниот извештај е транспарентно информирање на Владата на Република Северна Македонија за спроведените постапки на финансиска инспекција над трошењето на јавните средства и заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор согласно закон.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

**Предлог - програма за сузбивање и ерадикација на Туберкулоза кај говедата за период од 2026 до 2030 година**

Образложение: Во Програмата за сузбивање и искоренување на туберкулозата кај говедата се спроведуваат превентивни и заштитни мерки за контрола и спречување на внесот и ширењето на оваа болест како и заштита на јавното здравје и воспоставување на статуси слободни од болеста на ниво на одгледувалишта и земја.

НПАА-поглавје: Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарство и фитосантирана политика
НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Непречено ќе се спроведуваат превентивни мерките и активностите за надзор на Туберкулозата кај говедата и добивање на земја со статус слободна од болеста туберкулоза. |

Фискални импликации: Има: 6,500,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Агенција за храна и ветеринарство

## Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

### Информација за одбележување на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи со Република Казахстан

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во рамките на одбележувањето на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу двете земји, планирани се повеќе активности во Скопје и Астана. |

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Натамошно севкупно унапредување на билатералните односи и на соработката со Република Казахстан, а посебно на економската и други видови на соработка во сите домени од заеднички интерес. |

Фискални импликации: Има: 186,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

**Информација за потпишување на нов Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Кралство Норвешка за соработка во областа на одбраната**

Образложение: Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Македонија и Министерството за одбрана на Кралство Норвешка за соработка во областа на одбраната е потпишан на 04 март 2008 година во Скопје при посетата на тогашниот МО на Кралство Норвешка. Кралството Норвешка ја има препознаено Република Северна Македонија како најзначаен партнер во регионот и во досегашната соработка има пружено огромна поддршка во развојот на капацитетите на нашата Армија и тоа преку неколку поголеми донации на опрема и средства. Исто така во партнерство со Кралство Норвешка во неколку наврати се учествуваше во меѓународни операции (Авганистан). Во текот на 2024 година при состаноци со ОА на Кралство Норвешка покрената е иницијатива за возобновување и надградување на МОУ. Почетна точка би бил веќе постоечкиот МОУ од 2008 година кој би бил дополнет со одредени точки кои ќе овозможат зајакната соработка во полето на одбраната.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зајакнато партнерство.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за одбрана

**Информација за периодично информирање и координација при позначајно нарушување на политичко безбедносната состојба во и околу евро-атлантската област и безбедносните импликации врз регионот на Западен Балкан и нашата држава како земја членка на НАТО**

Образложение: Придонес кон имплементација на обврските согласно членството во НАТО.

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Видлива улога на Република Северна Македонија како кредибилен член на НАТО. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

## Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

### Информација за статусот на имплементација на ИПА 2 како и преглед за проценка на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2024 година

Образложение: Националниот координатор за авторизација известува за финансиската имплементација на ИПА 2 програмите и за потенцијалното губење на средства согласно соодветна финансиска спогодба која е потпишана за секоја ИПА програма.

НПАА-поглавје: Поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти
Поглавје 32 –Финансиска контрола
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на функционирањето на системите за управување и контрола на претпристапната помош на ЕУ во Република Северна Македонија и усогласеноста со соодветните правила на ЕУ и националните правила, за да се обезбеди законитост и регуларност на трансакциите и заштита на финансиските интереси на Унијата и националните интереси. |

Фискални импликации: Има: 4,066,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за финансии

Информација за одржување на втора заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Црна Гора, во Република Северна Македонија

Предлагач: Министерство за образование и наука

**Предлог - одлука за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи, во учебната 2025/2026 година**

Образложение: Согласно Законот за високото образование (*), Владата на Република Северна Македонија донесува Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавни високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, на предлог на јавната високообразовна установа. Со оваа одлука за запишување на студенти во прва година во учебната 2025/2026 на прв циклус на студии се регулираат бројот и квотите за упис на студиските програми на јавните високообразовни установи.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.26.1 -Образование
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Запишани студенти на високо образовните установи во Република Северна Македонија на студиски програми, кои на долгорочен план ќе придонесат да се вработат на работни места согласно потребите на пазарот на трудот. |

Фискални импликации: Има: 871,394,333 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

Предлог - одлука за дополнителните квоти за запишување на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, за академската 2025/2026 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно Законот за високото образование (*), Владата на Република Северна Македонија донесува Одлука за дополнителните квоти за запишување на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во академската 2025/26 година. |

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: 3.26 -Образование и култура
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.26.1 -Образование
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Запишани студенти на високо образовните установи во Република Северна Македонија на студиски програми, кои на долгорочен план ќе придонесат да се вработат на работни места согласно потребите на пазарот на трудот. |

Фискални импликации: Има: 26,405,920 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

**Извештај од анализа на состојбата на соодветната и правичната застапеност во јавниот сектор**

Образложение: Со оваа информација ја информираме Владата за состојбите на споровдување на Уставното начелото на доодветна и правична застапеност на припадниците на етничките заедници.

НПАА-поглавје: Поглавје 1. Политички критериуми
НПАА-подрачје: 1.1 и 1.3 Демократија и владеење на правото
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Подобрување на застапеноста на етничките заедици во јавниот сектор.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за односи меѓу заедниците

**Иницијатива со среден приоритет**

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

**Годишен извештај на Интер-ресорската советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите**

Образложение: Согласно член 10 став 8 на Закон за еднакви можности на жените и мажите и Деловникот за работа на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите во Владата на Република Северна Македонија, Интер-ресорската група доставува Годишен извештај до Владата.

НПАА-поглавје: Поглавје 19 Социјална политика и вработување
под поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности
Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права
Под поглавја
23. 7 Недискриминација
23. 13 Еднаквост меѓу жени и мажи
НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, промовирање на концептот на родова рамноправност и вклучување на родовите перспективи во општествените текови. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот јануари-март 2025 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Целта на оваа иницијатива е квартално да се информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања. |

НПАА-поглавје: 3.23: Правосудство и темелни права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Северна Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите

Образложение: Обезбедување на континуиран развој и приод кој се заснова на промоција и обезбедување на еднакви можности на жените и мажите и принцип на не дискриминација со цел остварување на човековите права.

НПАА-поглавје: Поглавје 19 Социјална политика и вработување
под поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности
Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права
Под поглавја
23. 7 Недискриминација
23. 13 Еднаквост меѓу жени и мажи
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: • Подобрување на статусот на најранливите категории на граѓани во општеството и обезбедување на континуитет во остварувањето на еднаквоста и не дискриминацијата; • Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во уживање на слободите и правата на граѓаните без разлика на полот; • Почитувањето принципот на еднаквост во сите сфери на општествениот живот во насока на намалување на сиромаштијата на ранливите групи.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2024 година

Образложение: Се презентираат податоци за спроведување на Законот за нотаријатот од аспект на редовна нотарска дејност, надлежноста на нотарите да ја потврдуваат задолжницата согласно Законот за задолжница, надлежноста на нотарите да донесуваат решенија за издавање на нотарски платен налог и нивната надлежност да спроведуваат оставински постапки како повереници на судот. Воедно, Владата ќе биде запознаена со бројот и ефектите од извршени надзори над нотарите и поднесените предлози за поведување на дисциплински постапки против нотари, а во правец на обезбедување на законитост во работењето на нотарите.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.23: Правосудство и темелни права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Унапредување на нотаријатот и обезбедување на законито и ефикасно давање на нотарските услуги на граѓаните и правните лица преку извршениот надзор над работата на нотарите. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

Информација за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2024 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Годишнаа обврска произлегува од член 44 од Законот за бесплатна правна помош. |

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: 23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Процедурални права и права на жртвите
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Информирање на Владата на Република Северна Македонија за примената на одредбите од Законот. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог- програма за сузбивање и ерадикација на Бруцелоза кај овци и кози за период од 2026 до 2030 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците и козите се спроведуваат превентивни и заштитни мерки за навремено спречување на вносот и ширењето на оваа болест како и заштита на јавното здравје. |

НПАА-поглавје: Поглавје 12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосантарна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Непречено ќе се спроведуваат превентивни и контролни мерки и активностите за надзор на Бруцелозата кај овците и козите со цел намалување на бројот на инфицирани одгледувалипшта, намалување на бројот на заболени луѓе и ерадикација на болеста и воспоставување на земја со статус слободна од болеста бруцелоза. |

Фискални импликации: Има: 21,800,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Агенција за храна и ветеринарство

Информација за донесување на Национална стратегија за демографски политики-за периодот 2025-2045 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Новата национална стратегија за демографски политики ќе биде основа со клучни препораки за донесување на Националниот план на Владата за демографска обнова согласно и приоритетите на Националната развојна стратегија и тоа демографијата, здравствени политики, пазар на труд, социјална политика и пензиски систем и со фокус на рамномерен регионален развој. |

НПАА-поглавје: Економски критериуми (економски развој и конкурентност)
Поглавје 3.02 Слободно движење на работници
Поглавје 3.18 Статистика
Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Република Северна Македонија се соочува со неповолни демографски трендови, кои ќе имаат сè поизразени импликации врз економијата и општеството во иднина. Затоа е важно да се креираат политики за нивно адресирање во годините кои што следат. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Извештај за реализација на Планот за имплементација на Гаранција за млади 2023-2026 година за 2024 година

Образложение: Во Извештајот за реализација на Планот за имплементација на Гаранција за млади за 2024 година, ќе се наведе степенот на реализација на планот по однос на трите „столбови“ (рана интервенција, теренски активности и услуги на пазарот на трудот и програми за вработување) од шемата на „Гаранција за млади“.

НПАА-поглавје: 3.19 Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: 3.19.4 Политики за вработување и Европски социјален фонд
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Намалување на стапката на невработеност кај младите лица од 15 -29 години, активација на NEET младите (млади кои не се во евиденција на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, не се во образование и не се во вклучени во некои обуки) преку нивно изнаоѓање, мотивирање за евиденција во Агенција за вработување на Република Северна Македонија и вклучување во сет на услуги и мерки за вработување или директно вработување на редовниот пазар на труд.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за економија и труд

Предлог - програма за надзор инфективна анемија кај копитарите за период од 2026 до 2030 година

Образложение: Целта на оваа програма е спречување на појавата на инфективна анемија кај копитарите и утврдување на преваленцијата на инфективна анемија кај копитари.Согласно директива 92.65/ЕЕЗ, директива 2009/156/ЕЗ, Регулатива 2016/429 .

НПАА-поглавје: 3.12: Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Спроведување на контролни и заштитни мерки за спречување на ширење на инфективната анемија кај копитарите и намалување на економските загуби од болеста. |

Фискални импликации: Има: 670,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Агенција за храна и ветеринарство

**Информација за спроведена анализа на кадровската структура, простор и опрема во Институт за јавно здравје и 10-те Центри за јавно здравје, со препораки за воведување на нови стандарди и нормативи во специфичната здравствена заштита**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Институт за јавно здравје и 10-те Центри за јавно здравје се јавно-здравствени установи кои спроведуваат специфична здравствена заштита на целокупното население во државата (социјална медицина и јавно здравје, епидемиологија, хигиена и здравствена екологија, медицина на труд и микробиологија). Се грижат за промоција на здрав стил на живот, превенција на заразни и незаразни болести, имунизација, безбедност на граѓаните од аспект на вода, храна, земја и предмети од општа употреба, радиолошка заштита и сл. Состојбата е критична во однос на кадарот по број и вид, опремата во 10 те Центри за јавно здравје и особено информатичката хардверска и софтверска поддршка на здравствената статистика. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: Заштита на потрошувачи и јавно здравје
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Стандардите и нормативите во специфичната здравствена заштита ќе обезбедат доволен и адекватен кадар во Институт за јавно здравје и 10 -те Центри за јавно здравје, како и континуитет во грижата за јавното здравје на граѓаните, унапредување на квалитетот и безбедноста во здравството, висококвалитетна грижа за секој граѓанин. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за здравство во соработка со ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје

Предлог - програма за сузбивање и ерадикација на Бруцелоза кај говедата за период од 2026 до 2030 година

Образложение: Во Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата се спроведуваат превентивни и заштитни мерки за контрола и спречување на вносот и ширењето на оваа болест како и заштита на јавното здравје.

НПАА-поглавје: 3.12: Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Непречено ќе се спроведуваат превентивни мерки и активности за надзор на Бруцелозата кај говедата и добиавање на земја со статус слободна од болеста бруцелоза.

Фискални импликации: Има: 13,400,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Агенција за храна и ветеринарство

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Информација за донесување на Предлог за Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје 2025 - 2030

Образложение: По истекот на временската рамка на постоечката Национална Стратегија за контрола на мало и лесно оружје 2022-2024 година, се планира да се донесе нова Национална Стратегија за контрола на мало и лесно оружје 2025 -2030 година, која ќе биде усогласена со новиот Патоказ за одржливо решение за нелегално поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје, огнено оружје и муниција за истото во Западен Балкан, кој е во фаза на усвојување. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, Реформа 5.6.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: 3.24 Правда, слобода и безбедност
Поглавје 31: Надворешна, безбедносна и одбранбена политика
Подобласт 5.6. Борба против организираниот криминал
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Остварување на стратешките приоритети во контролата на мало и лесно оружје. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за внатрешни работи |

## Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

### Информација за донесување на Национална ИКТ стратегија за период од 2025 до 2030 година со акциски план за период од 2025 до 2030 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Поради отсуство на национална стратегија за развој и примена на информациско-комуникациските технологии сите напори за дигитализација се фрагментирани, поради што не постои јасен преглед на постигнувањата и трошоците, а често постојат и дуплирања во однос на инвестициите од различни институции. |

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 10.1
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставување на јасна стратешка рамка и акциски документ кој ќе содржи мерки, активности, индикатори и потребни средства за нивна реализација ќе придонесе кон забрзан дигитален напредок и сеопфатен пристап при адресирање на предизвиците во оваа област. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за дигитална трансформација |

### Информација во однос на реализацијата на Студијата за изводливост за воспоставување на Национална транспортна оптичка мрежа - НТОМ

| | |
|---|---|
| Образложение: | Има за цел да ја информира Владата околу реализацијата на Студијата за изводливост за воспоставување на Национална транспортна оптичка мрежа – НТОМ. Исто така, има за цел врз основа на финалниот извештај од студијата, да предложи на Владата идни сценарија поврзани со реализацијата. Оваа Студија отпочна со реализација во 2023 година. Врз основа на заклучоците |

од 54-та седница на Владата од 2023 година, Министерството аплицираше и доби од ЕУ техничка помош за изработка на Студија за изводливост за воспоставување НТОМ. По изборот на конзорциумот за подготовка на студијата, се отпочнаа низа активности и анализи во насока на нејзина реализација.Се очекува финалната реализација на студијата да биде во март 2025 година со подготовка на финален извештај. Во извештајот треба да бидат вклучени повеќе излезни сценарија (алтернативи) за воспоставување на НТОМ со цел најоптимално решение за оптичко поврзување, како и соодветни модели на финансирање за оптичката мрежа.Реформска агенда на северна Македонија 2024 - 2027 година, Подобласт 2.2.2.

НПАА-поглавје: 3.10. Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: 3.10.1 - Електронски комуникации и информациски технологии
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Развој на електронските комуникации во државата и обезбедување на брз, широкопојасен интернет во зоните каде не е планирана инвестиција од страна на приватните оператори. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за дигитална трансформација |

Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

**Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државна управа и единиците на локална самоуправа во 2024 година**

Образложение: Една од приоритетните цели на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество со Акциски план 2022-2024 е унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации, што предвидува зголемување на уделот на државно финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа за финансирање на граѓанските организации, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024

година. Извештајот дава приказ на финансиската поддршка на граѓанските организации од централниот буџет и од буџетот на единиците на локалната самоуправа во 2024 година.

НПАА-поглавје: I. Политички критериуми
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемување на транспарентноста и унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Јули

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Информација за работата на Меѓуресорското тело за кординација на активностите против корупција

| | |
|---|---|
| Образложение: | Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија е Претседавач на Меѓуресорското тело, па оттука има можност и одговорност да влијае врз: - креирање политики за унапредување на превенцијата и борбата против корупцијата, вклучително и за обезбедување техничка поддршка; -спроведување на мерки или активности предвидени со национални или меѓународни стратешки или програмски документи од областа Антикорупција; усогласено собирање и обработка на податоци за следење на состојбите со корупцијата и - обезбедување придонеси за подготовка на извештаи и други материјали за известување на меѓународни организации и тела во врска со имплементација на препораки и стандарди од областа Антикорупција.Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија ПОДОБЛАСТ 5.5. |

НПАА-поглавје: Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: ПОДОБЛАСТ 5.5. Борба против корупцијата
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и и вратена доверба на граѓаните во правосудниот систем.

Фискални импликации: /

Предлагач: заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење

## Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици

### Предлог - уредба за распределба на средствата за блок дотации за средно образование по општини и Градот Скопје за 2026 година

Образложение: Распределба на средствата за блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади, Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Финансирање на дејноста средно образование во надлежност на општините.

Фискални импликации: Има: 6,891,590,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за образование и наука

### Предлог - одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија за студиската 2025/2026 година

Образложение: Одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија за студиската 2025/2026 година се донесува врз основа на член 51 став 1 од

Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19, 248/20 и 302/20). Со оваа одлука се доделуваат 50 стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија за студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот Полуостров. Стипендијата се доделува на студенти кои ке се запишат како редовни студенти на државните универзитети и тоа: Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Универзитетот Св.Климент Охридски во Битола, Универзитет Гоце Делчев во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии Св. Апостол Павле - Охрид, Универзитет Мајка Тереза во Скопје и Универзитетот во Тетово, во студиската 2025/2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Унапредување на младинскиот стандард -Студентите стануваат академски граѓани и се стекнуваат со квалитетни знаења и вештини на универзитетите во Скопје, Битола, Штип, Тетово и Охрид - Зголемена мотивираност и сатисфакција на студентите од Балканскиот полуостров со македонско потекло да студираат на универзитети во Република Северна Македонија. -Студентите активно го користат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо -Студентите се запознаени со културата и традицијата на Република Северна Македонија |

Фискални импликации: Има: 8,100,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за образование и наука

## Предлог-одлука за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи во академската 2025/2026 година

Образложение: Согласно Законот за високото образование (*), Владата на Република Северна Македонија донесува Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавни високообразовни установи,

чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, на предлог на јавната високообразовна установа. Со оваа одлука се дава согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи во академската 2025/2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Запишани студенти на високо образовните установи во Република Северна Македонија на студиски програми, кои на долгорочен план ќе придонесат да се вработат на работни места согласно потребите на пазарот на трудот. |

Фискални импликации: Има: 871,394,333 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за образование и наука

## Предлог - одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите за учебната 2025/2026 година

Образложение: Врз основа на член 54 став 10 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20 и 302/20), Владата на Република Северна Македонија донесува Одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2025/2026 година. Со оваа одлука се утврдуваат бројот на стипендистите и висината на стипендиите за учениците запишани во средното образование.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Откривање, стимулирање и негување на надарени ученици од различни области на науката, техниката, уметноста и спортот; поддршка на ученици од социјално ранливи категории, ученици деца без родители и родителска грижа; стимулирање и поддршка на ученици запишани во стручно образование |

Фискални импликации: Има: 111,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за образование и наука

**Предлог-одлука за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи во академската 2025/2026 година**

Образложение: Согласно Законот за високото образование (*), Владата на Република Северна Македонија донесува Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавни високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, на предлог на јавната високообразовна установа. Со оваа одлука се дава согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи во академската 2025/2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Запишани студенти на високо образваните установи во Република Северна Македонија на студиски програми, кои на долгорочен план ќе придонесат да се вработат на работни места согласно потребите на пазарот на трудот, како и нивно продолжување на трет циклус на студии. |

Фискални импликации: Има: 871,394,333 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за образование и наука

| Предлог - уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2026 година | |
|---|---|
| Образложение: | Распределба на средствата за блок дотации за основното образование по општини за 2026 година. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Финансирање на дејноста основното образование во надлежност на општините. |
| Фискални импликации: | Има: 17,760,000,000 ден<br>Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година |
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

## Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

| Информација за дигитализација на архивскиот материјал | |
|---|---|
| Образложение: | Државниот архив се стреми кон модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти,дигитална трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите, изградба и развој на електронска комуникациска инфраструктура и услуги, унапредување на системот на локална самоуправа, децентрализација на власта, подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност,отчетност и инклузивност. Како приоритет и цел е јакнење на ефикасноста во заштита и користење на културно наследство како основа за стратешки двонасочен пристап,дигитализација во насока на ЕУ, јакнење на граѓанска свест и партиципација за заштита на културното наследство преку развој на информациски и комуникациски технологии, афирмација, презентација и научна верификација на културното наследство во насока на јакнење на културно историскиот идентитет. |

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: Поглавје 3.10: Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.10.2. Услуги на информатичко општество
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | -ефективно,ефикасно и инклузивно креирање на политики,стручна,професионална и департизирана администрација и одговорно,отчетно и транспарентно работење на институциите во насока на зголемен број на корисници на дигитализираниот архивски материјал во читална и преку интернет ; -менаџерско(раководна)отчетност, правилно работење и правење на вистински работи за постигнување на посакувани резултати во обезбедување на побрз пристап до изворите на информации кои се сопственост на архивите; -делегирање на одговорноста, овластувањата и финансиските и другите ресурси на најниско можно компетентно ниво на јасен и формализиран начин; -дигитална трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите со користење на сопствена развиена техничка инфраструктура и кадровски капацитети; -развивање механизми за воспоставување на модерни технологии „5G" технологии и развој на „NGA"инфраструкктура; -изградба и развој на електронска комуникациска инфраструктура и услуги; -унапредување на системот на локална самоуправа,децентрализација на власта,подобрување на локалните јавни услуги,зајакнување на капацитетите на општините,зголемување на нивна транспарентност, отчетност и инклузивност; -намалено ракување со чувствителен и често користен изворен материјал,со креирање на резервни,односно сигурносни копии на загрозениот материјал како што се стари книги и ракописи. |

Фискални импликации: Има: 1,150,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Државен архив на Република Северна Македонија

Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

Извештај од анализа на состојбите во образованието на припадниците на етнчките заедници

Образложение: Преку ова анализа сакаме да ја видиме реалната слика на нивото на образованието, предизвиците и наоѓање на нивно решавање во областа на образованието на припадниците на етничките

заедници, со посебен акцент на заедниците кои што се под 20% од вкупното население на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: Политички критериуми
НПАА-подрачје: 1.1 и 1.3 Демократија и владеење на правото,
1.4 Човекови права и заштита на правата на немнозинските заедници
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на образовниот систем за припадниците на етничките заедници. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за односи меѓу заедниците |

**Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик за периодот јануари - јуни 2025**

Образложение: Почнувајќи од декември 2018 година, Министерството за труд и социјална политика, а понатаму Министерството за социјална политика, демографија и млади, системски ја решава инклузијата на деца Роми со вклучување на единиците на локална самоуправа, како дел од зацртаните цели од Националната Стратегија за Роми. Во учебната 2024/2025 година, проектот континуирано продолжува да се имплементира со вклучување на деца Роми на возраст од 3-6 години во предучилишното образование.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување
Поглавје 23 Фундаментални права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемување на бројот на деца Роми во предучилишното образование и воспоставување поголема соработка помеѓу централно и локално ниво за имплементацијата на проектот „Инклузија на деца Роми во детските градинки“ со цел систематско решавање на проблемите на ромската заедница. |

Фискални импликации: Има: 7,500,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.06.2025 година

Образложение: Информацијата има за цел да ја извести Владата на Република Северна Македонија по однос на напредокот на проектите, како и степенот/процентот на повлечени средства за проектите на квартална основа.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со усвојувањето на Информацијата и доставувањето на акциски планови од страна на институциите за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, ќе се следи реализацијата на проектите и ќе се предлагаат активности за забрзување на истите.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

**Полугодишен извештај на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2025 година**

Образложение: Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, кој Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 8 јуни 2024, според член 27 став 2 сите институции треба да доставaт полугодишен извештај за работа до Владата на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.12: Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Владата на Република Северна Македонија да се запознае со полугодишниот извештај за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2025 година.

Фискални импликации: /

Предлагач: Агенција за храна и ветеринарство

**Предлог - Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (Втор Квартал)**

Образложение: Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: 3.29 Царинска унија
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија

Образложение: Обврската за изготвување на Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија произлегува од Законот за буџети. Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија се изготвува со цел поефикасно искористување на буџетските ресурси преку поефикасно извршување на Буџетот. Кон Извештајот за извршувањето на Буџетот се приложува и ажуриран Извештај за макроекономските индикатори и проектирани приходи, преземени обврски и расходи за буџетската година.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Овој извештај се користи за следење на динамиката на извршувањето на Буџетот на приходната и расходната страна, притоа утврдувајќи ги отстапувањата, со цел буџетските корисници навремено да преземат мерки за негово подобрување.Овој извештај исто така, преставува и основа за утврдување на иницијалната проекција на Буџетот и потребата за ревизија преку изготвување на измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

## Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Информација за одбележување на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи со Соединетите Американски Држави

Образложение: Во рамките на одбележувањето на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу двете пријателски земји, планирани се повеќе активности во Скопје и Вашингтон.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Натамошно севкупно унапредување на билатералните односи и на соработката со стратешкиот партнер Соединетите Американски Држави, а посебно на економската и други видови на соработка во сите домени од заеднички интерес, вклучително и во рамките на НАТО - Алијансата. |

Фискални импликации: Има: 186,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

**Информација за програмата и приоритетите на Претседавањето на Кралството Данска со Советот на ЕУ, со календар за одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија**

Образложение: Информирање на членовите на Владата за Данското претседателство со Советот на ЕУ и учеството на претставници од Република Северна Македонија на неформалните министерски состаноци на ЕУ.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Координација на Владата за активностите и целите на Данското претседателство со Советот на ЕУ, како и за учеството на претставници од Република Северна Македонија на неформалните министерски состаноци на ЕУ. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

**Информација за предлог-платформа за настап на состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската унија**

Образложение: Информирање на членовите на Владата за подготвителните активности околу одржувањето на состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација со ЕУ и усвојување на ставови кои делегацијата на Република Северна Македонија ќе ги презентира на состанокот.

НПАА-поглавје: 0.2 Осврт на резултатите од имплементацијата на ССА
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Усвојувањето на Платформата за состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација ќе ѝ овозможи на Македонската делегација која ќе учествува на состанокот да ги презентира усвоените ставови во име на Владата и исто така ќе овозможи координиран настап на целата делегација. Негативно влијание нема.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

**Извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштитата на финансиските интереси на Европската Унија 2022-2025 година со Акцискиот план**

Образложение: Министерството за финансии согласно заклучокот од Нацрт-записникот од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14.06.2022 година, е задолжено еднаш годишно да ја информира Владата за реализација на Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштитата на финансиските интереси на Европската Унија 2022-2025 година, како материјал за информирање.

НПАА-поглавје: Поглавје: 3.32 Финансиска контрола
НПАА-подрачје: 3.32.2 Заштита на финансиските интереси на Европската Унија предвидено е подготовка на Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштитата на финансиските интереси на ЕУ во 2024 година
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Целта на годишниот извештај е транспарентно информирање на Владата на Република Северна Македонија за актуелната состојба во врска со спроведувањето на целите и мерките од Националната стратегија за борба против измами и заштитата на финансиските интереси на Европската Унија 2022-2025 година и Акцискиот план и за работењето на Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средствата (АФКОС), во периодот јануари - декември 2024 година. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

Информација за употребата на платформата за интероперабилност од страна на институциите

Образложение: Министерството за дигитална трансформација управува со платформа за интероперабилност, која согласно Законот за електронско управување и електронски услуги задолжително треба да ја користат сите институции кои располагаат со техничка опрема и се приклучени на истата. Во моментов само мал дел од институциите кои се приклучени активно ја користат опремата, што доведува до слаба ефикасност при испорака на услугите кон граѓаните.Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, Подобласт 2.2.2 .

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје10- Информатичко општество и администрација
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.10.2- Услуги на информатичко општество
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемена ефикасност во работата во јавната администрација.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари - јуни 2025 година

Образложение: Обврската за доставување на Шестмесечен извештај за работењето на Агенцијата за катастар на недвижности произлегува од член 15 став 2 од Законот за катастар на недвижности според кој: Директорот на Агенцијата е должен секои шест месеци да доставува извештај за работата на Агенцијата до Владата на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Запознавање на Владата на Република Северна Македонија со реализацијата на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за период од шест месеци.

Фискални импликации: /

Предлагач: Агенција за катастар на недвижности

## Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

Информација за реализираните активности во рамки на имплементирањето на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија и Интеграција на Роми фаза 3 за периодот јануари - јуни 2025

Образложение: Република Северна Македонија е членка на Меѓународната иницијатива Интеграција на Ромите 2020 во чии рамки ја има и обврската за доставување на редовни извештаи за имплементација на целите од приоритетните области (вработување, образование, здравство и домување) од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030. Во истите ќе се прикаже нивото на имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување
Поглавје 23 Фундаментални права
НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на информираноста за реализираните активности во рамки на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 -2030 во Република Северна Македонија како и разгледување на можностите за подобрување и унапредување на состојбата на Ромите на ниво на носење на одлуки и политики од страна на претставниците на Владата на Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Август

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Предлог - одлука за меѓународна вежбата „SABRE JUNCTION 25“ во Сојузна Република Германија

| | |
|---|---|
| Образложение: | Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија со земјите сојузници и партнери при изведување на копнени операции во мултинационална здружено комбинирана средина. |

НПАА-поглавје: 3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (знбп)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Позитивно влијание во градењето на капацитети и способности за самостојно распоредување во услови на непостоење на сојузничка поддршка. Достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план. |

Фискални импликации: Има: 145,371,140 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија

Образложение: Јакнењето на капацитетите на КОД е директно поврзано со јакнењето на човечкиот капитал. Целта е привлекување на квалитетен и стручен кадар со стимулирање на финансиски придобивки директно ќе се влијае во квалитетот на знаењето, вештините и експертизата на човечкиот капитал.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Предлагач: Министерство за правда

Информација за предлог - проект „Бизнис без корупција“

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во насока на намалување на корупцијата, која го опфаќа и безбедносниот сектор ќе се реализира проект “Бизнис без корупција“, со што ќе се создаде транспарентен и предвидлив пазар, ќе привлече поголеми домашни и странски инвестиции и ќе овозможи фер конкуренција меѓу претпријатијата. Со реализација на проектните активности ќе се зголеми доверба во институциите, особено во полицијата. Проектот ќе применува проактивен криминалистички истражувачки пристап со вклучување активности за едукација за бизнис-заедницата во однос на последиците од корупцијата и начините за спречување. |

НПАА-поглавје:  Поглавје 24: Правда, слобода и безбедност
НПАА-подрачје:  3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:  Борбата против корупцијата  како едно од  клучните прашања по кои се мери напредокот на земјата во однос на прогресот и степенот на подготвеност за членство во ЕУ.
ЕПП:  /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со реализација на проектот ќе се подобри соработка меѓу полицијата и приватниот сектор преку развој на заеднички платформи за размена на информации и споделување на добри практики, со цел унапредување на антикорупциските мерки и следење на резултатите. Во таа насока ќе се воспостави единствен систем за пријавување корупција, кој ќе биде безбеден, заштитен и транспарентен, што ќе го олесни идентификувањето на случаите на корупција и нивното разрешување. |

Фискални импликации: Има:
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за внатрешни работи

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (Трет квартал)

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија |

НПАА-поглавје:  3.29 Царинска унија
НПАА-подрачје:  /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:  /
ЕПП:  /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

**Нацрт - полугодишен извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за 2025 за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари - јуни 2025 година**

Образложение: Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии се следи преку полугодишни и годишни извештаи за спроведувањето на годишниот Акциски план. Целта на Програмата е подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зголемување на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување на внатрешната и надворешната контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето се идентификувани како една од клучните цели на Владата, што треба да обезбеди забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните Извештајот е основна алатка за следење на напредокот во спроведување на Акцискиот план за 2025 година и истиот пред доставување на усвојување до Владата ќе биде одобрен од страна на членовите на Советот за управување со јавни финансии. Акцискиот план за 2025 година треба да биде донесен од страна на Владата до мај 2025 година.Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија Реформска цел 1.1.3.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: 1.2 Реформа на јавната администрација
ПОДОБЛАСТ 1.1: Управување со јавни финансии (УЈФ) (PFM)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со Нацрт полугодишен извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за 2025 година за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари–јуни 2025 година, ќе се информира Владата за напредокот во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни |

|  |  |
|---|---|
|  | финансии и ќе се обезбеди основа за донесување на информирани одлуки, како и посветеност на највисоко ниво кон процесот на реформи. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

## Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.09.2025 година

Образложение: Информацијата има за цел да ја извести Владата на Република Северна Македонија по однос на напредокот на проектите, како и степенот/процентот на повлечени средства за проектите на квартална основа.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

|  |  |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со усвојувањето на Информацијата и доставувањето на акциски планови од страна на институциите за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, ќе се следи реализацијата на проектите и ќе се предлагаат активности за забрзување на истите. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

## Предлог - одлука за дваесет и четврта емисија на обврзници за денационализација

Образложение: Владата на Република Северна Македонија со Одлука го утврдува годишниот износ на обврзниците за денационализација што ќе се издаваат. Со Предлог-одлука ќе се утврди износот на дваесет и четвртата емисија на обврзници за денационализација.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со дваесет и четвртата емисија на обврзници за денационализација се очекува да се збогати понудата на хартии од вредност со кои ќе се тргува на пазарот на капитал во Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: Има: 120,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици

## Информација за активностите, состојбите и проблемите на Центарот за обука на Дирекцијата за заштита и спасување

Образложение: Дирекцијата за заштита и спасување согласно член 29 од Законот за заштита и спасување формира Центар за оспособување и обука на републичките сили за заштита и спасување и командниот и раководен кадар за превентивно оперативно справување со природните непогоди и други несреќи. Во моментов во Република Северна Македонија нема соодветен центар за обука за потребите на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи. Дирекцијата за заштита и спасување во своја сопственост имаше објект кој се користеше за оваа намена и истиот беше одземен од Владата на Република Северна Македонија и даден за потребите на Општина Ѓорче Петров за користење за потребите на основно училиште. Со оваа одлука се оневозможи превентивното дејствување, а со тоа и едукацијата, обуката и тренинзите за потребите на силите на Дирекцијата за заштита и спасување.Согласно Законот за пожарникарство во овој центар треба да се врши и стручното оспособување на пожарникарите во Република Северна Македонија. Како услов за едно лице да работи како професионален пожарникар е да има минимум средно образование и уверение за стручно оспособување - пожарникар издадено од Центарот за оспособување и обука. Бидејќи постоечкиот објект што се користеше за оваа намена беше одземен

со одлука на Владата на РСМ, очекуваме поддршка и доделување на друг објект.

НПАА-поглавје: 27 Животна средина
НПАА-подрачје: цивилна заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставувањето на Центарот за оспособување и обука е од витално значење истовремено и национален интерес. Истиот ќе го овозможи потребното ниво на едукација за потребите на системот на заштита и спасување како и активно спроведување на утврдениот и потребниот раководен и команден кадар. Дополнително ќе се овозможи систем на континуирано оспособување на потребните вештини, знаења и способности на потребниот кадар. Предлогот се дава со цел надминување на сегашната состојба и обезбедувањето на модерен и функционален центар за обука согласно на ЕУ и НАТО за кои меѓународните субјекти придаваат големо значење и постојано укажуваат на потребата од остварување на овој приоритет. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Дирекција за заштита и спасување |

## Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем

### Информација за спроведување на проект за развој на апликација за е-потсетник

Образложение: Со равивањето на апликацијата за е-потсетник, ќе се дигитализира процесот во работењето на институциите. Ќе се развие систем на известување кој по дигитализиран пат ќе ја води евиденцијата во процесите и ќе биде алатка за навремено и олеснето функционирање на административните службеници.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.10: Информатичко општество и медиуми
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемена ефикасност во работата во јавната администрација. |

Фискални импликации: Има: 60,000,000 ден
Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

Ноември

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:

Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Предлог – одлука за учество на персонал од Армијата на вежбата TALOS 2025 во ноември 2025 година во органиозација на HELBROC BG предводена од Република Грција

Образложение: Учеството на персонал на Армијата на вежбата TALOS во Република Грција, во ноември 2025 година, има голема важност за функционирањето и оценувањето на самата борбена група HELBROC која треба да биде во состојба на готовност во 2026 година. Преку вежбата TALOS Армијата на Република Северна Македонија заедно со армиите од Бугарија, Романија, Кипар, Србија и земјата домаќин Грција, ќе имаат можност да покажат дека се оперативно подготвени согласно бараните стандарди и критериуми за учество во евентуална мисија водена од Европската унија

НПАА-поглавје: Поглавје 31
НПАА-подрачје: Заедничка надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) на ЕУ
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Учеството на Армијата на Република Северна Македонија на вежбата TALOS во рамките на EUBG HELBROC е од големо значење заради афирмација на Армијата која рамо до рамо со евроските армии, покажува оперативна подготвеност, согласно бараните критериуми и стандарди за придонес кон глобалната безбедност. Сертифицираните сили кои се дел од HELBROC BG, ќе бидат во состојба на готовност во 2026 година. Придонесот на Република Северна Македонија во Зедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) како дел од Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) е елемент на оценување на Европската комисија во

поглавјето 31 на НБОП и е показател на подготвеност на земјата за активен придонес во меѓународните операции како дел од ЗБОП.

Фискални импликации: Има: 120,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

Предлог - одлука за реализација на НАТО вежба „Штабна вежба за нуклеарни консултации, командување и контрола“

Образложение: Штабна вежба на НАТО на која се извежбуваат процедури за команда и контрола и брз одговор. Вежбата е планирана со Годишниот план за работа на министество за одбрана за 2025 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Интероперативност на персоналот и процедурите.

Фискални импликации: Има: 140,086 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Информација за подготовка на 21-ти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, меѓу Република Северна Македонија и Европската комисија, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките на дваесет и првиот Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика. Информацијата ги презентира ставовите на Европската комисија по однос на напредокот на Република Северна Македонија, во областите кои ги опфаќа Поткомитетот. Исто така, Информацијата ги содржи ставовите на македонската делегација и презентираниот напредок

во периодот помеѓу двата состанока на Поткомитетот.

НПАА-поглавје: Поглавје 10. Информатичко општество и медиуми
Поглавје 19. Социјална политика и вработување
Поглавје 25 Наука и истражување
Поглавје 26 Образование и култура
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот. |

Фискални импликации: Има: 60,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за европски прашања |

**Информација за реализација на Акциски план за за транспонирање на Директивата за услуги на внатрешниот пазар (2006/123/ЕЗ) 2024-2026 година**

Образложение: Изготвувањето на наведениот материјал има за цел да се информира Владата на Република Северена Македонија за статусот на реализација на Акцискиот план за транспонирање на Директивата за услуги на внатрешниот пазар (2006/123/ЕЗ) 2024-2026. Со реализација на мерките наведени во Акцискиот план ќе се спроведат активностите наведени во НПАА за Поглавје 03 со цел усогласување на националното законодавство со Директивата на ЕУ за услуги. Рокот за целосна реализација на Акцискиот план (декември 2026 година) е обврска преземена на билатералниот состанок со ЕК. Навременото спроведување на законодавните активности предвидени во АП ќе придонесат за напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во ЕУ.

НПАА-поглавје: Поглавје 3 – Право на основање и слобода на давање услуги
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Постигнување оддржливо и ефикасно управување со трговските друштва во државна сопственост, развој на единствена рамка за сопственост и управување за сите овие субјекти и воспоставување, развој и унапредување на корпоративното управување во овие трговски субјекти. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за економија и труд

Информација за одржан дваесетти Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Северна Македонија, кој се одржа во ноември 2025 година во Скопје

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на дваесеттиот Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција, кој се одржа во ноември 2025 год во Скопје. Информацијата ги презентира ставовите на Европската комисија по однос на напредокот на Република Северна Македонија, во областите кои ги опфаќа Поткомитетот. Исто така, Информацијата ги содржи ставовите на македонската делегација и презентираниот напредок во периодот помеѓу двата состанока на Поткомитетот.

НПАА-поглавје: Поглавје 3 – Право на основање и слобода на давање услуги
Поглавје 4 – Слободно движење на капитал
Поглавје 5 – Јавни набавки
Поглавје 6 – Право на трговски друштва
Повлавје 7 – Право на интелектуална сопственост
Поглавје 8 – Политика на конкуренција
Поглавје 9 – Финансиски услуги
Поглавје 28 – Заштита на потрошувачи и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Навремено и квалитетно информирани членови на Владата за одржаниот состанок. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за европски прашања

Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

**Предлог - програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2026 година**

Образложение: Главна цел е изградба на инфраструктурни објекти за собирање, преработка, рециклирање и отстранување на отпад од поширок јавен интерес во Република Северна Македонија, исполнување на обврски кои се утврдени во доброволните договори, спроведување на програмата и помош за колективни или самостојни постапувачи, кога постојат нарушувања на пазарот или економски кризи, заради делумно покривање на трошоци на правните лица кои вршат собирање и преработка на отпадот.Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија. Директива за отпад 2008/98/ЕЗ и Директивата за електричниот отпад 2012/19/ЕЗ.

НПАА-поглавје: Поглавје 27: Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД,
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Постигнување на националните цели за собирање, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад што ги создале производителите со пуштањето на своите производи на пазарот во РСМ.

Фискални импликации: Има:
Други извори

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

**Иницијатива со среден приоритет**

Приоритет:

Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

**Информација за примена за Законот за медијација за 2024 година**

Образложение: Ќе се прикажат резултатите од спроведување на Законот за медијација, бројот на медијатори, бројот на медијации, бројот на субвенционирани медијации од државата.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.23: Правосудство и темелни права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2007.0100.2395

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Проценка на резултатите од новокреираниот модел на медијација и зголемување на примената на медијацијата како алтернативен, брз и ефикасен начин на решавање на спорните односи помеѓу страните. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за правда |

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

**Информација за потребата од изградба на когенеративна постројка за производство на електрична енергија и топлинска енергија во Универзитетски Клинички комплекс "Мајка Тереза" Скопје**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Би се користел моделот на ЈПП или да се задолжи Државната компанија АД ЕЛЕМ да ја изгради когенеративната постројка. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со овој проект би се овозможило значителни заштеди за здравствениот систем за УК ЈЗУ во Универзитетски Клинички комплекс „Мајка Тереза" Скопје. Оваа когенеративна постројка ќе овозможи да се направат реални заштеди за УК ЈЗУ во Универзитетски Клинички комплекс „Мајка Тереза" Скопје и тоа и бенефитите од ова би биле во не купување на природен гас за производство на топлинска енергија и намалена цена за електрична енергија. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за здравство |

**Предлог - програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година**

Образложение: Република Северна Македонија е земја со ниско ниво на ХИВ епидемија која е концентрирана кај клучните популации засегнати од овој вирус. Почнувајќи од 2018 година Министерството за здравство во целост го презеде финансирањето на активностите за превенција на ХИВ кај клучните засегнати популации. Со цел да се постигне најмногу за вложените ресурси, потребни се фокусирани интервенции, координација и поврзување со другите сродни стратегии и области и вклучување на локалната власт во одговорот кон ХИВ. Намалувањето на стигмата и дискриминацијата и воопшто на нееднаквостите во пристапот до здравствените и социјалните услуги се основен предуслов за успешна реализација на целите на Програмата и напредок кон ставање крај на епидемијата на ХИВ во земјата до 2030 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Северна Македонија.

Фискални импликации: Има: 125,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

**Предлог - програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош во Република Северна Македонија за 2026 година**

Образложение: Програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош во Република Северна Македонија, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на

здравјето на пензионерите и на корисниците на правото на социјална парична помош.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на социјалната парична помош како и на членовите на нивните домаќинства. |

Фискални импликации: Има: 60,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за здравство |

| |
|---|
| Предлог - програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2026 година |

Образложение: Проблемите во менталното здравје стануваат се поочигледни во светот. Тие претставуваат сериозен и сложен социо-медицински, но и општествен проблем, со бројни здравствени, социјални и економски последици по поединецот, семејството и општеството во целост. Околу 20% од вкупниот број на пациентите во примарната здравствена заштита имале едно или повеќе ментални заболувања. До 2026 година се очекува процентот на менталните заболувања да се зголеми до 50 %. Ефикасното решавање на овие проблеми не е можно само со имплементација на здравствените мерки, туку е потребен сеопфатен, интегративен пристап со учество на програмски организирани активности на различни субјекти во општеството, во чија надлежност се ресорни институции и установи, со особен акцент на социјалниот сектор.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за обезбедување на трошоците за пациенти со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2026 година. |

Фискални импликации: Има: 70,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

**Предлог - програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2026 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Бруцелозата во Република Северна Македонија, како и во голем број други земји во Европа и во светот, по воведувањето на вакцинацијата кај овците и козите, не претставува значаен јавно здравствен проблем. Вектор преносливите заболувања кои во добар дел се преклопуваат со зоонозите, стануваат се поактуелни и ја менуваат сликата на оптоварувањето со заразни болести. Климатските промени во голема мера влијаат на дистрибуцијата и активноста на векторите. Многу од овие болести се веќе присутни во Република Северна Македонија, а други како што се маларија, денга, чикунгуња и многу други потенцијално може да се внесат во државата. Некои од нив се регистрираат во ендемска форма, но не ретко се појавуваат и во епидемиска форма. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | 1.Намалување на инциденцата на бруцелоза кај луѓето. 2. Спречување на појава на компликации, хронични форми и инвалидитет. 3. Спречување на појава на рецидиви. 4. Намалување на стапката на смртност. 5. Микробиолошка потврда на секој сомнителен случај. 6. Континуирана медицинска едукација, обновување на знаењата на здравствените и ветеринарните работници. 7. Информираност и здравствена едукација на општата популација и на професионално експонираните лица, со цел превенција на бруцелоза. 8. Изготвување на национална студија за состојбата со ехинококоза, бруцелоза и туларемија, трихинелоза, лајсманоза, лајм борелиоза во Република Северна Македонија |

Фискални импликации: Има: 1,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

Предлог - програма за трансплантација на Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Зголемување на бројот на трансплантации на бубрези, срце, црн дроб и на коски и коскени ткива од починато лице. Зголемување на бројот на спроведени несродни и полуидентични трансплантации на крвотворни матични клетки. Проширување на листата на трансплантации од починато лице на васкуларни ткива и на рожница, како и отпочнување на подготовки за трансплантација на бели дробови. Зголемување на бројот на доброволни несродни дарители во националниот регистер на хематопоетски матични клетки. Подигнување на свеста кај здравствените работици и кај населението за значењето на донирањето органи и хематопоетски матични клетки и трансплантациите како методи на лекување

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемување на бројот на трансплантации на бубрези, срце, црн дроб и на коски и коскени ткива од починато лице. Зголемување на бројот на спроведени несродни и полуидентични трансплантации на крвотворни матични клетки. Проширување на листата на трансплантации од починато лице на васкуларни ткива и на рожница, како и отпочнување на подготовки за трансплантација на бели дробови. Зголемување на бројот на доброволни несродни дарители во националниот регистер на хематопоетски матични клетки. Подигнување на свеста кај здравствените работици и кај населението за значењето на донирањето органи и хематопоетски матични клетки и трансплантациите како методи на лекување

Фискални импликации: Има: 15,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

| Предлог- програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2026 година | |
|---|---|
| Образложение: | Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија се носи врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23). |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| Очекувани влијанија: | Примарна цел на раната детекција (скрининг) на малигните болести е намалување на смртноста од рак на дојка, матка и колоректален карцином, подобрување на квалитетот на животот на пациентот и намалување на потребата од радиотераписки и онколошки третмани. Поради тоа Министерството за здравство, следејќи ги препораките на Европска Унија, Светската здравствена организација, како и примерите на повеќето земји во Европа, САД, Канада и Австралија, започна да спроведува организиран скрининг. |
|---|---|

Фискални импликации: Има: 50,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| Предлагач: | Министерство за здравство |
|---|---|

| Предлог - програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2026 година | |
|---|---|
| Образложение: | Имунизацијата е едно од најголемите достигнувања во историјата на медицината и претставува најбезбедна, најефикасна и економски најоправдана превентивна мерка која директно допринесува за намалување на морбидитетот и морталитетот на заразните заболувања. Се проценува дека вакцинацијата спречува 3,5-5 милиони смртни случаи секоја година, од болести како дифтерија, тетанус, пертусис, грип и мали сипаници (СЗО). Благодарејќи на имунизацијата многу заразни болести кои во минатото претставувале значаен јавно-здравствен проблем затоа |

што предизвикувале висок морбидитет, односно морталитет кај децата и возрасните, или предизвикувале компликации и инвалидитет, денес се елиминирани или ставени под контрола, сведени на поединечни случаи без смртен исход и трајни последици. Со Програмата се обезбедуваат потребните количини на вакцини за задолжителна имунизација и вакцини по епидемиолошки индикациии, како и мерки и активности за спроведување на задолжителна имунизација на населението која се спроведува континуирано и по епидемиолошки индикации. Во истата се опфатени возрасните групи подложни за поедини вакцинации, видот на вакцини кои се даваат и начинот на давање. Програмата го содржи Календарот за имунизација на деца од 0 до 18 години и Календарот за catch-up имунизација за нередовно вакцинираните деца од 5 до 18 година. Исто така во оваа програма се предвидени средства за набавка на вакцините против грип наменети за бесплатна вакцинација на ризичните групи, како и набавка на КОВИД-19 вакцини.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Активностите предвидени во оваа програма ќе овозможат континуитет на активностите кои државата ги презема за задолжителна имунизација на населението, се со цел за постигнување на поголем опфат кај популацијата со поедини вакцини, спречување на појава на заразни заболувања кои се превенираат со вакцинација и елиминација и ерадикација на поедини заболувања. Со обезбедување на бесплатна вакцинација против грип се овозможува заштита на здравјето на ризичните категории население, поголем процент на вакцинирани лица од ризичните групи, намалување на компликациите како и смртен исход од грип, а во исто време и финансиски заштеди во здравството по однос на лекови, болнички денови, средства за боледувања и слично. Вакцинација против КОВИД-19 има за цел да го спречи ширењето на инфекцијата и да се намали морбидитетот и морталитетот, како и оптоварувањето на здравствениот систем. |

Фискални импликации: Има: 427,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за здравство |

**Предлог - програма за обезбедување на трошоци за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2026 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија, се обезбедува третман на пациентите со хронична бубрежна инсуфициенција, кои се лекуваат со хемодијализа за нивно оспособување за вршење на секојдневните активности и тоа: хроничен дијализен третман и хемодијафилтрација за лица без здравствено осигурување и спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија и набавка на Хепатит Б адулт вакцини за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација за пациентите на хемодијализа. |

Фискални импликации: Има: 4,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за здравство |

**Предлог - програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2026 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Програмата се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Да се обезбеди здравствено осигурување на сите државјани во Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: Има: 3,500,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за здравство |

Предлог - програма здравје за сите во Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Програмата има за цел да обезбеди подобра едукација на населението за потребата од навремени превентивни прегледи за контрола на сопственото здравје, а со тоа рано откривање на болести или спречување на нарушување на здравјето и истата ќе се спроведува преку планирани мерки и активности координирани од Министерство за здравство и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 –Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Целта на оваа програма е активен пристап до граѓаните од руралните средини, контрола на нивното здравје, навремено и соодветно лекување и препораки за превенција на здравјето |

Фискални импликации: Има: 2,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за здравство |

| Предлог - одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2026 година | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесувањето на Одлуката, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се врши усогласување и менување на Царинската тарифа согласно со Комбинираната номенклатура донесена од страна на Европската комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави |

НПАА-поглавје: поглавје: 29 Царинска унија
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.29.1 Законодавство од областа на царина
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија |
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за финансии |

| Предлог - програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шекер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2026 година | |
|---|---|
| Образложение: | Со оваа Програма се обезбедуваат на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шекер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија е обезбедување на најсовремена терапија за пациенти со дијабетес мелитус тип 1 и дијабетес мелитус тип 2, односно инсулинска терапија, глукагон, антидијабетична терапија, инсулински игли, ленти за мерење гликемија, инсулински пумпи со потрошен материјал сензори за контиуирано мерење на гликемија, преку централизирана јавна набавка за регистрираните лица со дијабетес кои се на инсулинска терапија во Република Северна Македонија. Тој број е 44.000 од кои 4,000 се лица со тип 1 дијабетес и 40.000 со тип 2. Овој број секоја година расте. Согласно податоците од Интернационалната Дијабетолошка Федерација вкупната преваленца (дијагностициран и недијагностициран) на дијабетесот изнесува 9.8% од населението на возраст од 25 -70 години. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Министерството за здравство ја спроведува програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија, преку придржување до измените на Законот за здравствена заштита во делот за дијабетес мелитус, активностите на Националната комисија за дијабетес, интегрирањето на грижата за дијабетесот во Мој Термин, Националното упатство за третман на дијабетес мелитус тип 2, како и останатите упатства за третман на дијабетес мелитус, контролите на лице место во инсулинските аптеки, контрола на залихите на инсулини редовните состаноци со докторите, фармацевтите и медицинските сестри вклучени во процесот на издавање на инсулинот. Со целиот овој процес се очекува континуирано снабдување на инсулинските аптеки со потребната инсулинска терапија за пациентите со дијабетес мелитус. |

Фискални импликации: Има: 1,000,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

Предлог - програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Годишната програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението се изготвува секоја година и активностите се продолжение од претходните години со цел превземање на превентивни активности за навремено откривање на заболени лица од туберкулоза, навремено лекување и спречување на компликации, како и превентивни активности за спречување на ширење на туберкулозата во околината, за тоа што туберкулозата сеуште претставува актуелен проблем во светот и кај нас и доколку не се спроведат програмските активности можно е зголемување на бројот на заболени од туберкулоза, појава во епидемиски размери, а со тоа проблем за државата од здравствен и социјално-економски аспект. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со цел што поуспешна контрола на туберкулозата во Република Северна Македонија, намалување на ризикот од ширење на инфекцијата, особено онаа предизвикана од резистентни соеви на Микобактериум туберкулозис, спречување на коинфекција меѓу туберкулозата со ХИВ инфекцијата, неопходно е да се превземат сите расположиви превентивни мерки кои придонесуваат за рано откривање и спречување на болеста. Сепак најдобра превентивна мерка е правилно и навремено лекување на секој болен од туберкулоза со што се прекинува ланецот на ширење на инфекцијата. |

Фискални импликации: Има: 14,500,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

**Предлог - програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2026 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Оваа програма се изготвува заради реализација на мерките и активностите предвидени во Програмата кои се обврска од Законот за здравствената заштита и Законот за здравственото осигурување. Во Програмата се содржани мерки и активности за основна здравствена заштита на лицата кои се заболени од потешки специфични заболувања кои се од посебен интерес на државата како и на родилките и доенчињата до 1-на годишна возраст. Целта на реализација на оваа програма е целосно спроведување на мерките и активностите заради заштита и чување на здравјето на родилките и доенчињата до 1-на годишна возраст, како и лицата без разлика на возраста, кои се заболени од одредени специфични заболувања. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со реализација на оваа Програма ќе се обезбедат средства за партиципација при користењето на здравствена заштита на родилките и доенчињата и на лицата кои се заболени од наведени заболувања, со што се обезбедуваат услови за лекување на овие лица особено заради заболувањата со што се избегнува можноста истите да претставуваат опасност за здравјето на целото население на Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: Има: 400,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

**Предлог - програма за активна здравствена заштита на мајки и деца на Република Северна Македонија за 2026 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2026 година содржи превентивни мерки за унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период поврзано со безбедното мајчинство, со интервенции кои се фокусирани на ранливите групи жени и кои ги имаат в предвид социјалните детерминанти на здравјето. Унапредувањето на здравјето на жените и децата е од посебен општествен интерес (гарантирано со Уставот на Република Македонија), но е дел и од обврските кои нашата држава ги превзема на меѓународен план со потпишувањето на Конвенцијата за правата на децата (член 24) и Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената (член12). Програмата ќе се реализира во рамките на одобрените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, во висина од 30.000.000,00 денари. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и матернална смртност. - Намален морбидитет на новороденчиња - Намалена перинатална смртност - Намалена доенечка смртност - Намален морбидитет на мајки - Намалена матернална смртност - |

Намален % на живородени со ТТ под 2500 грама.

Фискални импликации: Има: 30,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

Предлог - програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Програмата претставува подршка на крводарителството во Република Северна Македонија, во неа се содржани мерки и активности за организирање и споредување на крводарителски акции, изготвување на здравствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарители, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст на Република Северна Македонија по единица крв, активности на Институтот за трансфузиологија и партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања. Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хирушки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасување на многу животи.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Програмата ке овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за обезбедување на доволни количини крв во државата, ќе се овозможи навремена и квалитетна здравствена заштита при интервенции за кои е потребна крв и спасување на многу животи.

Фискални импликации: Има: 55,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

Предлог - Национална програма за јавно здравје на Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Програмата се изготвува со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението, да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје, преку организирани мерки и активности што ги превземаат државните органи, институциите, единиците на локаланата самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи, да се обезбеди соодветен одговор во случај на јавно здравствена потреба и итност и појава на јавно здравствена вонредна околност, обезбедување и спроведување на меѓународните здравствени правила, се со цел да се зачува здравјето на луѓето.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со задачите од оваа програма, се обезбедува остварување на загарантирани права, утврдени потреби и интереси на сите граѓани што имаат карактер на унапредување на здравјето и преземање на мерки и активности за спречување и сузбивање на заболувањата, како и остварување на задачите и активностите на Центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, утврдени со член 48 од Законот за здравствената заштита и препораките на Светска здравствена организација (СЗО).

Фискални импликации: Има: 100,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

Предлог - програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Болестите на срцето и крвните садови претставуваат голема, хетерогена група на заболувања и се на прво место како причини за смрт во генералната популација во Република Македонија. Исхемичната болест на срцето со своите четири клинички форми – ангина пекторис, акутен инфаркт на миокардот, ненадејна срцева смрт и исхемична кардиомиопатија, е најчеста болест од оваа голема група на заболувања, а настанува како последица на

атеросклероза во коронарните артерии. Најновите испитувања покажуваат дека атеросклеротичните промени на крвните садови настануваат уште во најраната возраст (после втората година од животот) така што со превенција треба да се започне што е можно порано. Од големо значење се и цереброваскуларните болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидалното, интрацеребралното и друг вид крвавење кои се вбројуваат во десетте најчести причини за смрт на населението, а се тесно поврзани со болестите на срцето.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | • Превенција на факторите на ризик; • Навремено препознавање на КВБ; • Намалување на смртноста и инвалидитетот; • Едукацијата на тимот од државната кардиохирургија од страна на едукатори кои со своето искуство и знаење го надоградуваат и пренесуваат на останатите инволвирани колеги. Тимот се состои од специјалисти по кардиохирургија, васкуларна хирургија, анестезија како и среден медицински персонал • Едукација на тим за неонатална хирургија и интензивна хируршка нега од страна на тимот кој е составен од доктори (хирурзи,васкуларни, анестезиолози, интензивисти, интернисти, кардиолози) и среден медицински персонал (медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега • Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот ин-фаркт, субарахно¬идално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од 5 год • Подобрување во лекувањето на секундарно и терциерно ниво; • Подобрување на квалитетот на живот кај адултни пациенти со кардиоваскуларни болести |

Фискални импликации: Има: 22,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за здравство |

Предлог - програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Со "Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија ", се обезбедува агонистичка /терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) со што ќе се намали употребата на илегални дроги, смртноста од предозирање и ќе се намалат криминалните активности во Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Програмата ќе овозможи лицата што употребуват дроги или алкохол или се зависни од нив да им се пружи помош и поддршка преку широко достапни, ефикасни, флексибилни и индивидуално прилагодени интервенции што ќе го подобрат нивното здравје и ќе им овозможат социјално созревање и функционирање без нивно натамошно стигматизирање и маргинализирање.

Фискални импликации: Има: 105,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

Предлог - програма за едукација на лекари и медицински персонал за 2026 година

Образложение: Програмата има за цел да го подигне нивото на стручното знаење на лекарите и останатиот медицински персонал, а со тоа и унапреди квалитетот на здравствените услуги преку стекнување на најновите знаења и примена на најсовремени техники на лекување.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Подигнување на нивото на стручното знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги преку стекнување на најнови знаења и примена на најсовремени техники на лекување.

| | |
|---|---|
| Фискални импликации: | Има: 30,000,000 ден<br>Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година |
| Предлагач: | Министерство за здравство |

**Информација за предлог-проект за воведување на систем за рано предупредување со цел навремено препознавање на бизниси со финансиски потешкотии и превземање мерки за нивно надминување**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата произлегува од обврската преземена со Реформската агенда 2024 -2027 година, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, како 4-та подмерка во рамки на 4.1.1. Активностите поврзани со Стратегија за формализирањето на неформалната економија. Системот за раното предупредување е предвиден со новиот Закон за инсолвентност кој е во завршна фаза на подготовка, во кој е предвидено и донесување подзаконски акти за негова имплементација. Системот за рано предупредување согласно Планот за раст треба да се воведе до јуни 2026 година.Реформаската агенда 2024 -2027 година, Реформа 4.1.1, Директиви: 32017L1132; 32019L1023. |

НПАА-поглавје: 3.06. Трговски друштва
23. Правосудство и фундаментални права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: 2020.0400.7902

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Да им овозможи на должниците рано да ги препознаат финансиските потешкотии и да превземат соодветни мерки и постапки за нивно надминување, вклучувајќи и стручна помош од стопанските комори, а истовремено и сигнализација за компаниите кои се во добра финансиска кондиција и кои работат со компаниите должници, за соодветните ризици. |
| Фискални импликации: | / |
| Предлагач: | Министерство за економија и труд |

Предлог - програма за систематски прегледи на учениците и студените во Република Северна Македонија 2026 година

Образложение: Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите се изготвува секоја година и активностите се продолжение од претходните години со цел следење на растот и развојот, откривање на вродени и стекнати аномалии со цел навремено да се корегираат истите, откривање на ризик фактори за одредени заболувања, откривање на штетни навики и друго. Предвидени се следните активности со програмата: општ лекарски преглед, стоматолошки преглед и лабораториски преглед (крв и урина). Многу се чести деформациите кај ученици во раната возраст, кои ако навреме не се откријат и лекуваат, ќе доведат до трајни последици и инвалидност. Доколку не се спроведуваат систематските прегледи кај учениците и студентите, нема да постои комплетна превенција од деформитети, откривање на лоши навики и откривање на поедини заболувања кај целата школска и студентска популација, како и на лицата кои не се опфатени во здравствениот систем од 7 до 18 годишна возраст.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Програмата ке овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за опфаќање на сите ученици од I, IV, VI и VIII одделение и I, IV година средно и I- ва година студенти преку спроведување на превентивни систематски прегледи ( тежина, висина, вид, лабораторија, крв и урина ) на учениците, средношколците и студентите.

Фискални импликации: Има: 12,770,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

Предлог - програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Со програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија, се обезбедува медикаментозна/терапија со лекови-сираци за лицата со ретки болести во РСМ, кои се вклучени во

Регистарот на ретки болести и за чие лекување постои одобрение од Националната комисија за ретки болести при Министерството за здравство.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за набавка на терапија со лекови-сираци за лекување и третман за пациентите со ретки болести во Република Северна Македонија и обезбедува стандард на лекување на лицата со ретки болести сличен на стандардот на лекување на другите болести во здравствениот систем (ќе се применуваат само лекови кои спаѓаат во листата на Orphan drugs препорачани за лекување на одредена болест и нема да опфаќа експериментална терапија или терапија без докажан ефект). |

Фискални импликации: Има: 1,350,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за здравство

## Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

### Информација за можностите за учество на македонските компании на НАТО пазарот

Образложение: Со членството на Северна Македонија во НАТО, се отвори можност за учество на македонските компании на НАТО пазарот, што претставува потенцијален бенефит за македонското стопанство и економија во целост. Набавките не се ограничени само на набавка на оружје туку се однесуваат и на воена опрема, мебел, резервни делови, потрошен материјал, производи и услуги од областа на информатички и комуникациски технологии, градежни работи, одржување, обезбедување советодавни и други услуги. Членството во НАТО очекувано донесе сигурност во инвестициите и пораст на бројот на бизнисите и нови работни места. Клучен адут во привлекувањето на странски инвестиции во контекст на глобалните случувања, е стабилноста гарантирана со членството

во НАТО, како и предвидливата деловна клима, пристап до квалитетна инфраструктура и ефикасни јавни услуги.

НПАА-поглавје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (збоп)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Кога говориме за НАТО, мислиме на безбедност и стабилност, но подеднакво важна е и можноста македонските компании, рамноправно да се учествуваат со сите останати компании во земјите члени во нудењето на производи и услуги за потребите на Алијансата, што претставува потенцијален бенефит за македонското стопанство и економија во целост. Отворање на зони за наменско производство ќе придонесе за значителен раст и развој на македонската економија, како и можност за отворање на нови работни места. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за одбрана

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

Информација за одржување на трета заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, во Република Северна Македонија

Образложение: Одржувањето на заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработката со земјите од непосредното соседството и јакнењето на регионалната соработка.

НПАА-поглавје: 1.3 Национален план за адаптирање на европското законодавство, регионални прашања и меѓународни обврски
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредното соседство. |

Фискални импликации: Има: 60,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

**Предлог - програма за одржување на националната Кодекс структура и ефикасно вклучување на Република Северна Македонија во Кодекс системот, со активно учество во работата на Кодекс Алиментариус, како рамноправна членка**

Образложение: Кодекс Алиментариус е признат од страна на Светска трговска организација (СТО) како меѓународна референтна точка за решавање спорови кои се однесуваат на безбедност на храната и заштитата на потрошувачите

НПАА-поглавје: Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарство и фитосантирана политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Ефикасното и ефективно вклучување на Република Северна Македонија во работата на Комисијата на Кодекс Алиментариус, ќе придонесе кон зајакнување на заштитата на потрошувачите, како и унапредување на условите за трговија на македонски производи во регионални и светски рамки.

Фискални импликации: Има: 750,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Агенција за храна и ветеринарство

## Декември

Иницијатива со висок приоритет

Приоритет:
Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

**Информација за донесување на Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Северна Македонија за период од 2026 - 2036 година**

Образложение: Врз основа на член 6 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/2024) Министерството за транспорт подготвува Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Северна Македонија, како оперативен документ со период на важност од 10 години. Претходни стратегии: Национална стртегија за развој на воздухопловството во Република Македонија од 2007 година и Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија за периодот 2013-2018 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 14: Транспортна политика
НПАА-подрачје: Подрачје: 3.14.5 Воздушен сообраќај
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Создавање оптимални услови за натамошен развој на потребните институции кои ќе обезбедат ефикасен транспорт на патници и стока како и проценување, обезбедување и одржување на неопходната инфраструктура со цел обезбедување транспортни услуги со висок квалитет и високо ниво на безбедност.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за транспорт

Информација за степен на реализација на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2024-2028 со Акцискиот план 2024-2026

Образложение: Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2024-2028 со Акциски план 2024-2026, се надоградува на претходно донесената Стратегија со Акциски план 2021-2023 и е детерминирана кон градење на квалитетни и инклузивни политики, чии цели се конзистентни со приоритетите на другите стратешки документи кои придонесуваат за ефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата. Спроведувањето на клучните реформи кои треба да обезбедат владеење на правото е сеопфатен и комплексен процес кој обединува различни аспекти рефлектирани во повеќе стратешки документи, при што нивната комплементарност и меѓусебно надоградување ја исцртуваат рамката на одговорот на државата во борбата против

организираниот криминал и корупцијата. Основата на имплементацијата на Акцискиот план се ефикасни, транспарентни и отчетни институции, при што меѓуинституционалната координација и соработка е важен предуслов за нивна функционалност. Од тие причини, јакнењето на капацитетите на институциите, промовирање на меѓуинституционална соработка беа во фокусот при дизајнирање на мерките во секоја од приоритетните области. Дополнително, универзалните стандарди формулирани во меѓународните конвенции и правото на ЕУ што се однесуваат на одземање на незаконски стекнатиот имот, како и стандардите што треба да ги исполни нашата држава за членство во ЕУ, се инкорпорирани во мерките кои во наредниот 4-годишен период треба да бидат преземени од релевантните институции. Активностите на Националната Комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот е една од клучните достигнувања во спроведувањето на Стратегијата 2021-2023 и главен двигател во реализацијата на утврдените цели и активности. Заради обезбедување на континуирано систематско следење на Стратегијата 2024-2028 и АП 2024-2026, Националната Комисија ќе подготвува редовни периодични извештаи на квартална основа кои ќе ги доставува до Националниот Совет за финансиски истраги и конфискација на имот. Извештаите ќе се разгледуваат на седници на Советот, врз основа на кои Советот ќе донесува соодветни заклучоци. Националната Комисија ќе подготвува и Годишен извештај за спроведување на акцискиот план на стратегијата и постигнувањето на општите и посебни цели на стратегијата за претходната година, кој го доставува до Советот. Потврден од Советот, Годишниот извештај ќе се доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на февруари во наредната година и по усогласеност со неговото мислење ќе се доставува до Владата на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на март, со барање за негово разгледување и усвојување. Годишните извештаи, по нивното усвојување од Владата на Република Северна Македонија, се објавуваат на интернет страницата на Владата, со што се обезбедува транспарентност на реализираните мерки и активности.Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија Реформа 5.6.1. Реформа 5.7.1.

НПАА-поглавје: Поглавје 24 - Правда, слобода и безбедност
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Пораст на конфискацијата на нелегално стекнатиот имот како показател за доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата. |

Фискални импликации: Има:
Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година
Други извори

Предлагач: заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење

**Годишен извештај за спроведување на Акцискиот план 2023 - 2026 година на Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Под координација на Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење, подготвена е Стратегијата за транспарентност на Владата со Акциски план 2023 - 2026 година. Имплементацијата на оваа стратегија и нејзиното следење бара максимална вклученост, мобилност и координираност на сите надлежни институции во текот на целиот период. Со новата организациона единица задолжена за имплементација на Стратегијата за транспарентност и за мониторинг на транспарентните политики на Владата во рамки на Генералниот секретаријат ќе се придонесе кон квалитетно следење на предвидените активностите подготвени во мултидисциплинарен процес со максимална вклученост од сите надлежни институции. |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Преку целосна имплементација на Стратегијата, Република Северна Македонија да стане држава со изградена култура на транспарентност, во која владеат стандарди на добро управување во институциите на извршната власт, што придонесуваат кон |

зголемена доверба на граѓаните.

Фискални импликации: /

Предлагач: заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Информација за изработување на нова Национална стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2025-2030

Образложение: Актуелната Стратегија важела до 2023 година, соодветно време е истата да се обнови/дополни со нови елементи.

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Изработка на нов документ кој ќе придонесе кон поактивно вклучување на дијаспората во насока на поголема политичка вклученост и остварување на граѓанските и социјалните права на дијаспората, во функција на градење на довербата и воспоставување на нејзина ефективна соработка со државата во сите области.

Фискални импликации: Има: 35,200,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Предлог - програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: „Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со член 16 став (4) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр. 276/24), Владата на Република Северна Македонија донесува годишна Програма за својата работа, со која временски се операционализира Програмата за работа на Владата за периодот 2024-2028 година.

НПАА-поглавје: НПАА-поглавје: I. Политички критериуми, 1.1 Демократија
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Креирање на политики и координација
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Институциите сите предлози на акти и материјали (иницијативи) ги внесуваат во Електронскиот систем за стратешко планирање во кој потребно е да ја искажат поврзаноста со стратешките приоритети и приоритетни цели кои се утврдени во Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 256/23 и бр.177/24), потребните буџетски средства за спроведување, како и усогласеноста со Националната програма за усогласување со правото на Европската Унија (НПАА), Извештајот на ЕК за Република Северна Македонија, обврските од усвоените стратегии и плански документи од страна на Владата. Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, ги содржи усогласените ставови на институциите со бараните финансиски средства од Министерството за финансии и одобрените финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија, стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за законодавство и со НПАА. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

## Предлог - одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар за 2026 година

Образложение: Со Одлуката се утврдува максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност кои Министерството за финансии ќе ги издаде во 2025 година во име на Република Северна Македонија, а со цел обезбедување на парични средства за финансирање на буџетските потреби на

државата во 2026 година, како и заради развој и одржување на ефикасни домашни финансиски пазари. Обврската за донесување на годишна одлука произлегува од Законот за јавен долг.

НПАА-поглавје: Економски критериуми (економски развој и конкурентност)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Обезбедување на парични средства неопходни за финансирање на буџетските потреби во 2025 година и натамошен раст и развој на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

## Информација за консолидација на земјоделско земјиште 2025 година

Образложение: Во согласност со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 година, препознаена е потребата од инструментот за консолидација на земјоделско земјиште за подобрување на неефикасните структури на земјоделските стопанства, враќање на напуштеното земјиште во производство и придонес кон одржливо користење на природните ресурси вклучително и земјоделско земјиште. Консолидацијата на земјоделско земјиште има голем потенцијал да го поддржи не само развојот на земјоделството, туку и да придонесе за спроведување на проекти од јавен интерес, поврзани со адаптација и ублажување на климатските промени, обновување на природата, заштита на животната средина. Инструментот за консолидација на земјоделското земјиште со повеќенаменски пристап се планира позначително да се развива во периодот 2024-2034 година. Со таа цел се предлага усвојување на втората Национална стратегија за консолидација на земјоделско земјиште за периодот 2024-2034 година. Стратегијата се очекува да го води континуираниот развој на инструментот за консолидација на земјоделско земјиште преку Анкциониот план кој е составен дел на истата, а во согласност со Закон за консолидација на земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија”бр. 187/13, 61/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/21)

Иницијативата во рамки на Национална стратегија за консолидација на земјоделско земјиште за периодот 2024-2034 година вклучува: • Примена на инструментот за консолидација на земјиште за решавање на деценискиот проблем на околу 2000 приватни опственици на земјиште со воспоставената јавно-приватна сосопственост на земјоделско земјиште помеѓу нив и државата во Пелагонискиот регион што го спречува целосното искористување и управување со земјиштето и во многу случаи предизвикува конфликти меѓу сосопствениците. • Надминување на проблемите кои произлегуваат од неповолната структура на земјоделски парцели и лоша земјоделска инфраструктура преку подготовка на анализи и техничка документација за рехабилитација на системите за наводнување и земјоделската инфраструктура, подобрување на земјишната структура и воведување одржливи практики за земјоделско произвподство во Прилепско и Радовишко Поле, што ќе вклучи повеќе од 6000 сопственици на земјиште • Изградба на рурална инфраструктура и надзор на изградбата на инфраструктурата предвидена и дизајнирана како дел од проектот за консолидација на земјоделско земјиште во с.Трн - Општина Битола • Изградба на рурална инфраструктура и надзор на изградбата на инфраструктурата предвидена и дизајнирана како дел од проектот за консолидација на земјоделско земјиште во с.Чифлик –Општина Чешиново Облешево

НПАА-поглавје: Поглавје 11 – Земјоделство и рурален развој
НПАА-подрачје: подрачје земјоделство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | • подобрување на конкурентноста, економската одржливост и приходите на земјоделските стопанства • подобрување на животните стандарди во руралните средини • одржливо користење на природни ресурси • подобрување на адаптацијата на земјоделскиот сектор кон климатските промени • подобрување на искористеноста на земјоделското земјиште |

Фискални импликации: Има: 117,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

Извештај од анализата на  нацрт - стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 - 2028 година

Образложение: Целта на Извештајот од анализата на нацрт - стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 - 2028 година, е да даде оценка за усогласеноста на приоритетите и целите содржани во нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година.

НПАА-поглавје:  4. Административни капацитети
4.1.Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација
Ц10 Унапредување и координирање на функционалниот процес на стратешко планирање
НПАА-подрачје:  /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:  /
ЕПП:  /

Очекувани влијанија: Постапување по препораките дадени во Извештајот, подобрување на квалитетот на подготвените стратешки планови, нивната усогласеност со одобрените буџетски средства на буџетскиот корисник и јакнење на капацитетите кои ќе бидат посветени на развивање на процесот на стратешкото планирање во министерствата и во другите органи на државната управа.

Фискални импликации: /

Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Предлог-одлука за учество до 32 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО активноста „Forward Land Forces (FLF) – Истурени копнени сили“ во Република Летонија

Образложение: Со придонесот во активностите кои НАТО ги спроведува за одвраќање и одбрана преку „Засилено истурено присуство на источното крило на НАТО“ (Enhanced Forward Presence - eFP) во Р.Летонија, се потврдува посветеноста на Република Северна Македонија кон мирот и безбедноста како и одлучноста кон почитување на вредностите и целите на Алијансата и подготвеноста за споделување на предизвиците како нејзина полноправна членка. Учество до 32 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО активноста „Forward Land Forces (FLF) – Истурени копнени сили“ во Република Летонија за период од шест месеци, сметано од јуни 2025 до декември 2025 и од декември 2025 до јуни 2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (збоп)
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Придонес на Република Северна Макдонија како полноправна членка на Алијансата преку активно учество во активностите на НАТО за одвраќање и одбрана на источното крило на НАТО преку учество во „Засилено истурено присуство“ (eFP). Продлабочување на билатералната соработка со Република Словенија, Република Летонија и Канада и создавање на предуслови за нејзино проширување во иднина.

Фискални импликации: Има: 49,981,070 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

## Предлог - одлука за учество на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО мисијата „КФОР“ во Република Косово

Образложение: Се потврдува посветеноста на Република Северна Македонија кон мирот и безбедноста во регионот, како и одлучноста кон почитување на вредностите и целите на Алијансата и подготвеноста за споделување на предизвиците како нејзина полноправна членка. Учество на 35 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО мисијата „КФОР“ во Република Косово за период од шест месеци, сметано од февруари

2025 до август 2025 и од август 2025 до февруари 2026 година. Учество на 35 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО мисијата „КФОР“ во Република Косово за период од шест месеци, сметано од мај 2025 до ноември 2025 и од ноември 2025 до мај 2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (збоп)
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Придонесуваме кон меѓународните напори за развој на стабилни и демократски институции на Косово, способно самостојно да се грижи за својата безбедност. |

Фискални импликации: Има: 208,036,282 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

| |
|---|
| Информација за текот на реализацијата на процесот на модернизација на Армијата на Република Северна Македонија |

Образложение: Имајќи во предвид проекти за опремување и модернизација на Армијата како и потребата од редовно одржување и сервисирање на дел од воените воздухоплови во Армијата, а со цел исполнување на доделените цели на способности од страна на НАТО, неопходно е редовно планирање и обезбедување на финансиски средства во буџетот на министерство за одбрана согласно динамиката планирана во договорите за реалзиација на проектите.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (збоп)
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со реализација на планираните проекти за опремување и модернизација на Армијата се очекува исполнување на прифатените цели на способности и реализација на обврските доделени од НАТО давајќи допринос во активностите кои ги реализира НАТО |

Алијансата за воспоставување на колективна безбедност.

Фискални импликации: Има: 8,500,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

Предлог - одлука за учество на 35 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО активноста „Forward Land Forces (FLF) – Истурени копнени сили" во Романија

Образложение: Се потврдува посветеноста на Република Северна Македонија кон мирот и безбедноста, како и одлучноста кон почитување на вредностите и целите на Алијансата и подготвеноста за споделување на предизвиците како нејзина полноправна членка.Учество на 35 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО активноста „Forward Land Forces (FLF) – Истурени копнени сили" во Романија за период од шест месеци, сметано од јуни 2025 до декември 2025 и од декември 2025 до јуни 2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (збоп)
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Придонесуваме кон меѓународните напори за стабилност и безбедност.

Фискални импликации: Има: 94,133,940 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за одбрана

Предлог - одлука за учество до 56 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО активноста „Forward Land Forces (FLF) – Истурени копнени сили" во Република Бугарија

Образложение: Се потврдува посветеноста на Република Северна Македонија кон мирот и безбедноста, како и одлучноста кон почитување на

вредностите и целите на Алијансата и подготвеноста за споделување на предизвиците како нејзина полноправна членка. Учество до 56 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО активноста „Forward Land Forces (FLF) – Истурени копнени сили“ во Република Бугарија за период од шест месеци, сметано од јуни 2025 до декември 2025 и од декември 2025 до јуни 2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31: Заедничка, надворешна и безбедносна политика
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (збоп)
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Придонесуваме кон меѓународните напори за стабилност и безбедност. |

Фискални импликации: Има: 131,757,923 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за одбрана |

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

**Информација за подготвување на Национална стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2026-2030 година со Акциски план**

Образложение: Како една од основните надлежности на АФКОС одделението е координација во подготовката на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2026-2030 година со Акциски план со цел обезбедување ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на ЕУ и националните финансиски интереси преку подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на ЕУ фондовите. Изработката на нова Националната стратегија за борба против измами е неопходна со цел да се воспостават ефективни и пропорционални мерки за спречување измама, согласно идентификуваните ризици со што ќе обезбеди преземање на неопходните чекори за ефикасна

превенција, откривање и санкционирање измами и неправилности и враќање на неправилно искористените средства од ЕУ во буџетот на ЕУ.Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија Реформа 1.1.1.

НПАА-поглавје: 3.32 Финансиска контрола
НПАА-подрачје: 3.32.2 Заштита на финансиските интереси на европската Унија
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Северна Македонија 2026-2030 година со Акциски ги прикажува договорените приоритети и активности на надлежните државни органи во областа на заштитата на финансиските интереси на Европската Унија во Република Македонија при користењето на фондовите од Европска Унија. Имајќи ги предвид стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во однос на членство во ЕУ, како и обновување на довербата во институциите, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото, неопходно е да се подготви Национална стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Северна Македонија 2026-2030 година со Акциски план. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

## Информација за дваесет и првиот состанок на Поткомитет за земјоделство и рибарство, помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој се одржа во мај 2025 година, во Скопје

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на дваесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, кој се одржа во мај 2025 година во Скопје. Информацијата ги презентира ставовите на Европската комисија по однос на напредокот на Република Северна Македонија, во областите кои ги опфаќа Поткомитетот. Исто така, Информацијата ги содржи ставовите на македонската делегација и презентираниот напредок во периодот помеѓу двата состанока на

Поткомитетот.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.11 - Земјоделство и рурален развој, Поглавје 12 – Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика и Поглавје 13 Рибарство
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Навремено и квалитетно информирани членови на Владата за одржаниот состанок. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за европски прашања |

**Информација за подготовка на четиринаесетиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи во октомври 2025 година, во Скопје**

Образложение: Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовките за одржување на тринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи во март 2024 година, во Скопје. Воедно, Информацијата содржи преглед на наодите на ЕК во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, како и предлог ставовите кои ќе бидат презентирани од страна на македонска делегација во однос на точките од Дневниот ред.

НПАА-поглавје: Политички Критериуми: Реформа на јавната администрација
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Информирани членови на Владата на Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: Има: 60,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за европски прашања

Информација за одржан ИПА III Мониторинг комитет и Секторски мониторинг комитети

Образложение: Информација за текот на расправата и заклучоците од ИПА Мониторинг комитетот и Секторски мониторинг комитети за ИПА 3, со специфични заклучоци за понатамошно унапредување на процесот на користење на ИПА средствата.

НПАА-поглавје: 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за европски прашања

Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици

Предлог - програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2026 година

Образложение: Министерството за образование и наука секоја година предлага Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во Република Северна Македонија, согласно која ги спроведува активностите во тековната година.Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, подготвен од Европска комисија.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
Инвестиции во рамките на инвестициската рамка за западен балкан (ирзб) (wbif)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на условите за настава во основните училишта, обезбедување едносменска настава, подобра енергетска ефикасност и намалување на тековните трошоци за потрошувачка на енергија. |

Фискални импликации: Има: 261,978,543 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

## Предлог - програма за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард за 2026 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2026 година е изготвена согласно Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр.15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.124/19, 248/20 и 302/20) и член 45 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.283/23). Преку програмата ќе се реализираат активностите за остварување и подобрување на студентскиот стандард на студентите кои користат сместување и храна во студентските домови во република Северна Македонија, како и на студентите кои се стипендирани од Министерството за образование и наука. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Регулирање на работењето и финансирањето во сферата на студентскиот стандард. |

Фискални импликации: Има: 1,925,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

Предлог - програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2026 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Министерството за образование и наука секоја година предлага Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во Република Северна Македонија, согласно која ги спроведува активностите во тековната година. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
Инвестиции во рамките на инвестициската рамка за западен балкан (ирзб) (wbif)
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на условите за настава во средните училишта, обезбедување односменска настава, подобра енергетска ефикасност и намалување на тековните трошоци за потрошувачка на енергија. |

Фискални импликации: Има: 278,265,844 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за образование и наука

Предлог - програма за остварување и развој на дејноста на ученичкиот стандард за 2026 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2026 година е изготвена согласно Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија” број 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20 и 302/20), Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија” бр. 02/02, 17/03, 30/04 и 66/07) и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 283/23). Преку програмата за2026 година ќе се реализираат активностите за остварување и подобрување на ученичкиот стандард на учениците кои користат сместување и исхрана во ученичките домови во Република Северна Македонија, како и унапредување на системот на стипендирање на учениците во Република Северна Македонија. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Регулирање на работењето и финансирањето во сферата на ученичкиот стандард. |

Фискални импликации: Има: 602,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

## Информација за ревизија и нов Патоказ за истражувачка инфраструктура на Република Северна Македонија

Образложение: Заради современите текови на Европската Унија и развој на истражувачките капацитети со современа инфраструктура што ќе обезбеди и поголеми социоекономски придобивки.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.25: Наука и истражување
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.25.3 Европска истражувачка област
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Постојниот истражувачки потенцијал на Република Северна Македонија да постави принципите за идниот развој на истражувачката и иновациската инфраструктура и да се предложат препораки за зајакнување на истражувачкиот сектор, а со тоа и на општествениот развој во целост. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

## Предлог - програма за научно-истражувачката дејност за 2026 година

Образложение: Програмата е основа за финансирање на активностите од научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија. Активности кои ќе се финансираат: програмите на јавните научни установи и единици насочени кон науката при државните универзитети, научно-истражувачки проекти (национални и

билатерални), организирање на научни собири, учество на научни работници од Република Северна Македонија на научни собири во странство, студиски престои на научни работници од РСМ во странство, објавување на научни трудови во странски научни списанија со импакт фактор, стипендирање на млади научно-истражувачки кадри-магистерски и докторски студии во земјата и странство,техничка култура и сл.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.25: Наука и истражување, Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.25.1 Политика на истражување
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Интензивирање и унапредување на научно-истражувачката дејност на Република Северна Македонија, подигање на квалитетот во високото образование и науката, што ќе допринесе за зголемување на економскиот развој на земјата. |

Фискални импликации: Има: 302,963,942 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за образование и наука |

## Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

### Предлог - програма за инвестирање во животната средина за 2026 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Програмата за инвестирање во животната средина ја реализира Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 172 од Законот за животна средина. Со Програмата се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за тековната година. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.27.1 Хоризонтално законодавство
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот; на |

областите на животната средина, на биолошката разновидност и други природни богатства.

Фискални импликации: Има: 330,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за животна средина и просторно планирање

Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

Извештај од извршената анализа за меѓуетничките односи за 2024 година

Образложение: Извештајот ги содржи резултатите на анализата за меѓуетничкте односи и предлози за подобрување на истите.

НПАА-поглавје: I.Политички критериуми
НПАА-подрачје: 1.1 и 1.3 Демократија и владеење на правото,
1.4 Човекови права и заштита на правата на немнозинските заедници.
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Мерки за подобрување на меѓуетничките односи.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за односи меѓу заедниците

Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик за периодот јули – декември 2025

Образложение: Почнувајќи од декември 2018 година, Министерството за труд и социјална политика, а понатаму Министерството за социјална политика, демографија и млади, системски ја решава инклузијата на деца Роми со вклучување на единиците на локална самоуправа, како дел од зацртаните цели од Националната Стратегија за Роми. Во учебната 2024/2025 година, проектот континуирано продолжува да се имплементира со вклучување на деца Роми на возраст од 3-6 години во предучилишното образование.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување
Поглавје 23 Фундаментални права
НПАА-подрачје: 7. Заштита на малцинствата
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Зголемување на бројот на деца Роми во предучилишното образование и воспоставување поголема соработка помеѓу централно и локално ниво за имплементацијата на проектот „Инклузија на деца Роми во детските градинки“ со цел систематско решавање на проблемите на ромската заедница. |

Фискални импликации: Има: 7,500,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Извештај за реализација на проектите на невладините организација од Програмата за подобрување на меѓуетничките заедници за 2023 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Ја известуваме Владата за реализација на проектите финансирани од буџетот на Министерството и ефектите на истите за промоцијата на меѓуетничките односи. |

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: 1.1 и 1.3 Демократија и владеење на правото,
1.4 Човекови права и заштита на правата на немнозинските заедници I.Политички критериуми
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Подобрување на меѓуетничките односи.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за односи меѓу заедниците

Информација за имплементирани активности за решавање на проблемот со нерегистрирани лица во Матична книга на родени во Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во текот на 2018-2019 година, Владата на Република Северна Македонија започна кампања за регистрација на лица Роми без извод на родени или државјанство. Од спроведената кампања беа идентификувани вкупно 750 лица, иако според граѓанските организации бројот на нерегистрирани лица е многу поголем. Иако постои недостаток на податоци, причините за појава на лица без државјанство се поради распадот на поранешна СФРЈ каде голем дел од лицата не го пријавиле своето државјанство во Република Северна Македонија и овој проблем го пренеле на своите деца. Дополнителна причина за лица без државјанството е и незапишувањето на децата во матичната книга на родените. Пречките за регистрација на раѓање и нерегулираниот граѓански статус лежат во неможноста да се собираат сите потребни документи поради комплексната администрација, дискриминаторскиот однос, сиромаштијата и маргинализацијата. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување
Поглавје 23 Фундаментални права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Да се сведе на минимум или да нема воопшто граѓани кои не се евидентирани во Матичната книга за евиденција во Република Северна Македонија. Да може секој граѓанин да си извади свои лични потребни документи за идентификација. |

Фискални импликации: Има: 588,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Иницијатива со среден приоритет

Приоритет:
Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото

Информација за донесување на Национална стратегија за превенција и заштита од родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство 2026 – 2033 година

Образложение: Согласно член 13 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Владата на Република Северна Македонија, донесува Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жени и семејно насилство.

НПАА-поглавје: Поглавје 19 Социјална политика и вработување
под поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности
Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права
Под поглавја
23. 7 Недискриминација
23. 13 Еднаквост меѓу жени и мажи
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Превенција и заштита на родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство преку вклучување на принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги во предлозите на законите и другите прописи, организирање и финансирање на национални кампањи за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство и друго.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

## Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот јули-септември 2025 година

Образложение: Целта на оваа иницијатива е квартално да се информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.23: Правосудство и темелни права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Северна Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого

Предлог - програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2026 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со оваа Програма се обезбедува транспарентност во финансирање на изградба доградба и опремување на објекти за детска заштита од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Програмата се носи од страна на Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерството, а врз основа на однапред утврдена Методологија и критериуми за рангирање на општините, кои поднеле апликации за добивање на финансиски средства од министерството. |

НПАА-поглавје: Поглавје: 3.23: Правосудство и темелни права Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување, 3.23.3 Темелни права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на опфатот на децата од предучилишна возраст во Република Северна Македонија, создавање услови за згрижување на децата од предучилишна возраст и во општините кои немаат детски градинки/центри за ран детски развој преку изградба, доградба, адаптација и опремување на нови објекти. |

Фискални импликации: Има: 180,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Предлог - програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна инвалидност, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2026

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со оваа Програма се овозможува полесен пристап до автомобил на корисниците, а со тоа и нивна полесна мобилност и социјална вклученост во заедницата. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.19.6 Социјална заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Се проценува дека со Програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна инвалидност, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2026 година, ќе бидат опфатени 50 лица со попреченост. |

Фискални импликации: Има: 6,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

**Предлог - акциски план 2026 -2027 за спроведување на Национална Стратегија за млади 2023 - 2027**

Образложение: Тековниот Акциски план за имплементација на Национална стратегија за млади 2023 - 2025, истекува на крајот на 2025 година. Од тие причини неопходно е да се подготви нов Акциски план за наредниот период, т.е. за периодот од 2026 до 2027 година.Со Акцискиот план ќе бидат утврдени конкретните активности кои се планира да бидат реализирани во текот на наредните две години, во функција на имплементацијата на утврдените стратешки приоритети со Националната стратегија за млади. Акцискиот план, за утврдените мерки и активности, ќе содржи и рокови за реализација, одговорни институции, планирана буџетска поддршка итн.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Млади
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Акцискиот план за имплементацијата на Националната Стратегијата за млади 2023 - 2027, ќе обезбеди континуитет во стратешкиот пристап кон унапредувањето положбата на младите и обезбедување на поквалитетен живот. Истовремено, со процесот на подготовка на овој документ ќе се продолжи воспоставената координирана соработка и консултации со сите релевантни субјекти.

Фискални импликации: Има: 300,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

**Предлог - програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2026 година**

Образложение: Со оваа Програма се уредува финансирањето за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2026 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.19.6 Социјална заштита

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица се обезбедуваат средства за подобрување на условите за давање на социјални услуги во заедницата и вон-семејна заштита, во согласност со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија. |

Фискални импликации: Има: 120,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Предлог - програма за остварување на социјалната заштита за 2026 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Програмата за социјалната заштита се подобрува остварувањето на правата, услугите и мерките за потребите на граѓаните. Со Програмата за социјална заштита поблиску се уредуваат подрачјата на социјална работа, потребите на населението, социјалната превенција и начинот на остварување на паричните права и услугите од социјална заштита. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.19.6 Социјална заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Програмата преставува сет на планирани активности во доменот на социјалната политика, за редовно и ефикасно остварување на правата од социјалната заштита, социјалната инклузија, семејно-правната заштита и други законски надлежности на институциите во овој домен. |

Фискални импликации: Има: 10,900,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

**Предлог - програма за конкурентност на преработувачка индустрија и општествена одговорност за 2026 година**

Образложение: Програма за конкурентност на преработувачка индустрија и општествена одговорност за 2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика и Поглавје 25 - истражување и развој
НПАА-подрачје: Подрачје 2 - Инструменти
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Реализација на мерките и активностите кои произлегуваат од програмата за конкурентност на преработувачка идустрија.

Фискални импликации: Има: 113,450,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

Предлагач: Министерство за економија и труд

**Информација за спроведување на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2025-2030**

Образложение: Оваа Информација се изготвува со цел да ја информираме Владата на Република Северна Македонија за спроведувањето на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2025 - 2030. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година Реформа 4.1.3.

НПАА-поглавје: Поглавје 20: Претпријатија и Индустриска политика: Имплементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Нема

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за економија и труд

Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (Четврт квартал)

Образложение: Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија.

НПАА-поглавје: 3.29 Царинска унија
НПАА-подрачје: 3.29 Царинска унија
НПАА-подрачје: 3.29.1 Законодавство од областа на царина
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

Информација со предлог решенија за реформа во делот на бенефицираниот стаж

Образложение: Потреба од ревидирање на листата на работни места со стаж на осигурување со зголемено траење (бенефициран стаж).

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19: Социјална политика и вработување
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.19.6 Социјална заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: -дефинирање на критериуми кои работни места се опасни и штетни по здравјето на работникот - дефинирање на нов концепт на предвремено пензионирање за работници кои работат на работни места кои се опасни и штетни по здравјето -креирање регистар на специфичните професии, работни места опасни и штетни по здравјето

Фискални импликации: Има: 30,000,000 ден
Светска Банка

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Предлог - програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2026 година

Образложение: Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува секоја година со Програма која согласно со Законот за заштита на децата, ја носи Владата на Република Северна Македонија. Програмата е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Остварувањето на програмата ќе биде во согласност со утврдената програма со Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, како и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во делот на надоместоците за заштита на децата.

НПАА-поглавје: поглавје: 23 Правосудство и фундаментални права Поглавје 3.26: Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Дејноста заштита на децата е од јавен интерес и ќе се остварува преку вклучување на поголем број на деца од популацијата деца од 0 до 6 години живот со проширување на постоечките капацитети, реконструкција и адаптација на јавни детски градинки како и на други објекти и просторни услови. Доближување на детските градинки и центри за ран детски развој до поголем број на население со посебен акцент на руралните средини, а со тоа ќе се создадат услови и за нови вработувања

Фискални импликации: Има: 3,547,667,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Предлог - програма за интеграција на лица на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2026 година

Образложение: Оваа Програма се носи согласно Законот за меѓународна и привремена заштита. Со оваа Програма се ќе се обезбеди парична помош потребна за: обезбедување на простории за сместување,

закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и комунални трошоци, што во голема мера ќе го олесни процесот на интеграција на семејствата до период на нивно осамостојување и целосна независност од системот на социјална заштита. Воедно, согласно Одлука на Владата на Република Северна Македонија, каде на лицата од Украина име се доделува привремена заштита во државата, во насока на пристап до одредени права од социјална заштита, истите ќе биде потребно да се покриваат во рамки на оваа Програма.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.24: ПРАВДА СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: 3.24.2 АЗИЛ
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Програмата ќе овозможи понатамошна инклузија на лицата во општеството и нивно полесно вклучување во местата на живеење. Со оваа Програма мерката за обезбедување на парична помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци за лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2026 година. |

Фискални импликации: Има: 55,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

### Предлог – годишен план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2026 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно одредбите од членот 20 став 2 од Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр.157/10, 53/11,1/12,164/13,187/13,43/14, 2/15, 84/15, 23/15 (пречистен текст), 129/15, 213/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.209/23 година), се изготвува и најдоцна до 31 декември во тековната година,до Владата на Република Северна Македонија се доставува Годишен план за работа на Агенцијата на одобрување. Во функција на законските обврски и политиките на Владата,врз основа на член 36 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија,а во врска со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на |

Владата на Република Македонија и Упаството за начинот и постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесто на подготвување на стратешкиот план и Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство подготвува Годишен план за работа за 2026 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.12: Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Владата на Република Северна Македонија да се запознае со годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2026 година. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Агенција за храна и ветеринарство |

Унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност

Информација за учество на персонал од Армијата во рамките на HELBROC BG борбена група предводена од Република Грција со период на борбена готовност од 12 месеци во 2026 година

Образложение: Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија во процесот на апроксимација кон ЕУ и придонес во Заедничката надворешна безбедносна и одбранбена политика (ЗНБП) и Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) преку учество во борбената група на ЕУ HELBROC предводена од Република Грција, а во која со свои вооружени сили учествуваат: Република Бугарија, Република Романија, република Кипар, Република Србија, Украина и Република Северна Македонија. Република Северна Македонија учествува со персонал во состав: еден штабен подофицер во С-3, еден заменик командир на чета и еден лесен пешадиски вод од 32 лица. Вкупно учество со 34 лица.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.31 - Заедничка, надворешна и безбедносна политика

НПАА-подрачје:  Заедничка надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) на ЕУ
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:  /
ЕПП:  /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Учеството на Армијата на Република Северна Македонија во рамките на EUBG HELBROC е од големо значење поради афирмација на Армијата, стекнување нови искуства, придонес кон безбедносната состојба на глобално ниво и зголемување на поддршката на Република Северна Македонија за интеграција во ЕУ. Придонесот на Република Северна Македонија во Зедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) како дел од Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП и е показател на подготвеност на земјата за активен придонес во меѓународните операции како дел од ЗБОП. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за одбрана

Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија

**Информација за работата на Националното координативно тело за следење на реализираните активности во рамки на имплементирањето на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија и Иницијативата за Интеграција на Ромите 2020**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Националното координативно тело (НКТ) е работна група за планирање, координација и следење на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 на Република Северна Македонија. Работата на ова тело е во насока на унапредување на координацијата, следење на работата на ресорните министерства и релевантни институции и меѓусебна соработка со невладиниот сектор за спроведување на стратешките документи за социјална инклузија на Ромите. |

НПАА-поглавје:  Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување
Поглавје 23   Фундаментални права
НПАА-подрачје:  /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:  /
ЕПП:  /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставен систем на координација за постигнување на поефикасна размена на информации, следење на постигнатите стратешки активности и резултати согласно Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија и Иницијативата за Интеграција на Ромите 2020. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за социјална политика, демографија и млади |

Информација за статусот на имплементација на ИПА 2 како и преглед за проценка на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2025 година

Образложение: Националниот координатор за авторизација известува за финансиската имплементација на ИПА 2 програмите и за потенцијалното губење на средства согласно соодветна финансиска спогодба која е потпишана за секоја ИПА програма.

НПАА-поглавје: Поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти
Поглавје 32 –Финансиска контрола
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување на функционирањето на системите за управување и контрола на претпристапната помош на ЕУ во Република Северна Македонија и усогласеноста со соодветните правила на ЕУ и националните правила, за да се обезбеди законитост и регуларност на трансакциите и заштита на финансиските интереси на Унијата и националните интереси. |

Фискални импликации: Има: 1,454,000,000 ден
Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за финансии |

**Информација за потпишување на Договор за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Северна Македонија и Директоратот за радијациона и нуклеарна сигурност и безбедност на Република Србија за соработка на полето на радијационата заштита**

Образложение: Иницијативата за потпишување на Договорот е започната кон крајот на 2019 година и се очекуваше да се заврши на почетокот на 2020 година, но поради Пандемијата КОВИД-19 се одложи до крајот на 2021 година. Во однос на конечниот текст на Договорот, со мислење од страна на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија е побарано внесување на дополнителен член (чл.5 став 2) за кој од страна на регулаторното тело на Србија, Дирекцијата нема добиено согласност за внесување на истиот во текстот на Договорот. Доколку не се добие согласноста би се довело во прашање склучувањето на Договорот. За време на одржувањето на 67та Генерална конференција на МААЕ во септември 2023 година се продолжија разговорите помеѓу претставници од двете регулаторни тела и се изрази решеност за поголеми напори за разрешување на новонастаната состојба, како и подготвеноста од страна на двете институции за продолжување на оваа активност со конечна цел за потпишување на Договорот за разбирање во наредната година и со тоа зајакнување на соработката помеѓу двете регулаторни тела..

НПАА-поглавје: Поглавје 3.22: Регионална политика и координација на структурни инструменти, 3.15 Енергетика
НПАА-подрачје: 3.15.7 Нуклеарна сигурност и радијациона заштита
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со потпишување на Договорот за разбирање ќе се придонесе во зајакнувањето на регионалната соработка во областа на радијационата и нуклеарната сигурност и безбедност помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, а со тоа и размената на технички информации и искуства помеѓу двете регулаторна тела.

Фискални импликации: /

Предлагач: Дирекција за радијациона сигурност

**Информација за одржани преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Украина**

Образложение: Република Северна Македонија ја прифати иницијативата од Украина за меѓусебно регулирање на односите во областа на социјално осигурување преку склучување на билатерален договор.

НПАА-поглавје: 3.02.3 Координација на системи за социјално осигурување
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со склучувањето на билатерален договор за социјално осигурување со Украина ќе се овозможува остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат (или работеле) во Украина.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за социјална политика, демографија и млади

**Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јули – 31 декември 2025 година**

Образложение: Информацијата има за цел запознавање на членовите на Владата со актуелните состојби и активности на Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија и преземените обврски и активности од страна на државата за усогласување со Заедничката надворешна и безбедносна политика.

НПАА-поглавје: 31 – Надворешна, безбедносна и одбранбена политика
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Редовното следење на овие состојби овозможува активно позиционирање на дипломатските активности и националните политики на земјата.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Информација за воспоставување на рамка за дигитални компетенции

Образложение: Отсуството и/или недоволната дигитална писменост како и ниската примена на дигиталните вештини има силна негативна општествена рефлексија и резултира во недоволно искористување на севкупниот граѓански потенцијал. Република Северна Македонија се соочува со бројни предизвици кои ги наметнува потребата од следење на/усогласување со/учество во модерните општесвени текови, дигитално поврзување во општеството, зајакнување на конкурентноста и овозможување на технолошки олеснет и оптимизиран секојдневен живот на граѓаните и бизнисите. Исто така, недостигот на дигитални вештини на административните службеници може да ја попречи ефективната и кохерентна имплементација на политиките на дигиталната влада.

НПАА-поглавје: Поглавје 10. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ
НПАА-подрачје: Подрачје 10.2. Услуги на информатичкото општество
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Рамката за дигитални компетенции се обезбедува основа на унапредување на политиките за дигитални вештини и целисходно искористување на можностите кои ги нудат информациските и комуникациските технологии, развој на наставни програми согласно детектираните потреби и оценување на дигиталните вештини; стандрардизација на квалитет . Како и во државите на ЕУ, оваа алатка цели да биде поддршка на креаторите на политиките за заедничко рабирање/ идентификување на клучните области за дигитална компетентност, што ќе се користи како основа за планирање и развој на специфични програми, планови за обука, тренинг курикулуми, како и други сродни иницијатви со цел да се унапреди дигиталната компетентност на граѓаните. Воедно рамката ќе претставува основ за стандардизација и развивање заеднички јазик за вештини за дигиталната влада и зајакнување на меѓуинституиционалнтата координација, соработка и учинок на национално ниво.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

Предлог - одлука за давање согласност на Годишна програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2026 година

Образложение: Обврската за доставување на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на

недвижности за 2026, со Предлог - одлука произлегува од член 4 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19 и 155/24), според кој Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности ја донесува Агенцијата за катастар на недвижности, на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија

НПАА-поглавје: /
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | 1. Навремени и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата; 2. Ефикасно одржување на катастарот на недвижности и на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности; 3. Ажурни, усогласени и унифицирани податоци во катастар на недвижности; 4. Усогласување на геодетска референтна инфраструктура во Република Северна Македонија со современи европски стандарди со референтни системи; 5. Изработени нови картографски производи и ставена во примена нова државна картографска проекција; 6. Одржување на Графичкиот регистар на улици и куќни броеви, обука на општините за валидација на податоците за адреси и куќни броеви, едукација на општините за валидација на адресните податоци; 7. Одржување на Регистар на преземен недвижен имот наменет за продажба; 8. Одржување на единствена евиденција врз основа на единствен идентификациски број (ЕИБ) и 9. Координација и едукација на НИПП субјектите и одржување на националниот НИПП Геопортал. |

Фискални импликации: Има: 923,850,000 ден
Други извори
Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Агенција за катастар на недвижности |

Информација за воспоставување на нови ЕТУ центри

Образложение: Во рамки на заложбата на Владата на Република Северна Македонија за градење сервисен систем на јавни услуги и ефикасна јавна администрација, со цел граѓаните да добијат подобри и поефикасни услуги, се реализира иницијативата за воспоставување на нови ЕТУ центри, односно се опремуваат деловни простории - Центри за услуги, именувани како „Една точка за услуги“.

НПАА-поглавје: 1.2 Реформа на јавната администрација
НПАА-подрачје: НПАА-подрачје: Испорака на услуги
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со воспоставувањето и опремувањето на деловни простории - Центри за услуги, именувани како „Една точка за услуги“ќе се овозможи граѓаните на едно место да добијат информации и услуги од различни државни и јавни институции по принципот на „едно шалтерски систем“. Или, во ЕТУ Центрите, граѓаните на еден шалтер може да добијат услуги и информации кои се обезбедуваат од различни државни и јавни институции

Фискални импликации: Има: 615,000 ден
Други извори

Предлагач: Министерство за дигитална трансформација

## Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

Извештај за Надзор на општините во Република Северна Македонија заради утврдување на степенот на спроведување на законите од областа на животната средина на локално ниво во 2025 година

Образложение: Законите од областа на животната средина предвидуваат следење на степенот на спроведување на истите на локално ниво од страна на органот на државна управа од областа на животната средина. Тргнувајќи од оваа надлежност, Министертсвото за животна средина секоја година врши надзор над одреден број на општини и го следи спроведувањето на законите од областа на животната средина а истовремено и врши укажувања и дава насоки за нивно правилно, законито и целосно спроведување. Оваа иницијатива има за цел да се информира ВРСМ за степенот на спроведување на законите од областа на животната средина на локално ниво во текот на 2025 година.

НПАА-поглавје: Поглавје 3.27 Животна средина и климатски промени
3.27.1 Хоризонтално законодавство
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Приказ на степенот на спроведување на законите од областа на животната средина на локално ниво во текот на 2025 година. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## Извештај за Изречени глоби во постапки пред Прекршочна комисија и Комисија за спогодување при Министерство за животна средина и просторно планирање во 2025 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во Министерство за животна средина и просторно планирање функционираат Комисија за прекршоци и Комисија за спогодување пред кои се водат постапки по барања за поведување на прекршочна постапка и постапка за спогодување од страна на државни и овластени инспектори за животна средина и комунални инспектори. Барањата се однесуваат на прекршување на законите од областа на животната средина. Постапките за прекршоците предвидени во законите од областа на животната средина кои се сторени од страна на физички лица се водат пред Комисијата за прекршоци а прекршоците од законите за животна средина кои се одредени од втора и трета категорија сторени од страна на физички и правни лица се водат пред Комисија за спогодување. Прекршочната комисија и Комисијата за спогодување изрекува глоба која е приход на буџетот на Република Северна Македонија а изречената глоба од Законот за управување со отпадот и Законот за заштита од бучавата во животната средина кои се поведени од овластени инспектори за животна средина се приход на Општините. Оваа иницијатива има за цел да се информира ВРСМ колку постапки се воделе и колку глоба е изречена за прекршување на законите од областа на животната средина на годишно ниво |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.27 Животна средина и климатски промени
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Придонес кон зајакнување на казнената политика во Република Северна Македонија |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности

### Информација за стимулирање и унапредување на музејска и нематеријално културно наследство и библиотечна дејност во националните и локалните установи во Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| Образложение: | - Подигнување на свеста , квалитетот , развојот и унапредувањето на културата - Унапредување за поголема потреба за одржување на Заштита на нематеријално културно наследство како и поголема достапност во Националните и локалните музеи и библиотеки во Република Северна Македонија. |

НПАА-поглавје: 3.26 - Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: 3.26.2 Култура
Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Одржување на мотивирана и ефикасна структура за преговори и спроведување на меѓународни проекти со европски фондови. |

Фискални импликации: /

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Министерство за култура и туризам |

| Информација за реализираните активности во рамки на имплементирањето на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија и Интеграција на Роми фаза 3 за периодот јули - декември 2025 | |
|---|---|
| Образложение: | Република Северна Македонија е членка на Меѓународната иницијатива Интеграција на Ромите 2020 во чии рамки ја има и обврската за доставување на редовни извештаи за имплементација на целите од приоритетните области (вработување, образование, здравство и домување) од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030. Во истите ќе се прикаже нивото на имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија. |

НПАА-поглавје: Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување
Поглавје 23 Фундаментални права
НПАА-подрачје: /
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| Очекувани влијанија: | Подобрување на информираноста за реализираните активности во рамки на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 -2030 во Република Северна Македонија како и разгледување на можностите за подобрување и унапредување на состојбата на Ромите на ниво на носење на одлуки и политики од страна на претставниците на Владата на Република Северна Македонија. |
|---|---|

Фискални импликации: /

| Предлагач: | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
|---|---|

| Информација за стимулирање на домашното уметничко творештво | |
|---|---|
| Образложение: | Стимулирањето на домашното уметничко творештво е еден од врвните приоритети на Министерството за култура и туризам, преку континуирано спроведува конкурси за откуп на дела од домашни автори и уметници во дејностите од областа на културата. Средствата се планирани во годишниот програмски буџет на Министерството за култура и туризам. |

НПАА-поглавје: 3.26 - Образование, култура и млади
НПАА-подрачје: 3.26.2 Култура
ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /
ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со откупите се придонесува за збогатување на фондот на национални дела, а од друга страна, пошироката публика има можност да се запознае со актуелниот македонски творечки опус. |

Фискални импликации: /
Предлагач: Министерство за култура и туризам

III. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 50-687/4
21 јануари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Изет Мексина

Љупчо Димовски